УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И МЕНАЏИРАЊЕ КОНФЛИКТИ

# ВЕРСКИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ КАКО ЗАКАНА ПО РЕГИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ КАЈ ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

Студент:

М-р Драган Костовски

Број на индекс: 97/18

Ментор:

Проф. д-р Далибор Јовановски

Скопје, 2026

**1.Вовед**

**2. Формулирање на истражувачкиот проблем** ................................................13

**3. Предмет на истражување**....... ..................................................................16

**4. Цели и задачи на истражувањето**. ...............................................................17

**5. Хипотези**.......................................................................................................18

**6. Варијабли**......................................................................................................20

**7. Индикатори**...................................................................................................21

**8. Методи и техники на истражувањето**...........................................................22

**9. Содржина на докторскиот труд** ..................................................................22

**10. Општествена и научна оправданост**..........................................................23

**11. План за работа** ...........................................................................................24

**12. Верскиот екстремизам**.................................................................................24

**13. Оглед на верскиот екстремизам** ................................................................30

**14. Цврст исламизам**………………………………………………………………40

*14.1. Историска парадигма на босанскиот мултикултурализам*.................42

*14.2. Огледи на верскиот екстремизам во Босна и Херцеговина*.................47

*14.3. Верскиот екстремизам во Албанија – Итни потреби и спонтан одговор на неочекуваните предизвици*..............................................................58

**15. Појава на религиска радикализација**..........................................................64

*15.1. Водечки фактори за радикализација и клучни двигатели на појавата на насилниот екстремизам*.......................................................................68

**16. Социо-економски профил на двигателите на насилниот екстремизам во регионот на државите од Западен Балкан**......................................................72

*16.1. Групна динамика*.........................................................................................76

*16.2. Социјална дискриминација* .........................................................................80

*16.3. Очекувања на фрустрираност и релативната депривација*................84

*16.4. Незадоволени социјални и општествени потреби*...............................89

*16.5. Алчноста или ширењето нелегални економски активности*..............93

**17. Политички фактори**..........................................................................................97

*17.1. Негирање на политичките права и граѓанските слободи*……….......100

*17.2. Остра репресија од владата и груби повреди на човековите права*.......................................................................................................103

*17.3. Странска окупација и политичко или воено посегнување*.................109

*17.4. Латентна корупција и селективност кон добро вмрежени групи*.....113

*17.5. Запоставени региони*..........................................................................117

*17.6. Заплашување од страна на групите на насилниот екстремиза*......121

*17.7. Културолошки фактори кон појавата на верскиот екстремизам*....127

*17.7.1. Исламот под опсада како фактор*...................................................128

*17.7.2. Пошироки културни закани Пошироки културни закани*................128

*17.7.3. Проактивни верски агенди*..............................................................128

*17.7.4. Посебно за исламот под опсада како фактор за појавата на верскиот екстремизам*........................................................................129

*17.7.5. Културолошки предизвици во регионален контекст*.....................133

*17.7.6. Религиозни агенди со проактивна компонента*……….........……...135

**18. Потенцијални фактори за насилниот екстремизам карактеристични за регионот на земјите од Западен Балкан**.........................................................138

*18.1. Толерантност кон илегалните верски институции*.........................140

*18.2. Спорна управа во верските институции на централно ниво*…......143

*18.3. Влијанието на локалното свештенство*...........................................145

*18.4. Степен на подготвеност на локалното свештенство*....................149

**19. Иницијација на верскиот екстремизам**.....................................................151

*19.1. Социо-економски фактори во поглед на иницијација на насилниот екстремизам*..........................................................................................154

*19.2. Политички контексти*.............................................................................155

*19.3. Културолошки елементи*........................................................................156

*19.4. Дадени согласности како фактор*..........................................................157

**20. Практична употреба на анализата и нужност од идна вклученост на истражувачкото тело во материјата**..............................................................159

*20.1. Системот на државната управа*..............................................................159

*20.2. Верското тело*.........................................................................................162

*20.3. Граѓанскиот фактор*...............................................................................163

**Литература**.........................................................................................................165

## 1. Вовед

Смирувањето на тензиите помеѓу Советскиот Сојуз и сојузниците кои заедно го сочинуваа Источниот блок, и САД со своите сојузници кои го сочинуваа Западниот блок, Европа се соочи со нови безбедносни закани и предизвици различни од оние кои беа актуелни во ерата на биполаризмот. Беснилото на граѓанската војна и политичката нестабилност во земјите од Западен Балкан[1] (ЗБ), на Ал Каеда и останатите милитантно исламистички организации, им овозможија да се инфилтрираат во дел од земјите на Балканскиот Полуостров. Засилениот ангажман на меѓународната заедница во разврската на граѓанската војна во поранешна Југославија и можноста на новите држави за интегрирање во колективните системи за безбедност, резултираа со прекин на насилствата и делумна стабилизација на безбедносно-политичката состојба во ЗБ.

Терористичките напади против САД на 11 септември, беа своевидна најава дека глобалниот тероризам претставува сериозна закана за загрозување на стабилноста на ЗБ. Пристапувањето на земјите на ЗБ во Глобалната коалиција за борба против тероризмот предводена од САД, како и делумното прекинување на финансиските фондови (особено од Саудиска Арабија) за ширењето на идеологијата на милитантниот исламизам на Балканскиот Полуостров, имаа позитивно влијание врз политичко-регионалната стабилност. Врз основа на тие фактори, споредбено со Блискиот Исток, Западна Европа и Северна Африка, меѓународната заедница воопшто не го перципираше регионот на ЗБ како клучен регион за позиционирање и ширење на милитантниот исламизам.

Сепак, Арапската пролет и настаните коишто следуваа, докажаа дека ЗБ повеќе не претставува само транзитен регион или дестинација за одмор и рехабилитација на милитантните исламисти кои учествувале во конфликтите во: Ирак, Авганистан, Чеченија, Либија и Сирија. Како регион кој се одликува со слаба

[1] Институциите на ЕУ и нејзините земји-членки, Југоисточниит регион на Европа во кој влегуваат земјите кои не се рамноправни членки на ЕУ: Македонија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина), го дефинираат како „Западен Балкан“.

гранична контрола, изобилство од нелегално и евтино оружје, организирани криминални групии, и во кој радикализацијата на муслиманската заедница зема сѐ поголем замав, кон крајот на првата и почетокот на втората деценија од 21 век, регионот на ЗБ стана база за регрутирање на потенцијали активисти во верскиот екстремизам и притоа ширење на екстремизмот во Централна и Западна Европа. Според тоа, верскиот екстремизам прерасна во сериозна безбедносна закана, не само за земјите од ЗБ, туку и за мирот и безбедноста на Европскиот континент.

Како закана за регионалната безбедност на ЗБ, верскиот екстремизам претставува тема која на национално и регионално ниво не е целосно истражена. Како глобална закана за меѓународниот мир и безбедност, темата е опфатена во делото на Јусеф Х. Абул-Енаин *Милитантно исламистичка идеологија: Сфаќање на глобалната закана*, [2] додека, како закана за регионалната безбедност во делото на Кристофер Делисо, *Идниот балкански калифат: Заканата од радикалниот ислам во Европа и Западот*. [3] Заклучоците на наведените дела укажуваат на фактот дека ширењето на верскиот екстремизам претставува сериозна закана за глобалниот мир и безбедност која изискува сериозен пристап од страна на државните раководства. Меѓу другото, реисламизацијата на муслиманската популација е нагласена како еден од клучните фактори за нејзина радикализација и регрутација од страна на милитантните исламистички структури. Создавањето на услови за воспоставување на глобалниот калифат, чиј нераскинлив дел е просторот на ЗБ, претставува главниот фокус на наведените дела.

Според авторите на двете посочени дела, решението на проблемот е можен единствено преку конструктивен и сеопфатен пристап кој го нуди теоретската рамка на регионалната безбедност, со акцент на откривање на центарот на

---

[2] За ова прашање види ја книгата: Youssef H. Aboul-Enien, *Militant Islamist Ideology: Understanding the Global Threat*, Annapolis, Maryland, Naval Institute Press, 2010.

[3] За ова прашање види ја книгата: Christopher Deliso, *The Coming Balkan Caliphate: The Threat of Radical Islam to Europe and the West*, Westport, Connecticut, Preaeger Security International, 2007.

гравитација на милитантниот исламизам. Во тој контекст, националните влади на земјите од ЗБ мора прецизно да ги разграничат поимите: ислам, исламизам и милитантен исламизам, и енергично да ѝ се спротивставаат на идеологијата на милитантниот исламизам.

Во наведените дела, кои претставуваат основниот репер за предметното истражување, не е целосно опфатена генезата на милитантниот исламизам, причините за засилениот процес на реисламизација, делувањето на милитантните исламистички организации, како и конкретните последици по регионалната безбедност на ЗБ. Надополнувањето на наведените недостатоци и можноста од нивно имплементирање во системите за национална безбедност на земјите од  ЗБ, претставува единствениот мотив кој ме поттикна да пристапам кон планирање и реализирање на ова научно истражување од кое ќе произлезе научен труд соодветен на предложениот наслов.

За ова истражување ќе се користат следните клучни поими:

*Ислам* – монотеистичка религија прогласена од страна на пророкот Мухамед во 7. век од новата ера. Терминот ислам, кој на арапски значи потчинување, предавање или покорување, ја нагласува фундаменталната идеја на исламот, дека верникот (наречен муслиман) прифаќа да се оддаде на волјата на Бога (Алах). За припадниците на исламот, Алах претставува единствениот Бог – творец, одржувач и обновувач на светот. Денес во светот живеат повеќе од 1.5 милијарди муслимани, поделени во повеќе религиски групи, започнувајќи од главните секти предводени од: Шиитите, Сунитите и Суфите, како и бројните доктринирани секти кои произлегуваат од нив.

*Исламизам* – политичка идеологија која се стреми кон создавање на држава и општество врз основа на религијата и шеријатскиот закон. Меѓутоа, исламизмот не претставува хомогена и монолитна форма. Напротив, исламизмот се состои од повеќе правци кои се разликуваат во однос на целта и средствата за неговото остварување. Мал број на исламисти го поддржуваат насилството како средство

за остварување на целта. Најголемиот дел од нив се фокусирани на промовирање на глобалната *Дава* (Da'wa)[4] чија цел претставува заштитата на муслиманскиот идентитет и вера од влијанието на неверниците. Третата форма на исламизам се фокусира на остварување на целта преку политички активности во структурата на воспоставениот политички систем на државите во кои исламистите делуваат.

*Исламист* – поединец кој го поддржува исламизмот, односно поединец кој ги користи религиските аргументи во функција на остварување на одредена политичка цел.

*Милитантен исламизам* – термин што се однесува на група или поединци кои користат насилство во функција на остварување на политичките цели инспирирани од исламистичката идеологија. Милитантниот исламизам повикува на најстрого толкување на Куранот, делата и учењето на пророкот Мухамед. Таквото строго толкување на исламот, е подеднакво спротивно како на верувањето на муслиманите, така и на немуслиманите. Милитантните исламисти се против: Западните демократии, Блискоисточните влади и институции и исламистичките политички партии кои во изборните процеси во земјите во кои се активни, учествуваат без употреба на насилство. И покрај тоа што милитантните исламисти се залагаат за формирање на исламска држава, сепак тие се карактеризираат со недостаток на социо-економска агенда и нагласена употреба на сила против останатите муслимани и немуслимани.

*Насилен екстремизам* – Насилниот екстремизам е верување и дејствија на луѓе кои поддржуваат или користат насилство за да постигнат: идеолошки, религиозни или политички цели. Ова вклучува тероризам и други форми на политички мотивирано и комунално насилство. Кога верувањата на една личност се менуваат од релативно конвенционални, во радикални и таа сака драстична

[4] Терминот Da'wa, во превод од арапски јазик значи „повик", и се однесува на активностите и напорите на муслиманите за пропагирање и зајакнување на Исламот како глобална религија.

промена во општеството, ова е познато како *радикализација*. Ова не е нужно лошо и не значи дека овие луѓе ќе станат насилни. Меѓутоа, ако некое лице или група одлучи дека: стравот, теророт и насилството се оправдани за да се постигнат идеолошки, политички или социјални промени, а потоа дејствува соодветно, ова е *насилен екстремизам*.

Постојат многу различни видови на насилен екстремизам. Мотивациите се различни и многу од нив обично се однесуваат на одредени идеологии (на пример, толкувања на политички движења или религиозни верувања), прашања како што се еколошки или економски проблеми или етнички или сепаратистички причини. Исто така, луѓето можат да бидат мотивирани од повеќе од едно прашање. Сите форми на насилен екстремизам бараат промена преку страв и заплашување, а не преку мирни средства.

Мотивацијата за насилен екстремизам во Австралија е често политичка. Ова вклучува десничарски или националистички екстремизам кој има за цел да ја зачува перципираната мнозинска култура (обично бела/англосаксонска култура/раса) на сметка на другите култури. Овие идеологии го оправдуваат насилството врз основа на патриотизам или верување за супериорност во однос на другите култури и раси. Во Австралија има мал број екстремни националистички групи, од кои некои промовираат верувања на белата супремација. Тие понекогаш се нарекуваат групи на омраза заради нивната расистичка и дехуманизирачка пропаганда, која промовира антиимиграциски (на пр. *задржи ја Австралија бела*), антисемитски или антиисламски верувања. Иако нивните ставови се навредливи за многумина, нивните зборови и постапки не се нужно незаконски. Сепак, користењето или застапувањето на насилство за промовирање на овие или други верувања секогаш е незаконско.

Идеолошкиот насилен екстремизам може да биде мотивиран и од религиозни верувања. Во овој случај, основната мотивација, исто така, генерално е политичка, но се оправдува со користење на толкувања на традиционални религиозни текстови и учења или со следење на упатства од влијателни луѓе тука

и во странство. Во светот постојат примери кога акти на насилство се извршени во име на многу различни религии. Тие често биле планирани од мали групи или поединци инспирирани од странски организации, како што се Ал-Каеда и ИСИЛ. Еден малку подалечен пример што го сведочи ефектот на глокализацијата, имено за даден поединец мотивиран на насилно дејство од толкување на религиозни верувања, е христијанскиот фундаменталист и антиаборционист Питер Џејмс Најт, кој уби едно лице во напад врз клиника за абортус во Мелбурн, во 2001 година.

Насилниот екстремизам посветен на одредено прашање или кауза, како што се ослободувањето на животните, еколошкиот активизам или антиконтролата на оружјето, е познат како *насилен екстремизам базиран на проблем*. Поддржувачите на овој вид насилен екстремизам можат да вклучуваат групи кои се: антивладини, антиглобалистички или антикапиталистички. Активизмот посветен на одредено прашање може да биде деструктивен, но често се користи едноставно за да се привлече вниманието кон некоја кауза преку мирни средства. Сепак: насилството, заканувачкото однесување и/или кривичната штета понекогаш се сторени од луѓе кои сакаат да ја однесат својата кауза чекор понатаму. Луѓето или групите кои користат или поддржуваат насилство за да ја промовираат својата кауза, загрижуваат и може да дејствуваат нелегално.

На пример, во 2009 година, група која наводно го претставува Фронтот за ослободување на Земјата лично доставила заканувачко писмо до директорот на голема интернационална компанија за електрична енергија, во кое се наведува дека нивниот имот нема да остане безбеден.

Дејствијата на групи или поединци вклучени во насилни политички или борби за независност врз основа на: раса, култура или етничка припадност, или во регионот или пошироко, често се опишуваат како етнонационалистички или сепаратистички насилен екстремизам. Пример за етнонационалистичка или сепаратистичка насилна екстремистичка група е ЕТА (Еускади Та Аскатасуна), баскиска сепаратистичка група која бара независност од Шпанија за баскискиот

народ. Земјите со обемно културно наследство и етнички разновидни заедници, честопати се директно погодени од меѓународни конфликти/граѓански војни. На пример, во 1980-тите и 1990-тите години, странците патувале во поранешна Југославија, а неодамна голем број жители од западниот свет нелегално учествувале во конфликти во: Авганистан, Сирија, Либан и Сомалија. Некои луѓе кои се обучувале или се бореле во странство, исто така, се обиделе да извршат акти на насилен екстремизам во својот хабитат откако се вратиле дома од конфликтните зони. Постојат примери каде поединци се уапсени за намерно собирање пари за да им помогнат на забранетите меѓународни терористички организации вклучени во етнички мотивирани конфликти. На пример, луѓе биле осудени за финансирање на тероризам преку собирање пари во Австралија за поддршка на Тамилските тигри од Шри Ланка. Иако ваквите конфликти можат да предизвикаат силни емоции во заедниците во Австралија, а многумина се чувствуваат должни да им помогнат на засегнатите, важно е да се биде свесен за законитоста на сите преземени мерки.

*Верски екстремизам* – подразбира било каква форма на вероисповед која се спротивставува на демократските вредности, како: владеењето на правото, индивидуалните слободи и заемната почит и толеранција кон културниот диверзитет, односно кон припадниците на различните вери и верувања. Верскиот екстремизам претставува комплексен феномен и често е присутен во притаена, повеќе затскриена форма, заради што не е едноставен за идентификување.

Едноставно, тој може да биде определен како активности (имено: верувања, ставови, чувства, активности, стратегии, и сл.), кои се во склоп на карактер чиешто практикување е далеку настрана од секојдневното, воопштено религиозно делување. Во конфликтна состојба, верскиот екстремизам се манифестира како различна форма која цели кон индуцирање на конфликтна ситуација. Меѓутоа, етикетирањето на: одредени активности, луѓе и групи како верски екстремизам, притоа определувајќи што е „нормално“ наспроти „екстремно“ во даден контекст, доста често е субјективна и политичка работа. Така, при лоцирањето на верскиот екстремизам, кога говориме за потенцијалните

тешкотии и проблематики, ние алудираме на моментот кога ист екстремистички акт ќе биде воспримен од една група како морал (на пример, просоцијалната „борба за слобода“), додека, пак, од друга група истиот тој акт ќе биде доживеан како неправда и неморал (антисоцијален „тероризам“) во зависност од контекстот на набљудувачот, односно склопот на: вредности, политики, моралната свест, како и природата на поврзаноста со конкретните актери.

Многу често верскиот екстремизам практикува насилни методи иако, притоа, екстремистите се разликуваат по видот на насилни и ненасилни тактики кои ги преферираат, по нивото на насилство и по видот на целите кои се предмет на нивните тактики, имено дали се тоа: инфраструктурни објекти, воен персонал, цивили или деца. Групите кои се со ниско. до средно ниво на моќ, најчесто целат кон директни, епизодни форми на насилство (како што се бомбашите самоубијци), при што постојат и доминантни групи кои стремат кон поврзаност со структурите на власт, односно со институционализирани форми на дејствување (како што е тоа затскриената употреба на тортура или, пак, неформалното санкционирање на полициската бруталност).[5]

*Регионална безбедност* – претставува теорија на меѓународните односи претставена од Бари Бузан (Barry Buzan) и Оле Вивер (Ole Weaver) и е понатаму развиена во нивниот заеднички труд изаден во 2003 година, *Regions and Powers: The Structure of International Security.*[6] Бузан и Вивер се познати како клучните фигури зад влијателната школа за безбедносни студии од Копенхаген, каде важен аспект претставува истражувањето на безбедноста како социјален конструкт.

Имено, регионалната безбедност се дефинира како посебни и стабилни форми на безбедносна интеракција помеѓу актерите. Моделите на регионална

---

[5] Peter D. Kolman, Andrea Bartoli. *Addressing Extremism,* P4.
https://www.tc.columbia.edu/i/a/document/9386_WhitePaper_2_Extremism_030809.pdf

[6] Gupta, M. (2010) *Indian Ocean Region: Maritime Regimes for Regional Cooperation,* London: Springer p52.

безбедност се разликуваат еден од друг преку степенот на интеракција. Нивото на интеракција кај сродните модели на регионална безбедност е значително повисоко во споредба со хетерогените модели.

## 2. Формулирање на истражувачкиот проблем

Пред падот на комунизмот во регионот на ЗБ, муслиманската популација на Балканот беше целосно изолирана од идеолошките превирања во остатокот од муслиманскиот свет. По пропаста на комунистичкиот режим, верскиот екстремизам како форма на колективно делување започна со инфилтрирање и ширење во различни делови од ЗБ, особено во земјите од поранешна Југославија. Муслиманите од Балканскиот Полуостров немале доволно време да стекнат неопходно искуство и знаење за да се справат со наездата од: идеи, идеологии, секти и други општествени феномени. Како резултат на таа изолација, муслиманската заедница во поранешна Југославија, особено во Босна, за време на граѓанската војна и по завршувањето на истата, не остана имуна на идеолошките интерпретации на исламот и не изгради цврст став во однос на плурализмот во исламскиот свет.

Помогнати од сојузниците од Блискиот Исток, милитантните исламисти во Босна организираа: регрутни центри, кампови за обука и изолирани територии во духот на традиционалниот исламски закон, шеријатот. Дел од нив учествуваа во голем број интернационални терористички акции кои го одбележаа крајот на стариот и почетокот на новиот милениум. Креаторот и директниот учесник во најмасовното убиство во историјата на САД, воедно и босански државјанин, Калид Шеик Мухамед (Khalid Sheikh Muhammed) е само дел од плејадата милитантни исламисти поврзани со Балканскиот Полуостров. Сериозноста на проблемот стана особено очигледна кога покојниот американски дипломат Ричард Холбрук (Richard Holbrooke) во 2008 година нагласи дека: „Доколку не

беше Дејтонскиот мировен договор, нападите на 9/11 најверојатно ќе биле планирани во Босна, а не во Авганистан.“[7]

Денес, процесот низ кој помина Босна во текот на граѓанската војна и поствоениот период, претставува заеднички проблем со кој се соочуваат сите земји од ЗБ. Во изминатите децении, милитантните исламистички структури во регионот на ЗБ создадоа софистицирана мрежа од: изолирани населби, прибежишта и џамии под контрола на радикалните исламисти. Во нив: ги промовираа херојствата на милитантните исламисти ширум светот, ги пренесуваа наредбите на лидерот на Ал Каеда и ги регрутираа младите муслимани да им се придружат и станат дел од глобалниот џихад.

До денес, чести се активностите како на интернационалните безбедносни служби, така и на националните безбедносни служби во откривањето и сузбивањето на исламистичките групи и активностите на верскиот екстремизам и оваа појава ја поставува на ниво на светска безбедносна закана. Имено, во тој контекст е и неодамнешната активност на командосите од руската ФСБ (Федерална служба за безбедност) кога елитни тимови за борба против тероризам, после континуирано набљудување и координација со останатите служби во доменот на државната и национална безбедност, спроведоа комплицирана и деликатна акција низ: Москва, Татарстан и Тименскиот регион во Сибир. Притоа интензивно ги апсеа членовите на Хизб ут-Тахрир, радикална исламистичка организација означена како терористичка во Руската Федерација, а која во конкретниот случај имала т.н. „емисарска“ улога со цел за спроведување на првиот сегмент од агендата на: индивидуализација, регрутација и радикализација, односно влијание и прибирање нови членови. Во својот

[7] Richard Holbrook, Lessons from Dayton for Iraq,” *The Washington Post*, 23 April 2008. 14.10.2014. < http://www.washingtonpost.com/wp-dyn/content/article/2008/04/22/AR2008042202522.html>

извештај, ФСР објаснува дека целта на ваквите активности од страна на верските екстремисти е организирано пенетрирање во Русија и бившите советски земји.[8]

Ваквите активности често индиректно влијаат врз социјалниот контекст. Имено, самата активност на маскирани припадници на службите предизвикува немир, иако многу често високата експертиза на припадниците на безбедносните служби успева да се справи со вакви закани и без употреба на огнено оружје, како примерот со акцијата на ФСБ.

Подемот на верскиот екстремизам, конкретно потрагата на младата муслиманска популација по новиот муслимански идентитет, придонесе исламските верски заедници во дел од земјите од ЗБ, полека, но сигурно да ја губат борбата за зачувување на сопствениот идентитет и заштита на муслиманите од верскиот и идеолошки егзибиционизам наметнат од исламизмот. Сѐ поголем е бројот на верските лидери индоктринирани во најекстремните форми на исламизам типични за земјите како: Саудиска Арабија, Египет и, од неодамна, Сирија.

Во тој контекст, загрозувањето на регионалната безбедност на ЗБ, би било последица на инертност на државните раководства од земјите во регионот во однос на агресивноста на методите за ширење и делување на милитантниот исламизам. Затоа, во духот на регионалната соработка и определбата за интегрирање во евроатлантските структури и доследно почитување на европските вредности, земјите од ЗБ немаат друга алтернатива освен да дефинираат адекватен и координиран пристап за справување со верскиот екстремизам како потенцијална закана за регионалната безбедност.

[8] Види: https://tass.com/emergencies/1091767

### 3. Предмет на истражувањето

Во последните неколку години, ЗБ прерасна во нов фронт на верскиот екстремизам. Во периодот од 2010 до 2013 година, балканските милитантни исламисти извршија серија терористички напади против: институциите на системот, дипломатско-конзуларни претставништва, критичната инфраструктура, странски вооружени сили (ВС) и цивилното население. По нападот на полициската станица во Бугојно (јуни 2010 година), во кој беше убиен еден и ранети шест полицајци, следеше напад на милитантните исламисти од Косово кои на меѓународниот аеродром во Франкфурт (февруари 2011 година) убија двајца припадници на ВС на САД. Седум месеци подоцна, милитантните исламисти од Санџак ја нападнаа Амбасадата на САД во Сараево (октомври 2011). По грозоморниот чин на милитантните исламисти од Република Македонија кои ладнокрвно убија пет невини македонски граѓани во пресрет на најголемиот христијански празник Велигден (април 2012), следеше терористичкиот напад на аеродромот во Бургас во кој беа убиени деветмина туристи од Израел, а одговорноста за нападот ја презеде организација блиска на Ал Каеда, „Основа на Џихадот" – Qaedat al-Jihad (октомври 2012 година).

Големиот број на доброволци кои сочувствуваат и секојдневно им се придружуваат на сириските џихадисти претставува дополнителен проблем со кој се соочуваат земјите од ЗБ. Според одредени проценки, Босна и Херцеговина (по глава на жител) предничи во однос на останатите европски држави според бројот на доброволци во Сирија.[9] Исто така, бројот на: албански, косовски, македонски и српски државјани кои се во фаза на: регрутација, обука или веќе се борат на страната на Исламската држава Ирак и Левант (ИСИЛ), не е за потценување. Поразителен е податокот објавен од страна на одредени владини и невладини

---

[9] Morris, Harvey. „Could Syria's Civil War Create Jihadis in Europe and the U.S.?" *The New York Times* 24 Apr. 2013. 15.10.2014. <http://rendezvous.blogs.nytimes.com/2013/04/24/could-syrias-civil-war-create-european-and-american-jihadis/?_php=true&_type=blogs&_php=true&_type=blogs&_r=2&>

организации според кои, бројот на доброволци од Балканскиот Полуостров кои му се придружиле на сирискиот џихад е поголем во споредба со регионот на Централна Азија или Кавказ.[10]

Дополнителна енигма претставува враќањето на ветераните, нивното влијание врз муслиманската популација и безбедноста на ЗБ. Акциите на Косовските и Босанските безбедносни служби против милитантни исламисти осомничени за планирање терористички напади и ширење на идеологијата на милитантниот исламизам во Косово и Босна, се доволен показател за сериозноста на проблемот и идните импликации врз регионалната безбедност.

Токму од тие причини, предмет на ова истражување ќе бидат факторите и методите на ширењето и делувањето на верскиот екстремизам од аспект на регионалната безбедност на ЗБ.

## 4. Цели и задачи на истражувањето

### Општа цел на истражувањето

Општа цел на докторскиот труд е да се стекнат конкретни сознанија за факторите кои влијаат на експанзијата на милитантниот исламизам и да се дефинираат специфичните методи на делување на оваа закана во функција на загрозување на регионалната безбедност на ЗБ.

---

[10] Somun, Hajrudin. „*Mudžahedini sa Balkana u Siriji*." *Today's Zaman* [Ankara],15.10.2014

<http://www.todayszaman.com/news-318952-mujahideen-from-balkans-in-syria-by-hajrudin-somun-.html.#sthash.AvcmtSrl.8DBven7U.dpuf>

Посебни цели на истражувањето

Врз основа на општата цел на истражувањето, произлегуваат следните посебни цели:

- Да се направи јасна дистинкција помеѓу поимите: „ислам“, „исламизам“ и „милитантен исламизам“, како елементи од верскиот екстремизам;
- Да се утврди генезата на верскиот екстремизам во ЗБ;
- Анализа на глобалните милитантни исламистички движења и организации;
- Поимно определување и анализа на факторите за реисламизација на муслиманската популација во ЗБ;
- Да се изврши анализа на факторите кои влијаат на процесот на регрутација и приклучување на муслиманската популација во редовите на ИСИЛ;
- Да се изврши проценка на заканите и ризикот од делувањето на ветераните од џихадистичките фронтови;
- Да се утврди ризикот од загрозување на регионалната безбедност на ЗБ како последица на делувањето на верскиот екстремизам.

## 5. Хипотези

Општа хипотеза

Појавата, ширењето и делувањето на верскиот екстремизам и претворањето на Балканскиот Полуостров во нов фронт на глобалниот џихад, претставува растечка закана по внатрешната и регионалната безбедност на државите од ЗБ.

Посебни хипотези

Точното определување на поимот и целта на „верскиот екстремизам“ претставува основа за негово разгледување како закана за регионалната безбедност.

*Единечни хипотези на првата посебна хипотеза:*

- Постои јасна дистинкција меѓу поимите: „ислам“, „исламист“ и „милитантен исламист“.
- Целите на верскиот екстремизам се директно поврзани со генезата на неговото постоење.
- Реисламизацијата на муслиманската популација во ЗБ е директно условена од исламистичката идеологија.

*Единечни хипотези на втората посебна хипотеза:*

- Религијата, претставува основниот двигател на реисламизацијата.
- Реисламизацијата ги загрозува демократските и културните вредности на современите општества.
- Милитантните исламисти применуваат идентични методи на делување во земјите од ЗБ.

*Единечни хипотези на третата посебна хипотеза:*

- Употребата на насилство, во функција на остварување на главната цел, е во фокусот на идеологијата на милитантниот исламизам.

- Тероризмот претставува една од основните тактики на делување на милитантните исламисти.

- Радикализацијата и регрутацијата на милитантните исламисти на страната на ИСИЛ, претставува сериозна закана со долгорочни последици по регионалната безбедност на ЗБ.

*Единечни хипотези на четвртата посебна хипотеза:*

- Радикализацијата на муслиманската заедница претставува основен предуслов за нејзина регрутација.

- Верските, невладините и криминално-терористичките организации се директно инволвирани во процесот на радикализација и регрутација на идните милитантни исламисти.

- Повратниците од џихадистичките фронтови влијаат на интензивирање на процесот на радикализација и регрутација на младата муслиманска популација.

## 6. Варијабли

Независни варијабли

Како независна варијабла во трудот се јавува начинот на делување на милитантниот исламизам кој може да се дефинира како „правец на исламизмот кој се залага за остварување на целите на исламистичката идеологија преку употреба на сила.“

Зависни варијабли

Регионалната безбедност која се дефинира како „дел од хиерархијата на безбедносниот проблем, поставен помеѓу националната и меѓународната безбедност“, се јавува како зависна варијабла на истражувањето.

## 7. Индикатори

Индикатори на ова истражување ќе бидат настаните поврзани со: појавата, ширењето и делувањето на верскиот екстремизам во земјите од ЗБ во периодот по распадот на поранешна Југославија, од кои како позначајни се:

- Улогата на глобалните милитантно исламистички движења во процесот на наметнување на идеологијата на милитантниот исламизам меѓу муслиманската популација во ЗБ;
- Создавањето на првите милитантно исламистички структури во Босна и Херцеговина во текот на граѓанската војна;
- Зголемување на следбениците на милитантно исламистичката идеологија во земјите од ЗБ;
- Извршените терористички напади од страна на милитантните исламисти во ЗБ во периодот од 2010 до 2014 година;
- Масовната поддршка и трендот на приклучување на младата муслиманска популација во редовите на ИСИЛ.

## 8. Методи и техники на истражувањето

Методолошката рамка на стручниот труд ја сочинуваат општите научни методи кои го одредуваат аналитичко-дескриптивниот карактер на истражувањето. Главна насока на истражувањето е опишување и согледување на: појавата, развојот и методите на делување на милитантниот исламизам, факторите кои влијаат на неговата експанзија и последиците по регионалната безбедност на ЗБ.

Методот на историска анализа, дескриптивниот, компаративниот и методот на анализа на содржина, ќе бидат истражувачките методи застапени во предметното истражување. *Методот на историска анализа*, е особено значаен бидејќи преку него ќе биде претставена: етимологијата на милитантниот исламизам, неговите почетоци, еволутивниот развој и продорот во ЈИЕ. *Дескриптивниот метод*, ќе се користи за опишување на факторите кои влијаат на позиционирањето и ширењето на милитантниот исламизам, методите на делување и нивното влијание врз регионалната безбедност. Воедно, преку дескриптивниот метод детално ќе бидат опишани конкретните примери за делување на милитантниот исламизам.

Потребата од споредување на податоците поврзани со методите на делување во милитантните исламисти во земјите од ЗБ, Западна Европа и Блискиот Исток, ја наметнува потребата од употреба на компаративниот метод. *Методот на анализа на содржина,* ќе биде употребен при анализирањето на основната литература за изработка на докторскиот труд, како и при анализата на официјалните ставови на поединци или држави од аспект на милитантниот исламизам како закана за регионалната безбедност. На крај, заради неопходност од детерминирање на причинско-последичната врска меѓу верскиот екстремизам и регионалната безбедност, ќе биде употребен и *каузалниот метод*.

## 9. Содржина на докторскиот труд

Содржината на трудот ќе биде организирана во дваесет и три посебни целини. Покрај елаборацијата на трудот, во воведниот дел ќе бидат дадени теоретската и методолошката рамка на трудот. Во втората целина ќе биде извршена анализа на етимологијата на верскиот екстремизам. Покрај дефинирањето на самиот поим и неговото разграничување од исламот како религија, во овој дел ќе бидат елаборирани прашањата поврзани со појавата и развојот на милитантниот ислам во земјите од ЗБ, особено по завршувањето на Студената војна. Факторите кои го имаат клучното прашање во однос на реисламизацијата на младата муслиманска популација ќе бидат цел на анализа во третата целина од докторскиот труд. Притоа, акцентот ќе биде ставен на религиската припадност и влијанието на исламизмот како основа за дефинирање на новиот идентитет, по кој денес трага младата муслиманска популација.

Во четвртата целина од трудот ќе биде извршена анализа на методите на делување на милитантните исламистички организации во ЗБ. Особено внимание ќе биде посветено на влијанието на глобалните милитантни исламистички организации врз: тактиките, техниките и процедурите на делување на милитантните исламисти во земјите од ЗБ. По разгледувањето на: политичките, економските, социјалните и безбедносните фактори кои влијаат на процесот на регрутација на нови милитантни исламисти, во последната целина од трудот ќе бидат изведени заклучоците кои ќе дадат одговор на главната хипотеза на трудот.

### 10. Општествена и научна оправданост

Согласно концептот на докторскиот труд, преку определувањето на поимот „верски екстремизам“ и дефинирањето на неговото делување како сериозна безбедносна закана, се очекува, пред сѐ, збогатување на литературата од областа на националната и регионалната безбедност. Преку појаснување на целите на милитантната исламистичка идеологија, се очекува резултатите од

истражувањето да ја потенцираат итната потреба од: сериозен, сеопфатен и регионален пристап при справувањето со оваа закана.

Понатаму, резултатите од истражувањето би можеле да имаат и делумна практична примена, особено преку понудените теоретски опции за редуцирање на влијанието на факторите од кои зависи процесот на реисламизација и радикализација на муслиманската популација во ЗБ. Воедно, резултатите од истражувањето би биле полезни во процесот на детектирање на слабостите на безбедносните системи на земјите од ЗБ во борбата против верскиот екстремизам.

## 11. План за работа

Изработката на докторскиот труд ќе се базира, пред сѐ, на: странска и делумно на домашна научна литература, извештаи на релевантни институции, правни акти, анализи и извештаи на меѓународни институции или експерти кои верскиот екстремизам го перципираат како глобална безбедносна закана. Со цел издвојување на потребните аргументи за потврдување или отфрлање на општата хипотеза на трудот, ќе биде извршена анализа на содржината на селектираната литература. Врз основа на тие аргументи ќе бидат извлечени соодветни одговори кои во заклучокот на трудот ќе ја потврдат или отфрлат неговата општа хипотеза.

## 12. Верски екстремизам

Појавата на верскиот екстремизам претставува предмет на повеќе истражувања, посебно во регионите каде верскиот диверзитет го застапува популација која има формирано критични маси во поглед на верската определба (Conflict Culture History).

Примерите за верскиот екстремизам како алатка за постигнување различни цели од типот на: регионална политичка автономија, економска автономија,

национална сувереност, ги има како чести појави, а особено во регионот на Западен Балкан.

Говорејќи за оваа појава, од значење е да се навлезе во определувањето на поимот. Имајќи предвид дека во, без малку, сите конотации со поимот, тој е директно или индиректно поврзан со негативни емоции, или побудува негативни емоции, пред сè од аспект на историскиот контекст околу појавата екстремниот модел на религија да биде средство за покренување на масите (The Crusades Through Arab Eyes). Впрочем, некои истражувачи во светот (Susilo Wibisono etc.) развија повеќедимензионален поглед на оваа појава. Имено, екстремизмот се перципира од: теолошки, ритуален, општествен и политички аспект на вероисповедта. Имајќи го предвид културниот хабитат и минималното присуство на градација во резонирањето, склоност е бинарно да се опсервираат квалитетите на појавите околу нас од типот на црно/бело и многу малку помеѓу.[11] Впрочем, при определување на оваа појава однапред мора да се надминат аналогиите со насилство и слично, кога секоја една верска група може да биде екстремна во еден контекст, односно умерена во друг, како, на пример, екстремни во ритуалите, а умерени во политиката. Појаснувајќи го екстремизмот поблиску преку овие четири димензии, што конкретно е пракса со општествениот контекст во Индонезија, нам би можело да ни отвори поинакви аспекти во поглед на разбирањето и, многу позначајно, во поглед на предвидувањето каде цели одредена појава на екстремизам.

Верскиот екстремизам иницираше обемни истражувања во повеќе дисциплини, како, на пример, во психологијата, фокусирајќи се на влијанието што религијата го има врз секојдневниот живот на поединецот и кога погледот беше насочен кон етикетирањето на поимот на религијата како добра и лоша (Coyle and Lyons, 2011)[12]. Сепак, поимите добра или лоша религија, односно

---

[11] Richard Dawkins 2006 *The God Delusion*

[12] Coyle, A., and Lyons, E. (2011). The social psychology of religion: current research themes. *J. Community Appl. Soc. Psychol.* 21, 461–467. doi: 10.1002/casp.1121

еднодимензионалното и дихотомиско категоризирање на религиозноста како умерена, наспроти екстремна, води кон оскудно поимање на појавата чијашто определба не е така едноставна воопшто, но и ад хок за единствено да ја постави во ќош и посочи како основен, повеќе коренит причинител на насилството и тероризмот.

Имено, постојат членови на верски групи кои се разликуваат во своите убедувања и начини и модели на делување при што религиозноста, вклучително и верскиот екстремизам, го експонираат на различни начини. Меѓутоа, она што е проблематично што ваквата едноставност, од типот на градацијата на религиозност, влијае значително во градењето на впечатоците за верските групи, вклучително и за оние поекстремните. Впрочем, 9-11 беше, и е тривијален во тоа како безбедносните служби не само во САД, туку и пошироко, ќе ја формираат својата слика кон Арапите и муслиманите кои беа видени како значително блиски со припадниците на екстремистичките движења[13] (Cainkar, 2009). Воочливо е дека терминот верски екстремизам генерира негативни стереотипи кон одредени групи кои се припадници на одредена религија, групи кои се дел од јавниот простор, но и од политичкиот живот во општеството. Следствено, резултира со појава на формирање погрешна перцепција и погрешно разбирање на верските групи, иако доста често се алудира на избегнување на повлекување паралели меѓу екстремизмот и тероризмот[14] (Schipper, 2003). Ваквата поставеност на настаните претставува предизвик во 21. век кога глобализацијата, сфатена како економска појава, се прелева во културната сфера на глобалното општество, кога религијата, верскиот диверзитет не може да биде избегнат, а уште помалку, пак, да стане препрека за глобалните економски текови и трендови. Во тој контекст,

---

[13] Cainkar, L. A. (2009). *Homeland Insecurity: How Arab American and Muslim American experience after 9/11,* New York, NY: Russel Sage Foundation.

[14] Schipper, B. (2003). The freedom to do god's will. Religious fundamentalism and social change. Numen 50, 476–479. https://www.jstor.org/stable/3270503

мора да се претстави мултидимензионалната рамка на верскиот екстремизам која цели да ја екстраполира вообичаената концепција на религијата како социјален идентитет, со своја иманентна комплексност и разновидност[15].

Верскиот екстремизам ја пресликува склоноста на масите кон изведување на еднострана, повеќе едноставна, генерализација кон појавите кои малку ги разбираат, односно со појавите кои не се доволно јасно претставени согласно својата комплексност. Имено, целејќи кон разбирање на склоноста на луѓето кон насилните политички активности, верскиот екстремизам мора да биде истражен од повеќе аспекти. Со тоа би било јасно дека секоја форма на вакво делување не е насилна во остварување на своите цели. Во тој контекст, активностите кои се поврзани со вероисповедта најчесто се: верскиот фундаментализам, радикализам и екстремизам. Често овие термини се употребуваат и како синоними, а некогаш и како градациска споредба. Имено, верскиот фундаментализам се толкува како груба интерпретација на светите списи, односно нивна буквална реинкарнација во социјални контексти кои не соодветствуваат со периодот и социјалниот контекст кога се создадени. Со тоа, резултатот на социјалната ентропија не е кулминација во нов, подобар, екстраполиран социум, туку гола дисипација на социјалното битисување. Меѓутоа, она што е карактеристично за верскиот екстремизам е неговата поврзаност со одредена политичка агенда. Иако религиозноста е најчесто поврзана со извесен благодат на: личноста, групата или општеството, верскиот фундаментализам и верскиот екстремизам најчесто се идентификувани како анахрони концепти кои генерираат антисоцијални чувства од типот на: предрасуди, непријатни и негативни емоции како страв и непријатност. Често ова претставува погодно тло за: немир, насилство и вооружен конфликт.

Позната е определбата на верскиот екстремизам како склоност кон тероризам од аспект на кондензирани идеолошки верувања од типот на асимптотска

---

[15] Ysseldyk, R., Matheson, K., and Anisman, H. (2010). Religiosity as identity: toward an understanding of religion from a social identity perspective. Personal. Soc. Psychol. Rev. 14, 60–71. doi: 10.1177/ 1088868309349693

нужност од рестарт на моментниот политички систем и негово реорганизирање согласно верските норми. Оваа нужност за рестарт најчесто не познава: време, етапа или процес, уште помалку сукцесивност. Оттука произлегува и инхерентниот медиум кој се применува при остварување на овие цели, односно насилството[16]. Значи, верскиот екстремизам претставува карактеристика на организирани групи кои се борат за остварување на своите зацртани политички гледишта, првенствено против воспоставените политички системи, односно организираната јавна власт која е поддржана од мнозинството граѓани. Една ваква определба на верскиот екстремизам, суштински поврзана со насилство, е карактеристична за повеќето колективни активности насочени кон причинувањето неправда или насилство и може да биде дополнително засилено од екстремни верски догми. Впрочем, политичкото разбирање на верскиот екстремизам претставува тематика на повеќе истражувања, како, на пример, што е случајот со идентификувањето на верските екстремисти со маченици[17] од видот на Исус, односно во исламот Иса, чиешто житие во маченииштво и жртва се препознава и станува тривијално постхумно. Меѓутоа, што е тука вредно за истражување и подетално ќе биде разработено низ трудот, конкретно маченииштвото, житието на пророкот Иса – моментно споменато во контекст, вклучително појавата на менување на контекстот и редоследот на градивото во исламот (за што постојат убедувања дека во Куранот тоа не е случај). Сепак шеријатот е предмет на повеќе толкувања, за што подетално ќе биде елаборирано во текот на трудот, а од каде што маченииштвото како процес се обременува со емитирање на гнев како консеквенција од претходно соочување со неправда.

---

[16] Arena, M. P., and Arrigo, B. A. (2005). Social psychology, terrorism, and identity: a preliminary re-examination of theory, culture, self and society. Behav. Sci. Law 23, 485–506. doi: 10.1002/bsl.653

[17] Sageman, M. (2008). Leaderless Jihad: Terror networks in the twenty-first century. Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

Меѓутоа, како од верски екстремизам до насилство? Во своето дело: *Подем на радикалниот ислам*[18], Викторович наведува неколку етапи низ кои екстремизмот кулминира со насилство: когнитивна отвореност кон нови луѓе или нови идеи, проследено со доживување на индивидуален или групен немир од видот на форма на дискриминација или фрустрација, следно доаѓа активноста што ја презема личноста при што отвореноста може да води кон прифаќање на екстремните норми промовирани од групата што доста често е патот кон насилството. Покорувањето и верувањето на ставовите коишто групата ги застапува, како и волјата да се дејствува во согласност со групните норми, најчесто е над индивидуалната способност за разумно расудување. Следствено, кога групните правила отвораат простор за применување на алопатриски тактики, на пример насилството во остварување на своите цели, поединците, де факто, извршуваат насилство во име на целата група.

Кулминацијата на процесот на развој од верскиот идентитет, до извршување насилство во име на една цела група, подетално го елаборираат Силбер и Бат во делото: *Радикализација во западот*[19]. Објаснет е процесот на појавата на екстремноста што започнува најпрво со когнитивна отвореност на поединецот кон нови гледишта – пример, во доменот на вероисповедта, односно спремност на предизвик за соочување со нови сознавања кои, евентуално, водат кон промена и тоа на глобално, светско ниво. Иманентно на овој процес, негативните искуства би можеле да водат кон состојба на бесцелност и минимизирање на поврзаноста со базичниот идентитет – верски умерен поединец. Прифаќањето на екстремните убедувања и екстремните поведенија како консеквенција од немил настан поддржан со мноштво негативни емоции, претставува настан што е засилен преку индоктринираниот процес што го менаџира екстремната организација. Сепак,

---

[18] Wiktorowicz, Q. (2005). Radical Islam rising: Muslim extremism in the west. Maryland: Rowman & Littlefield Publishers, Inc.

[19] Silber, M. D., and Bhatt, A. (2007). *Radicalization in the West: The homegrown threat*. New York City: NYPD Intelligence Division

верскиот екстремизам го достигнува својот максимум во рамките на насилните дејствија од страна на поединецот.

### 13. Оглед на верскиот екстремизам

Во исламската вероисповед постои поделба на светот и човештвото на три региони:

*dar al-Islam - региони во кои доминира исламското право;*

*dar al-sulh - региони во кои не е присутна исламската вероисповед, односно региони кои се во мир со исламот или се во договорено примирје;*

*dar al-harb - региони кои се граничат со исламот и кои немаат склучено примирје.*[20]

Оваа поделба на региони во исламот датира од времето на Абу Ханиф и неговите најблиски следбеници Абу Јусуф и Абу Шабан, временски сто години после пророкот Мухамед. Значи, Абу Ханиф е дел од раните генератори на исламското право кој твори во времето кога се одвиваат муслиманските освојувачки походи.

[20] Cline, Austin. „Dar al-Harb vs. Dar al-Islam." Learn Religions, Jun. 25, 2024, learnreligions.com/dar-al-harb-vs-dar-al-islam-250224.

Абу Ханиф (699-767) бил муслимански: учител, правник, теолог, аскет[21], основоположник на Ханафите, односно една од четирите основни школи на исламската јуриспруденција во рамките на суните.

Ханафи школата на исламското право е најстара и најмногу распространета низ уметот, широката заедница на муслиманцките верници, впрочем е позната и како Школа на рациото; верска група која стреми кон, и застапува теолошки аспект во теолошките одлуки и духовни интерпретации.[22] Ханафите, покрај Хадите (луѓето од Хадит-пишаниот говор на пророкот) се двата извора на дебатата за етиолошкиот аспект на исламската вера во периодот на вториот век од појавата на исламот. За Ханафите е важно резонирањето, целта што се постигнува во рамките на носењето одлуки со кои се определува движењето на уметот во рамките на овој свет. Според Хадите, единствениот извор на исламското право се Куранот и Хадитот и тие се објект на севкупната употреба на разумот во јуриспруденцијата, дали во поглед на граѓанската пракса, економските односи и слично.[23] Според Браун (Daniel W. Brown 1999) оваа школа, Ханафите, сметаат дека Хадит, пишаниот говор на пророкот треба понекогаш и да биде предмет и на други мерила, други практики, како што е тоа постојаната активност на заедницата, општите принципи на еднаквост, за што се тврдело дека подобро го претставува духот на пророкот.[24]

Во тој контекст, се соочуваме со праксата на постојано надополнување и менување на исламското право, наспроти светото послание Куран. Поделбата на светот според Ханафи е последица на конкретната геополитичка ситуација во

---

[21] Pakatchi, Ahmad and Umar, Suheyl, "Abū Ḥanīfa", in: *Encyclopaedia Islamica*, Editors-in-Chief: Wilferd Madelung and Farhad Daftary

[22] Fleet, Kate; Krämer, Gudrun; Matringe, Denis; Nawas, John; Rowson, Everett (eds.). "Ahl al- raʾy". *Encyclopaedia of Islam* (3rd ed.). Brill Online. doi:10.1163/1573-3912_ei3_COM_22177. ISSN 1873-9830

[23] Lapidus, Ira M. (2014). *A History of Islamic Societies*. Cambridge University Press (Kindle edition). pp. 130–131. ISBN 978-0-521-51430-9

[24] Brown, Daniel W.; Brown, Daniel W. (March 1999). *Rethinking tradition in modern Islamic thought*. Cambridge Middle East Studies. Cambridge: Cambridge University Press. pp. 13–15. ISBN 978-0-521-65394-7.

регионот на Средниот Исток во тој период и тоа претставувало, можеби, најдоброто решение за организирање на уметот во поглед на меѓучовечките и меѓународните односи.

Сосема друга димензија е какво влијание има ова учење во денешни рамки на геополитичката карта на светот од аспект на селективна и манипулативна примена на делови од правните решенија за конкретен проблем во не толку блиската историја.

Што се однесува за оваа пракса на Ханафи за измена на исламското право, таа и не е толку честа бидејќи низ историјата се среќаваат периоди кога правниците од оваа група се изразито епидеиктички, односно шармантно и до умерено пофално поставени на Хадит и Куранот.

Сепак, тоа што денес се воочува како дел од верата, во чести разговори со толкувачите на исламското право, постојат и примери за иманентност на поделбата на светот што ја прави Ханафи. Иманентност од политички аспект, бидејќи оваа поделба на регионите латентно ја гради верата во својата контура која, можеби, не сакајќи е формирана во периодот на две столетија после смртта на пророкот. Формативниот период говори за вероисповед која своето тело го формира во период на големи: конфликти, насилства и катастрофи. Не може со сигурност да се каже дека ова е исклучителна карактеристика за исламот, меѓутоа има посебно влијание од аспект на интензитетот на емоции кои се изразени во формативниот период. Сакале или не, исламот е воинствена религија, создадена во војна и созреана во војна. Впрочем, ова е моментот кога низ вековите постои период на интернализација на воинствените мотиви, период на латенција и евентуално сублимација во непроменето тело на верата – Куранот од ена страна, а следствено и прирачник како да се биде дел од тоа тело, односно исламското право. Шеријатот е патоказ кој на верникот му дава стриктни и концизни насоки, меѓутоа и општи и духовни начела како да биде дел од исламското тело. Она што шеријатот го нуди е иманентна сукцесивност во пристапот кон верникот. Нуди цел, нуди смисла и нуди благодат, како за верникот, така за уммата, но и за севкупната религија целејќи на временскиот континуитет.

Хадит ја почнува комуникацијата со верникот преку петте основни столбови на верата, со кои е опишано телото на верата. Во комуникацијата се поставени четири прашања кои ангелот Габриел ги поставува на пророкот Мухамед, а чијшто одговори се подредени во редослед кој сукцесивно ја опишува верата во нејзината статика и динамика. Од оваа света комуникација меѓу ангелот Габриел и пророкот Мухамед произлегуваат следните четири конструктивни и развојни концепти на исламот:

1. Ислам (إسلام), претставен преку *Петте столбови на ислам*;
2. Иман (إيمان), претставен преку *Шесте Посланија на верата*;
3. Ихсан (إحسان), односно правење убави нешта;
4. Саат (الساعة), или *Часот* кој не е даден, меѓутоа знаците ќе бидат дадени.[25]

Просторната динамика на верата е опфатена со третото прашање во комуникацијата, односно Ихсан.

Ихсан, некаде и Ехсан, претставува арапски термин кој претставува динамична целина во правењето убави дела; некогаш се толкува како разубавување, перфекција, па и нешто прекрасно во излагањето и дејствувањето. Терминот подразбира креативно насочување на интернализираната, кондензирана вера која верникот со големо срце и посвета ја градел во себе, и нејзино насочување, нејзино материјализирање во мноштво дела и дејности: осет и чувство за

[25] Mughal, Munir Ahmad (2011). "Hadith Jibril - Lessons for All". *SSRN Electronic Journal*. doi:10.2139/ssrn.1909593. Retrieved 26 September 2021.

општествена одговорност зачнато преку посветеноста и лојалноста во верата.[26] Со други зборови, Ихсан претставува одговорност на верникот во постигнување на совршенство, имено посветеност и верба во Господ како Тој навистина да се наоѓа пред верникот и верникот го спознава преку сите свои сетила, формира когнитивна целина. Впрочем, тоа е и одговорот што Мухамед го дава на третото прашање според Хадит на Џибрил. Тоа наведува на постојаната комуникација меѓу верникот и Господ, односно омнипрезентност. Ова се толкува во насока на Хадит каде според Мухамед, Господ ги има означено сите свои креации со Ихсан.[27]

Концептот на Ихсан претставува иманентна категорија за исламот бидејќи неговата конститутивност се пресликува и во Куранот и во Хадит, а коишто претставуваат два од трите основни извори на верата.

Исламското право се појавува по смртта на пророкот, цирка 150 години по формативниот период на верата, и коинцидира со период кога уммата е затечена со жестоки конфликти од надворешни напаѓачи. Оттука, исламското право претставува средство за обединување на уммата, меѓутоа и начин за синхронизирање на секој еден поединец во склоп на потребите согласно ситуацијата, социјалниот и безбедносен контекст во кој тогаш се нашла исламската заедница – војна.

Исламското право, односно шеријатот, имал за цел да изгради муџид – индивидуа која претставува конститутивен елемент на исламската заедница која во тој период се простира во регионот на Блискиот Исток, геостратешки поставен многу ретко да успее да одолее на воените експедиции.

Мухамед е воен верски водач. Имено, тој разумно и опортунистички ја утилатирализира верата како медиум за градба на, можеби, во еден период и

---

[26] Maqsood, Ruqaiyyah Waris (15 September 1994). *Teach Yourself, Islam*. Teach Yourself World Faiths. Teach Yourself. ISBN 978-0-340-60901-9.

[27] https://sunnah.com/muslim:1955a

најспособната армија во регионот. Во тој период, Рашудините и Умајадите, простирајќи се на три континенти, единствено се споредувале со Александар Македонски, иако исламските освојувања траеле многу подолго.[28]

Овие воени потфати на муслиманите се причина за почетокот на колапсот на Сасанидите, но и огромни територијални загуби за Византија,[29] а тоа говори колку успешно религијата ја одиграла својата улога во мобилизација, во сплотување на заедницата, и оттука средство за водење на заедницата користејќи го делегираниот авторитет на Алах.

Исламизмот претставува политичка идеологија, впрочем и сите религии претставуваат политички идеологии и тоа во мера пропорционално на својата намера да извршат контрола на: поведението, расположението, сентименталната слика, како и вредносниот систем во групата за сметка на севкупната заедница. Во тој поглед, религијата, обредите, делуваат како инструменти со кои се формираат инструкции и се даваат насоки. Во тој контекст, она што би можело да се именува како врвна цел на религијата сигурно би била утопистичка концепција. Ова од причина што целта на човечката историја би можела да биде пронајдена во еден идеален и перфектен космички ред низ кој Господ дава смисла и значење на хаосот во привремениот свет. Штом религијата ги отфрла очекувањата за активности во своја корист за да ја надмине постојната ситуација со верата која е на ризик да ја изгуби својата светост, тогаш се говори за утописка карактеристика. Имено, кога религијата вметнува програма со која настојува да реши конкретна проблематика, а притоа употребува средства преку кои мобилизира сентименти кај своите следбеници, во тој момент веќе се говори за политичка идеологија.

Исламската јуриспруденција, која често се определува како когнитивен аспект на исламското право, односно Шарија, почива на четири главни школи: Ханафи, Малики, Шафии и Ханбали.

---

[28] Buchan, James (21 July 2007). „Children of empire". *The Guardian*. London. ISSN 0261-3077

[29] Lewis, Bernard (2002). *Arabs in History*. Oxford: Oxford University Press. ISBN 978-0191647161.

Шарија, во превод *Пат низ водата*, претставува целина од верски закони кои се дел од исламската традиција и основа на пишаните извори на исламот, посебно на Куранот и Хадит.

Подетално ќе се анализира Ханафи школата од причина што суштествено за овој труд претставува поделбата на светот според вероисповед. Имено, идејата за постојана војна помеѓу муслиманите и немуслиманите подолго време протагонистички ја застапуваат џихадистите кои изведуваат дела често по својата природа и последици карактеризирани како тероризам во името на Џихад. Следователно на оваа идеја, доаѓа концептот на Дар Ал-Ислам, или во превод *Земјата на Исламот*, и Дар Ал-Харб, или *Земјата на војната*. Во поглед на џихадистите, Дар Ал-Ислам се поистоветува со териториите и регионите каде доминира и владее исламот и каде исламската јуриспруденција, отелотворена преку исламското право, претставува единственото право по кое се владее и одржува редот и поредокот. Спротивно, регионите опфатени со терминот Дар Ал-Харб се владеени од владетели кои не се муслимани, а исламската јуриспруденција не претставува начин со кој се практикува власта. Овој концепт на поделба на светот го има својот корен во делата и пишаните трудови на класиците кои често претставуваат инспирација и поттик за џихадистите. Впрочем, често може да се забележи кога џихадистите се повикуваат на оваа поделба на светот дадена од страна на класичните мислители, дејци во исламското право, оправдувајќи ги своите цели и начините со кои стремат да ги постигнат истите, гледајќи го светот во постојана војна сè додека Дар Ал-Ислам не постигне целосна доминација.

Оваа поделба често е погрешно разбрана, како, на пример, во делото на Кревелд[30] е посочено како Куранот го дели светот на два региона, едниот во кој доминира исламот и другиот во кој исламот се бори за превласт. Имено, ваква поделба никаде во Куранот не е посочена, дефакто за ваква поделба не се говори никаде во периодот кога пророкот Мухамед битисува на овој свет. Оваа поделба

---

[30] Creveld, Martin Van: *The Transformation of War*, Free Press, NY, 2009.

првпат се споменува во периодот на династијата Абасиди (750-1258) од страна на багдадскиот филозоф на исламското право, Абу Ханифа (699-767). Употребувана е од страна на филозофската фела како начин на интерпретација на безбедносниот контекст во тој период, но и како начин на имплементација на одредени исламски закони чијашто примена се разликувала имајќи ги предвид регионалните разлики со кои муслиманите се соочувале.

Постојаните конфликти меѓу муслиманите и немуслиманите – Римјаните/Византијците и Персијците влијаеле во создавањето на оваа класификација на исламските филозофи. Тие сметале дека е неопходно да се класифицираат земјите, за да бидат сигурни дека законите коишто се однесуваат на џихад се применуваат во соодветна ситуација и соодветно место. Ова, исто така, им помагало на исламските филозофи на исламското право да генерираат фатви,[31] во согласност со конкретни општествени и политички околности. Имено, во исламското право важи принципот на прагматичност и утилатералност, односно употреба на соодветно правно решение за соодветен контекст во општествената реалност.

Овој концепт на поделба на територииите се случува во период кога се одвиваат повеќе кодификации на исламското право и влијанието од ваквиот процес е неминовен. Тоа е период кога муслиманите се доминантни на меѓународната политичка сцена. Оваа класификација донесе психолошки елемент на осет на супериорност, наспроти останатите.

Оваа класификација подлежи под влијание на меѓународната политичка култура за време на периодот на средниот век. Во тој период на историјата, модерно било решавање на проблемите преку војна, вклучително и оние најбаналните несогласувања. Еден вака доминантен став на политичката сцена, исто така, се одрази врз активностите на исламските филозофи. Правниот поглед на светот бил под влијание на нивните толкувања на историските настани, како,

[31] Правно решение за аспект од исламскиот закон – шерија, дадена од квалификуван исламски правник како одговор на прашање поставено од приватно лице, судија или влада.

на пример, историскиот контекст на пророкот Мухамед. Овој период делумно бил исполнет со конфликтите околу Медина која припаѓала во регионот означен како Дар Ал-Ислам и Мека – Дар Ал-Харб следователно, но и различните примирја кои Мухамед ги имал оверено со многуте племиња од Арапите чиишто региони влегуваат во она што се нарекува Дар Ал-Харб – предел на примирјето. Важно е да се додаде дека постоело извесно несогласување кај исламските филозофи околу дефинирањето на оваа класификација. Во поглед на Ханафите, за разлика од останатите три школи на исламска јуриспруденција, оваа класификација претставува средство за безбедност и заштита многу повеќе отколку што би била средство за ширење на исламот. Овој момент се посочува бидејќи ваквата дивергенција во определувањето на терминот алудира на проблемот во толкувањето на филозофите и, впрочем, тоа толкување кое го застапуваат џихадистите за пример, не е единственото расположливо за современиот контекст. Сите исламски филозофи не ја користат оваа класификација во својот поглед на светот. На пример, од Шафиите школата сметаат дека предоминантниот регион кој не е доминантен за муслиманите, не е во конфликт со муслиманите и не го сочинува сегментот Дар Ал-Харб. Оттука произлегува дека оружениот џихад не може да се случи од едноставна причина што регионот не е муслиманска земја. Тие вклучуваат и трета и четврта категорија во рамките на оваа класификација, Дар Ал-Ахд (земја на примирјето) и Дар Ал-Амн (земја на мирот). Овие две додатни категории се однесуваат на земјите кои не се доминантно муслимански, меѓутоа се во контекст на потпишани мировни договори – краткорочни или долгорочни, со една или повеќе муслимански држави. Впрочем, Дар Ал-Ислам и Дар Ал-Харб не претставуваат единствената класификација која се користи во делата на исламските филозофи – исламската терминологија изобилува со многу други класификации.

Она што е важно кај овој концепт претставува можноста за отворено толкување на истиот како причина за конфликт и отсуство на хармонија во верскиот диверзитет. Дар Ал-Харб претставува територија каде не владеат законите, каде шеријатот не се применува, каде царува војната.

Исламизмот како феномен инкорпорира широк спектар на однесувања и верувања. Во најширока смисла, исламистичките групи веруваат дека исламскиот закон или исламските вредности треба да играат централна улога во јавниот живот. Тие чувствуваат дека исламот треба да каже како треба да се води политика, како треба да се применува законот и како другите луѓе – не само тие самите – треба да се однесуваат.

Да се биде, или да се стане исламист, сепак е чин на политичка афирмација. Како што пишува историчарот од Принстон, Мајкл Кук,[32] исламистите мака мачат да ја толкуваат својата политика надвор од нивното исламско наследство. Ова, исто така, објаснува, делумно, зошто исламизмот не е само реакција на модерноста, туку нејзин производ. Во предмодерната ера, исламот го зафатил секој аспект од јавниот живот, обезбедувајќи сеопфатна: религиозна, правна и морална култура. Се подразбираше, па не беше кажано. Со доаѓањето на модерноста, исламот, за прв пат, стана посебен политички проект. Но, зошто да не се третираат исламистите како што би постапиле со која било друга идеологија или политичка платформа? За почеток, модерните либерални чувствителности се оддалечуваат од зацврстување на привилегирана позиција на која било религија, заради стравот од поставување ограничувања на индивидуалната слобода. Сепак, поентата на исламизмот е да се залага за привилегирана социјална и политичка улога на исламското верување. Со оглед на тоа што секоја исламистичка група го промовира исламот и исламските вредности, во голема мера и се разликуваат заради локални околности.

Дефиницијата погоре е доволно широка за да го долови основниот импулс на исламизмот. Сепак, ова значи дека категоријата ги вклучува и екстремистичките групи, како ИСИС, кои користат насилство и терор и главните партии, како туниската Енахда (што е една од причините заради која Енахда неодамна се огради од терминот). Оваа различност во исламистичкото искуство е причината

---

[32] Michael A. Cook, *Ancient Religions, Modern Politics: The Islamic Case in Comparative Perspective*, Princeton University Press.

зошто е важно  (и од гледна точка на националната безбедност, можеби поважно од кога било) да се направи внимателна разлика меѓу исламистите. Иако екстремистите, можеби, привлекуваат најголемо внимание, огромното мнозинство исламисти, всушност, не се насилни.

## 14. Цврст исламизам

Главните исламистички групи првенствено се состојат од Муслиманско братство и движења инспирирани од Братството. Нивните основни карактеристики се: постепеност (историски избегнување револуција), прифаќање на парламентарната политика и подготвеност да работат во постојните државни структури, дури и во секуларните. Како што зборува Хамид[33] во својата нова книга: *Исламски ексцептионализам* : *Како борбата за исламот го преобликува светот, главните исламисти, спротивно на популарната имагинација, не се навраќаат на Арабија од седмиот век*.

Основниот проект на цврстиот исламизам, ако може да се сумира во една реченица, е да се помири предмодерното исламско право со модерната нација-држава. На многу начини (а можеби и на најважните начини) државата го постигна подобриот крај на договорот. Самиот процес на модерно градење на државата – и државо-центричното меѓународно опкружување кое го олесни тој процес – има инхерентно секуларизирачки ефект врз социјалните и политичките институции. Ова врши притисок врз исламистите да ги ограничат своите религиозно мотивирани амбиции до степен што би бил незамислив во предмодерното минато, воведувајќи значителен степен на тензија во општествата со мнозинско муслиманско население, кои сè уште, главно, се религиозни и конзервативни. Тогаш, како изгледа исламистичката иднина? За што точно се борат? Тој одговор,

[33] Hamid, Shadi (2016). Islamic Exceptionalism: How the struggle over Islam is reshaping the world. New York, NY: St. Martin's Press. ISBN 978-1-250-06101-0. OCLC 933446666

исто така, може многу да се разликува во зависност од тоа со кои исламисти разговарате.

Салафизмот се претставува преку идејата дека најавтентичниот и вистинскиот ислам се наоѓа во живиот пример на раните, праведни генерации муслимани, познати како Салафи, кои биле најблиски и во времето и во близина на пророкот Мухамед. Салафистите (честопати опишани како „ултраконзервативци“) не веруваат само во духот, туку и во писмото на законот, што е она што ги издвојува од нивните мејнстрим колеги. Во арапскиот свет денес, салафитите се познати по тоа што се обидуваат да ги имитираат посебните навики на првите муслимани, како што е облекувањето како пророкот (со врзување на панталоните до глуждовите) или четкањето на забите како пророкот (со природно чистење на забите со гранче наречено мисвак).

Општо земено, салафистите се помалку наклонети кон активен политички ангажман à la мејнстрим исламистите, претпочитајќи тивок пристап на проповедање, верско образование и избегнување конфронтација со државните власти. Некои салафити (особено во Кувајт и Египет) се вклучија во изборна политика, па дури и формираа политички партии, иако имаат тенденција да се фокусираат на лобирање за специфични политики засновани на шеријат, наместо да градат големи, масовни партии кои бараат извршна власт. Малцинство салафити се салафи-џихадисти.

Џихадизмот е воден од идејата дека џихадот (религиозно одобрена војна) е индивидуална обврска (фард'ајн) за сите муслимани, наместо колективна обврска спроведена од легитимните претставници на муслиманската заедница (фард кифаја), како традиционално се сфаќало во предмодерната ера. Тие се способни да го направат тоа тврдејќи дека муслиманските лидери денес не се легитимни и немаат овластување за одредено оправдано насилство. Во отсуство на таков авторитет, тврдат тие, секој способен муслиман треба да ја преземе облеката на џихадот. Спротивно на оваа состојба, а во контекст на настаните во Првата светска војна, кога самиот Кајзер во склоп на тогашниот воен сојуз мораше слатко да зборува со отоманскиот калифат за да објави џихад против сојузничките сили.

Понатаму, огромно мнозинство од исламските научници признаваат дека стиховите од Куранот кои се занимаваат со насилство и употреба на сила, биле поврзани со специфичен сет на околности, и задача на свештениците е да размислат кога војната била или не била оправдана и како таа треба да се води. Ова е јуриспруденцијата на џихадот. Ослободени од контекстот и класичните правила на војување, модерните групи џихадисти генерално имаат за цел да ги поттикнат приврзаниците на нивната религија да се кренат и масовно да се борат против непријателот, каде и да се случи и со какви било средства. Теолошки, муслиманите од различни убедувања се вклучија во џихад – не само ултраконзервативни салафити, туку и мистични суфии.

### *14.1. Историска парадигма на босанскиот мултикултурализам*

Социо-политичките и културните обрасци на едно општество, вклучително и идејата на мултикултурализмот, секогаш биле предмет на промени и модификација. Затоа, од средновековно време мултикултурализмот во својата суштина беше белег на босанската држава. Средновековниот мултикултурализам интегрираше различни христијански конфесии и етникуми, преку отоманскиот милет систем се уредувала верската толеранција и соживот меѓу: православните христијани, Евреите, католиците и муслиманите. Босна и Херцеговина претставуваше начин на верски соживот во поранешна Југославија. Што е заедничко за сите овие историски периоди?

Мултикултурализмот, како модел што ги интегрира социо-политичките и културните обрасци, го спречи уништувањето на босанската држава и општество. Оттука, историјата на Босна и Херцеговина покажува дека една форма на иманентни етнички врски цутела низ вековите, додека заедничката национална идентификација и чувството на меѓусебно поврзани односи меѓу различните групи на луѓето често се воочувало како позитивна карактеристика. Всушност, историјата на Босна и Херцеговина укажува на културна инклузија и крос-култура, а не на ексклузивна културна изолација. Затоа денес, како и во минатото, иако

припаѓаат на различни групи на народи, значителен број на: Срби, Хрвати и Бошњаци го имаат прифатено општо споделениот босански национален идентитет.[34]

Меѓутоа, денес, Босна и Херцеговина е дефинирана како држава во која: Србите, Бошњаците и Хрватите живеат во мир. Претходно објаснетото историско разбирање на мултикултурализмот во Босна и Херцеговина ни дава за право да веруваме дека и покрај различните предизвици: националистички, екстремистички и за сецесија, босанската држава и општество ќе надвладее. Како и за време на деведесеттите, во денешна Босна и Херцеговина мултикултурализмот е во судир со силите на: дезинтеграција, одвојување и создавање на поделени и целосно одвоени општества, нешто што е туѓо за суштината на босанскиот ентитет. Босна е поинаква бидејќи е на раскрсницата на: култури, религии, етникуми и цивилизации и заради нејзината мултикултуралност била ранлива пред оние кои се обиделе да земат исклучиво „забранет плод." Босанскиот мултикултурализам го одржуваше општеството заедно во текот на целиот историски период и денешниот мултикултурализам неизбежно ќе раѓа демократски и либерални вредности кои ќе го отворат патот за иднината на босанската држава и општество.

Секогаш кога некој ексклузивен социо-културен модел бил претставен како алтернативен, мајчин, барајќи трансформација и асимилација на постојните социо-културни модели, земјата доживувала конфликти и војни. Затоа, високиот историски континуитет на Босна и Херцеговина како држава се карактеризира со инклузивен социо-културен модел, модел кој ја опфаќа различноста. Всушност, Махмутчехајиќ во своето дело: *Bosnia the Good: Tolerance and Tradition* ја употребил традицијата како основа за: толеранција, разбирање и соживот.[35]

---

[34] Muhidin Mulalić, „Socio-Cultural Diversity of Bosnia and Herzegovina", in Islam in Southeast Europe: Past Reflections and Future Prospects, ed. Mesut Idriz and Osman Bakar, 55-67 (Brunei Darussalam: UDB Press, 2014), 63-64.

[35] Mulalić, „Socio-Cultural Diversity,"55

Босна и Херцеговина како таква била изложена на различни влијанија за време на Османлискиот и Австро-Унгарскиот период. Овие влијанија биле асимилирани во веќе постојниот мултикултурен модел кој го олесни процутот на босанската црква. Босанската црква има карактеристичен верски и културен идентитет на граѓаните. Оттука, мултикултурниот модел како таков започнал со Босанската црква.[36]

Пиларска[37] е во право кога тврди дека: „Босна и Херцеговина, како одреден вид на преодна зона меѓу Балканот и Медитеранот, претставува преодна област кон католичкиот свет на континентална Европа на северните граници.“ Интегриран е и босанскиот мултикултурен модел на религијата на исламот и отоманското наследство. Мултикултурниот модел бил збогатен од султанот Мехмед II кој подразбирал: слобода, безбедност и обезбедување на босанските Францискани.[38] Следствено, босанското општество во Отоманското време било означено како мултикултурно заради соживотот на: муслиманите, католиците и православните христијани; дури и прогонетите и екскомуницираните еретици од Европа и шепардиските Евреи ја најдоа Босна како нивно светилиште. Така, од демографска гледна точка, пописите од: 1910, 1991 и 2013 година ја потврдуваат верската различност во Босна и Херцеговина.

Административните, социо-културните и економските структури на Босна беа директно обликуван од османлиското присуство.[39] Затоа, на еден афирмативен и

---

[36] Mahmutčehajić, Bosnia the Good, 31-33; Mitja Velikonja, Religious Separation and Political Intolerance in Bosnia and Herzegovina (Austin TX: Texas University Press, 2003), 19; Noel Malcolm, Bosnia: A Short History (London: Macmillan, 1994), 27-42.

[37] Pilarska, „Bosnian multiconfessionalism,” 27.

[38] Robert Donia and John Fine Jr., Bosnia and Herzegovina, A Tradition Betrayed (New York: Columbia University Press, 1994), 64-65; Ignacije Gavran, Fellow-Travellers of Bosnian History: Seven Centuries of Bosnian Franciscans (Sarajevo: Svjetlo riječi, 2001), 63-69.

[39] Hamid Algar, “Some Notes on the Naqshbandī Tarīqat in Bosnia,” Die Welt des Islams 13(3/4) (1971): 168-203.

конструктивен начини Османлиите го донеле исламот во Босна и следователно нови културни и духовни можности. Новата цивилизација донесе повисок животен стандард и: урбанистички, архитектонски, административен, економски и комерцијален развој. Населението од Босна, со оглед на придобивките од новиот светоглед, се интегрира без да го отфрли своето минато, наследство на Западната цивилизација.[40]

Од друга страна, Австро-Унгарската Империја преку своите процеси на модернизација и „западнација" ја доближи Босна и Херцеговина до Западот. Општествено-политичките, економските, административните, инфраструктурните и образовните промени и случувања имаа значајно влијание врз начинот на живот на луѓето и нивното постепено свртување кон Запад. Регионалната, па и познатата босанска концепција за универзални соседски односи, комшилук, како социолошки и антрополошки концепт, асимилира различни религии, при што сите почнаа да се фокусираат на соседството и соживотот во рамките на босанското општество.

Спротивставувајќи се на, наводното, непријателство и омраза меѓу словенските племиња, ова објаснува зошто дури и за време на војната, и потоа, православието и ексклузивното раздвојување на различни етнички групи, не преовладуваа во Босна и Херцеговина. Комшилук како институција често се користи од: Бошњаците, Хрватите, Србите, Македонците – општ термин кај народите од бивша Југославија за објаснување на вековните односи во своите региони, а следователно и во Босна и Херцеговина. Според овој поим, соседот е надвор од религиозната ексклузивна идентификација. Затоа, Даут изјавува дека: „Комшилук не е само пасивна толеранција, туку и активна добра волја кон соседите од различни етнички заедници".[41] На пример, мешаните бракови во Босна се многу популарни, особено пред војната. Мешаните бракови како такви

---

[40] Mulalić, „Socio-Cultural Diversity”, 56.

[41] Keith Doubt, „Through the Window: Kinship and Elopement in Bosnia-Herzegovina (Budapest-New York: Central European University Press, 2014), 133.

биле белег на Босанецот во мултикултурно општество. Честопати, мешаните бракови се користеле за зајакнување не само на мултикултурниот модел, туку, во исто време, и за југословенскиот концепт на братството и единството. Уште еден добар пример за мултикултурен модел во Босна и Херцеговина е Сараево и неговата: демографија, уметност, архитектура, религии, култури и традиции. Со такви карактеристики Сараево е навистина мултикултурен град-модел.

За време на Австро-Унгарскиот период: модерните, секуларните и либералните димензии на мултикултурализмот го отворија патот кон босанскиот мултикултурен модел. Впрочем, мултикултурализмот беше збогатен и зајакнат. Значајно е да се потенцира дека мултикултурализмот почна да се гледа и да се поистоветува со: модернизацијата, развојот и демократизацијата на општеството. Босна, под саксобурготска власт, започнала со брза политичка и социо-културна трансформација и модернизација на земјата во однос на: управувањето, правото, економијата, социјалната структура, урбанизацијата и културните трансформации.[42] Босанскиот мултикултурализам бил признат од комунистите кои ја прифатија реалноста на: различни етнички групи, култури и религии. Во 1943 година, Антифашистичкиот совет за народно ослободување на БиХ (АВНОБиХ) ја потврди државноста на Босна и Херцеговина и ја зајакна врската меѓу народите на Босна и Херцеговина, како што се: Србите, Хрватите и муслиманите.[43]

Оваа кратка анализа покажува дека Босна и Херцеговина ги отелотворува и западните и источните: наследства, религии и култури, кои ја позиционираат оваа мала европска земја како единствена и примерна.[44] Во денешниот турбулентен свет, Босна и Херцеговина, од геокултурната и цивилизациската перспектива, е од витално значење за: глобалната, културната и безбедносната рамнотежа.

---

[42] Fikret Karčić, The Bosniaks and the Challenges of Modernity (Sarajevo: El-Kalem, 1999).

[43] Omer Ibrahimagić, Constitutional Development of Bosnia and Herzegovina (Sarajevo: The Congress of Bosnian Intellectuals, 1998), 95.

[44] Mahmutčehajić, Bosnia the Good, 54-64.

Христијанството, јудаизмот и исламот, како три главни светските религии, ги прават карактеристичните физички и духовни карактеристики на Босна и Херцеговина и тие гарантираат неопходна верска рамнотежа. Босна и Херцеговина, како мултикултурна и мултинационална држава функционира како мост помеѓу двете исклучиво етно-држави: Србија и Хрватска и од глобална перспектива Босна и Херцеговина (да ги користам термините на Изетбеговиќ) е помеѓу Истокот и Западот.[45] Затоа, како мултикултурна држава, Босна и Херцеговина отсекогаш цутела како дел од една поголема целина, односно: Отоманската Империја, Австро-Унгарската Империја и Југославија. Етнографската слика на Босна и Херцеговина е пример за државите од регионот на Западен Балкан. Оттука, следователно, перспективата на оваа мала држава, и на регионот, е приклучувањето кон ЕУ, семејство на нации кои ја поддржуваат различноста. Поддржувањето на либералните вредности, кокосмополитскиот мултикултурализам, традицијата и различните социо-културни вредности кои произлегуваат од минатото и сегашноста на Босна, за возврат ќе го поддржат и зајакнат патот на ЕУ кон постигнување на целта за создавање семејство на нации.

### *14.2. Огледи на верскиот екстремизам во Босна и Херцеговина*

Во изминатите години, српските ориенталисти напишале бројни дела за да ги претстават Србите како бранители на христијанството, против религијата на исламот.[46] Овие дела биле намерно напишани за да се покријат главните српски стратешки цели и обиди за создавање големосрпска пристрасност. За среќа, погрешното толкување на историјата и обидите за претставување на муслиманите во поранешна Југославија, особено во Босна и Косово, како:

[45] Muhidin Mulalić, „Multiculturalism and EU enlargement: the case of Turkey and Bosnia-Herzegovina" in „The Islamic World and the West, ed. Christoph Marcinkowski (Zurich: LIT Verlag, 2009), 119-120.

[46] Norman Cigar, „Serbia's Orientalists and Islam: Making Genocide Intellectually Respectable, „The Islamic Quarterly 38 (1994) 3: 147-170

даменталисти, екстремисти и радикали, не успеаја. Напротив, на крајот на војните, главно Србите беа обвинети и осудени за извршени злосторства и злодела. Меѓутоа, по септемвриските настани и со почетоците на војната против тероризмот, српскиот ориентализам значително заживеа. Српски интелектуалци и креатори на политики често прават реинтерпретација на босанската војна, ставајќи ја во перспектива самата војна со настаните од 9-11 и глобалниот тероризам. Тие повеќепати се обидоа да направат упад во историскиот тек со цел да се даде отпор кон српската агресија на Босна и Херцеговина, геноцидот во Сребреница. Оттука, српските интелектуалци и креатори на политики не се искрени во борбата против тероризмот и екстремизмот, имајќи една цел да го минимизираат геноцидот и етничкото чистење што го извршија во Босна и Херцеговина. Покрај тоа, во толку сложена земја како Босна и Херцеговина, Србите, а во последно време и Хрватите, ги демонизираат Бошњаците и ги прикажуваат како екстремисти и радикали, како алатка за да ги постигнат своите политички и национални цели.

Ставот дека Босна и Херцеговина е терористичка држава и како таква претставува потенцијална закана за: Србија, Хрватска, Европа и светот, имајќи ги предвид огледите на некои од истражувачите од ова поднебје,[47] може да се објасни како стратешки обид да се добие меѓународна поддршка за нивните политички интереси и да се ослаби позицијата на оние кои се борат да ја зачуваат Босна и Херцеговина како мултикултурна држава, дом на различни: религии, култури, традиции, националности и етникуми. Освен тоа, глобалната геополитичка и геостратешка борба за моќ на големите сили ги обликува: ставовите, перцепциите и стратегиите за справување со екстремизмот и тероризмот во Босна и Херцеговина. Уникатната историска положба на Босна и Херцеговина, сместена меѓу Истокот и Западот, на некој начин ги објаснува различните влијанија и општествено-политичките склоности на оваа земја.

---

[47] Muhidin Mulalić, „Multiculturalism and EU enlargement: the case of Turkey and Bosnia-Herzegovina" in „The Islamic World and the West, ed. Christoph Marcinkowski (Zurich: LIT Verlag, 2009).

Босанската судбина често се решаваше во: Истанбул, Виена, Париз, Вашингтон, Москва и Брисел. Големите сили ја третираа Босна како лабораторија за нивните политички и културни експерименти. Ова беше особено случај со почетокот на војната во Босна и Херцеговина кога локалното население очекуваше повеќе од Западот.[48]

Горенаведениот краток историски поглед на односот меѓу: босанската сегашна реалност, општествено-политичките и безбедносните случувања и тероризмот, првенствено беше напишан за да ги стави во перспектива денешните дискурси за тоа како Босна и Херцеговина се справува со тероризмот и екстремизмот. Првиот дел од овој труд укажува дека Босна и Херцеговина го негува мултикултурализмот низ вековите, природно, воспоставувањето на Босна е против секаков вид екстремизам. Второ, Босна и Херцеговина како една држава направи значителни напори да се справи со екстремизмот и тероризмот на ист начин како што прават другите земји ширум светот.

Стратешките цели се јасно наведени во Стратегијата на Босна и Херцеговина за спречување и борба против тероризмот во однос на глобалните терористички закани во согласност со Антитерористичката и Анти-ИСИЛ коалицијата. Секако, Босна и Херцеговина разви стратегии, политики и активности засновани врз: Глобалната антитерористичка стратегија на ОН, Европската Стратегијата на Унијата за борба против тероризмот и борбата против радикализација и регрутирање за тероризам. Земени се предвид и други релевантни меѓународни инструменти, како што се: Заклучоците и препораките за борба против насилниот екстремизам, на Самитот на Белата куќа (февруари 2015), Заедничката декларација на Самитот на источното партнерство (Рига, јануари 2015),

[48] Adam LeBor, *A Heart Turned East: Among the Muslims of Europe and America* (New York: St. Mar-tin’s Press, 1997).

Заедничката изјава на Белград (април 2015), Заедничката изјава на Сент Полтен (мај 2015), како и други документи.[49]

Трето, верските заедници, исто така, дадоа значителен придонес за спречување на верскиот екстремизам и тероризам. Босна и Херцеговина ја усвои Стратегијата на Босна и Херцеговина за спречување и борба против тероризмот (2015-2020)[50] за зајакнување на националните капацитети во управувањето и справувањето со тероризмот дома и да се исполнат меѓународните обврски и одговорности. Уште во 2001 година, Босна и Херцеговина стана активен член на Антитерористичката коалиција, така што беа усвоени и уште два стратешки планови за спречување на тероризмот и феномените поврзани со терористите во време на интензивирање на глобалните безбедносни предизвици и закани. Новата усвоена Стратегија (2015-2020) јасно ги дефинира: странските терористички борци, насилниот екстремизам, говорот на омраза, промовирањето на тероризмот и повикот да се приклучат на паравоените сили. Стратегијата (2015-2020) ги дефинира следните цели:

1. Спречување на злосторства од омраза, радикализација и тероризам во сите негови манифестации;
2. Заштита на критична инфраструктура;
3. Подобрени процедури во истрагата и гонењето на терористички дела и поврзани кривични дела;
4. Одговор/реакција на можен терористички напад и закрепнување потоа.

Босна и Херцеговина, исто така, направи значителни измени во законодавството и Кривичниот законик за спречување и борба против

[49] Bosnia and Herzegovina Council of Ministers, „Strategy of Bosnia and Herzegovina for preventing and combating terrorism: 2015-2020”, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 2015, accessed August 15, 2017, http://msb.gov.ba/PDF/STRATEGIJA_ZA_BORBU_PROTIV_ TERORIZMA_ENG.pdf.

[50] Bosnia and Herzegovina Council of Ministers, „Strategy of Bosnia and Herzegovina for preventing and combating terrorism: 2015-2020”, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 2015, accessed August 15, 2017, http://msb.gov.ba/PDF/STRATEGIJA_ZA_BORBU_PROTIV_ TERORIZMA_ENG.pdf.

тероризмот. Што е уште поважно, во јули 2014 година беше донесен Законот за борба против странски терористи, спречувајќи ги босанските граѓани да учествуваат во која било паравоена организација. Единаесетти септември и терористичките напади го насочија вниманието на светските медиуми кон религиите и верските прашања. Од Единаесетти септември, улогата на верските заедници во промовирањето на: мирот, соработката и соживотот, од една страна и употребата, злоупотребата и злоупотребата на религијата, од друга страна, стана една од најдискутираните теми во меѓународните медиуми. Слични теми, исто така, станаа насловни приказни во Босна и Херцеговина. Затоа, постои потреба за проучување на содржината на насловите и вестите на босанските медиуми за религиите и феномените поврзани со религијата. Анализата на содржината на дневните весници се базираше на зачестеноста на појавувањето на десетте термини поврзани со верските заедници, мултикултурализам и екстремизам. Истражувањето опфати написи од 1 јануари 2017, до 31 јуни 2017 година, покривајќи четири главни дневни весници во Босна и Херцеговина: „Дневни аваз“, „Дневни лист“, „Независне новине“ и „Ослобоѓење“.

Во овој период, весниците споменати погоре, објавуваат 6 390 написи, меѓу кои: „Дневни аваз“ со 2 413 написи во весникот со најголем број објавени написи, по што го поврзува „Ослобоѓење“, со 2 268 статии, потоа „Независне новине“, со 932 статии и на „Дневни лист“, со 777 објавени написи. За разлика од периодот

| Daily Newspapers | Period (January-June 2017) | | | | | | | | | | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Religion | Multiculturalism | Tolerance | Extremism | Terrorism | Interfaith dialogue | Islam | Ortho-dox-Christianity | Roman-Catholicism | Judaism | |
| *Dnevni avaz* | 17 | 0 | 25 | 4 | 13 | 0 | 109 | 11 | 9 | 5 | 193<br>7.99% |
| | 0.70% | 0% | 1.03% | 0.16% | 0.53% | 0 | 4.51% | 0.45% | 0.37% | 0.20% | |
| *Oslobodjenje* | 46 | 0 | 27 | 2 | 13 | 1 | 125 | 53 | 26 | 28 | 321<br>14.19% |
| | 2.02% | 0% | 1.19% | 0.08% | 0.57% | 0.04% | 5.51% | 2.33% | 1.14% | 1.23% | |
| *Nezavisne novine* | 7 | 0 | 19 | 2 | 4 | 0 | 27 | 29 | 1 | 0 | 89<br>9.54% |
| | 0.75% | 0% | 2.03% | 0.21% | 0.42% | 0% | 2.89% | 3.11% | 0.10% | 0% | |
| *Dnevni list* | 8 | 0 | 15 | 1 | 10 | 0 | 41 | 23 | 14 | 2 | 114<br>14.67% |
| | 1.02% | 0% | 1.93% | 0.12% | 1.28% | 0% | 5.27% | 2.96% | 1.80% | 0.25% | |

пред 9/11, горенаведените податоци укажуваат дека за мерниот подрегион од државите на Западен Балкан, имено во Босанската федерација дневните весници значително ги претставуваат религиозните теми.

Зачестеноста на објавените написи, со користење на клучните термини насочени во оваа студија, претставува како медиумите се занимаваат со религиозни теми во Босна и Херцеговина.

Објавените написи за шест месеци се занимаваат со еден или повеќе проучувани поими, меѓу кои најголем број се однесуваат на исламот или муслиманите (42 %), додека на мултикултурализмот не му се посвети внимание со ниту една од објавените написи на оваа тема. Екстремно малиот број вести за мултикултурализмот јасно покажува дека нема интерес за негова промоција. Напротив, босанските националисти ја промовираат Босна и Херцеговина како: „длабоко поделено општество“, „етничка демократија“ и „Етнополис“, во која живеат изолирани едни од други различни етнички групи, заради силната националистичка реторика и „етнополитика“. [51] Втора најчеста тема се православните христијани, додека поимот толеранција е на трето место со 86 или 13 % од целосно објавените написи. Интересно е што весникот „Ослобоѓење“ објави најголем број написи за православните христијани: 53 или 45,68 % од 116 написи. Исто така, забележливо е дека овој весник објавил најголем дел од написите со овие теми: 44,76 % од 717 или 321 објавени статии, додека весникот „Независне новине“ објавил помалку написи, односно 89 од нив, или 12,41 %.

Воочливо е дека податоците покажуваат дека сите четири дневни весници промовираат толеранција и разбирање.

| Весник | Позитивен тон на статијата | Негативен тон на статијата |
|---|---|---|
| *Дневни аваз* | За една деценија 27 терористи беа осуден на | Босански заблуди и идеали (24.6.2017) - За |

[51] Asim Mujkić, Mi gradjani etnopolisa (Sarajevo: Sahinpasic, 2007).

| | | |
|---|---|---|
| | 135 години затвор (6.2.2017).<br><br>Најстрога осуда на тероризам (5.6.2017) | босанските муслимани и нивните политичари |
| *Дневни лист* | Тема Фрањо: Католичката црква е за обединета и интегрална Босна и Херцеговина (9.2.2017)<br><br>Миле Ласиќ: И Српската Република е моја земја/територија (10.1.2017)<br><br>Пример за соживот: Владиката Григорије направи ифтар за мостарскиот муфтијата (10.6.2017) | Оче свети, и во Ватикан си опкружен со лицемери<br><br>(27.2.2017) Коментар на пораката на папата Фрањо дека е подобро да се биде атеист отколку лицемер, Босна е состојба на ПТСН, радикализмот е нашата судбина, а моето писмо до Колинда не беше сексистичко (9.1.2017)<br><br>Саудиска Арабија и Турција се финансирачки Салафии во БиХ (8.4.2017)<br><br>Знамињата на ИСИЛ во хрватски села (27.5.2017) |
| *Независне новине* | На децата им треба практика, а не религиозно образование (4.4.2017)<br><br>Да се радуваме на животот и едни на други (15.4.2017) – во однос на соживотот во Мостар | БиХ е единствената што не учествуваше на состанокот поврзан со уништување на исламската држава<br><br>(3.2.2017) |

| | | |
|---|---|---|
| | Насилниот екстремизам е проблем за сите во Босна (13.3.2017)<br><br>Џамијата Арнаудија ќе ја заокружи разгледницата од Бања Лука<br><br>(23.4.2017) | Џихадистите добиваат лажни идентитети во<br><br>БиХ (16.6.2017) |
| *Ослобоѓење* | Убиство на невини луѓе е криминал и грев што не се простува<br><br>(29.4.2017) – За исламот и<br><br>тероризмот<br><br>Исламот и теророт не одат заедно (22.4.2017)<br><br>Хагада - Симбол на единство и<br><br>Човештвото | Верските заедници и<br><br>политичките лидери имаат заедничка цел.(3.4.2017) – за односите меѓу црквата и световната држава во БиХ<br><br>Екстремизам на муслиманското братство и Босна и Херцеговина<br><br>(7.1.2017) |

Табела 1. Наслови од дневните весници – часописи

Како што е прикажано во табелата, повеќето дневни весници имаат во негатива ставови за: тероризмот, екстремизмот и насилството воопшто. Сепак, како што весникот „Дневни лист“ прикажува и контекстуализира одредени верски групи во Босна и Херцеговина, негативно во поглед на радикализмот и тероризмот, очигледно е дека медиумите, особено врз основа на нивните примарни улоги да информираат и едуцираат, треба внимателно да пристапат кон одредени теми и прашања и да ги елаборираат повеќе за дополнително да ги едуцираат масите. Понатаму, целата медиумска индустрија треба да се врати

на етичките и моралните стандарди на новинарската професија и да оди подалеку од секојдневниот сензационализам во вестите.

Покрај анализата на содржината на медиумите кои ја прикажуваат религијата и религиозните прашања во Босна и Херцеговина, овој труд ги анализира јавните изјави на двајца верски водачи во Босна и Херцеговина, и тоа: Хусејн еф. Кавазовиќ, Големиот муфтија на Исламската заедница и Архиепископот Винко Пуљиќ, Римокатоличката црква. За студијата, беа избрани 20 случајно избрани јавни изјави кои се состојат од приближно 3 500 зборови за секој од нив. Врз основа на компјутерски асистирана анализа на зборот и зачестеноста на категоријата беа анализирани најчестите зборови. Тие беа класифицирани на следниов начин:

- Човекови и верски права;
- Држава и владеење на правото;
- Криминал, тероризам и безбедносни прашања;
- Општествено-политички прашања и проблеми;
- Верски заедници и соработка.




Табела 2. Анализа на содржината во говорот на верските водачи

Табелата 2 јасно покажува дека и двајцата верски водачи не ги нагласуваат: државата, владеењето на правото, криминалот, тероризмот и прашања по безбедноста, можеби сметајќи ги за работи на државата. Сепак, и двајцата верски водачи на сличен начин ја истакнаа важноста на човековите и верските права и верската соработка. Она што двајцата верски водачи го нагласија, се социо-политичките прашања, од причина што Босна и Херцеговина мора да го сврти своето внимание од дневната политика кон: подобро образование, здравство, услуги на државните институции и, севкупно, подобар квалитет на живот.

Ова е особено случај заради значителниот пад на наталитетот и депопулацијата на земјата, бидејќи: многу млади луѓе, професионалци и експерти одлучија да мигрираат во Европа. Во денешниот свет на глобализација, кога

линиите меѓу Истокот и Западот, меѓу „нас“ и „нив“ и меѓу христијаните и муслиманите се премногу често извор на: конфликти, војни и тероризам, неопходен е дијалог со другите: религии, култури и народи, поитно од кога било досега за да се постигне мирен соживот.

Христијанството и исламот располагаат со ресурси да го поддржат меѓурелигискиот дијалог и поимите за плурализам и толеранција кои одговараат на реалноста на 21 век. Иако Исламската заедница беше многу активна во справувањето со екстремизмот во Босна и Херцеговина, традиционалните локални верници, кои се придржуваат до доблестите на мирен соживот во плуралните општества и исламот во европски контекст, не им дадоа простор на новите религиозни облици (кои се туѓи на општествената и културната средина) да бидат основата во нивните заедници.

Понекогаш, дури и европските интелектуалци, дипломати и креатори на политики изразуваат: автохтони, традиционални и вековни практики на исламската религија во Босна и Херцеговина. Затоа, таквата религија има свое место во Европа. Исламската вероисповед во Босна и Херцеговина претставува дел од културното и цивилизациското наследство во рамките на секуларната и либералната држава.

И покрај минатите и сегашните општествено-политички проблеми, Босна и Херцеговина како микрокосмички мултикултурен модел претставува сè повеќе меѓусебно поврзан и разновиден свет. Босанската мултикултурна парадигма пркоси на перспективата на Хантингтоновиот судир на цивилизации. Затоа, мултикултурната парадигма не е само централна за обновата и транзицијата на Босна и Херцеговина, туку и за светот како целина. Босна и Херцеговина низ историјата успеала да ги инкорпорира: етничките, верските и културните различности и проектирала карактеристичен мултикултурен државен идентитет. Одредени случаи на спорови и конфликти, како што е елаборирано во трудот, честопати биле предизвикани од надворешни влијанија. Ваквите влијанија беа особено политички и економски мотивирани од регионалните држави, како Србија и Хрватска. Како мултикултурна држава, Босна и Херцеговина отсекогаш цутела

како дел од една поголема целина. Затоа, иднината на оваа мала земја лежи во приклучувањето кон ЕУ, семејство на нации кои ја поддржуваат различноста.

Надградба на либералните вредности, космополитски мултикултурализам, традиција и различните социо-културни вредности кои произлегуваат од минатото на Босна би го зајакнеле патот на ЕУ кон постигнување на целта за создавање семејство на народи.

### *14.3. Верскиот екстремизам во Албанија – Итни потреби и спонтан одговор на неочекуваните предизвици*

По долг период на државното непријателство кон верските заедници под комунистичка власт, обновувањето на религиозните институции и градењето заедници на верниците претставуваше сериозен предизвик во раните 1990-ти години за регионот. Не само во поглед на отсуството на инфраструктура, односно имотно-правните спорови за постојните, туку и недостигот на образовни и верски институции, предизвика големи проблеми во овој поглед. Соочени со тешки економски проблеми и социјални предизвици во преодниот период, враќањето на суштината на верата кај верникот, претставуваше предизвик сам по себе. Од друга страна, беа кревки напорите за раните демократски процеси – градењето на демократски институции и владеење на правото веднаш по падот на комунизмот. Тоа дополнително беше погодено од општествените немири во Албанија од 1997 година, што ја постави државата значително во инфериорна состојба во поглед на справувањето со предизвиците исправени пред верските институции во текот на ‘90-тите години.

Како доминантна верска заедница во земјата, предизвиците и потребите на Албанската исламска заедница (АИЗ) беа разбирливо огромни. Следствено, многу странски организации (верски и хуманитарни фондации, меѓутоа и други актери) рано влегоа во преден план во периодот од ‘90-тите, а сето со цел да се помогне на верските институции во поглед на: обновата на нивните соодветни заедници, во приближувањето кон верниците, во изградбата на инфраструктура, како и да се обезбеди образование за новите генерации на верски свештеници,

главно во странство. Косовската бегалска криза (1998) даде дополнителен поттик за присуство на верски фондации во земјата, меѓу кои беа и некои за кои се сметаше дека имаат врски со терористички организации.[52] Иако сè уште Албанија се бореше да ја надмине својата состојба на слаб статус во тој поглед, странски верски организации како критични групи и групи од интерес, останаа надвор од каков било мониторинг или процес на проверка од страна на органите на државната управа, а уште помалку и од албански религиозни институции кои беа во состојба на развој.[53] Во следните години, АИЗ се соочи со внатрешни предизвици вклучувајќи недостиг на ресурси, меѓутоа и извесни интерни колизии помеѓу ханафиската традиција на земјата и мноштво салафи идеологии кои беа по начин индуцирани и интернализирани, претежно од странски верски фондации, но и од прогресивната младина (повратници) кои биле образовани во земјите од левентот, како Саудиска Арабија и Египет.

Појавата на одредени мали и изолирани настани во поглед на регионалната безбедност до средината на 1990-тите веќе сигнализираше за влијанието кое доаѓаше од одредени странски верски центри (како, на пример, инцидентите во општината Брадашеш во 1994 година, општината Воскопоја во 1996 година, и во исламската заедница Елбасан во 1997 година, итн.), но одговорот на државните власти беше прилично слаб. Имајќи го предвид наведеното, состојбата во регионот не беше во целост вон контрола. Тоа што отсуствуваше беше координираното и континуирано менаџирање на безбедносните состојби. Имено, албанската исламска заедница го забрани училиштето Ел Фарук во Черик (1994) и продолжи да се бори со салафи центри во Елбасан. Првите знаци на заземањето повнимателен пристап кон состојбата и давање соодветен одговор, најмногу во поглед на соработката со меѓународните партнери  во втората

[52] Nesser, Peter. 2004. Jihad in Europe. Exploring the motivations for Salafi-Jihadi terrorism in Europe post-millennium, Department of Political Science, University of Oslo, Oslo.

[53] Vickers M. „Islam in Albania" (March 2008, p. 4), Advanced Research and Assessment Group (Balkan Series), Defense Academy of the United Kingdom (http://www.da.mod.uk/).

половина на ‘90-тите години, следењето на ентитетите кулминираше со апсење на *Египетски исламски џихад* (ЕИЏ) – исламистичка терористичка ќелија и следователно затворање на неколку исламски фондации кои дејствуваа во Албанија.

Настаните од 11 септември целосно го трансформираа прашањето на тероризмот, гледајќи од аспект на регионална, до глобална закана, и во тој контекст пристапот на албанската влада во голема мера стана реактивен, наспроти превентивен.

Според тоа, агенциите за спроведување на законот беа главните и единствените играчи на страната на државните органи, да се спротивстават кон еден ваков момент на појава на насилен и верски радикализам во овој период. Исто така, имаше малку или, речиси, никакви активности преземени во поглед на превенцијата од верскиот екстремизам. И покрај големите чекори преземени не само од албанската управа, туку и од Албанската исламска заедница, овие напори постигнаа само скромни резултати во овој поглед. Граѓанското општеството во својот дискурс и активност, посебно во поглед на предизвиците околу радикализацијата и насилниот екстремизам заснован на религиозни идеологии, доста често е на страната на ексклузивноста, наместо тривијалноста. Воопшто, активностите на владините и невладините актери беа сведени на обичен маркетинг на верската хармонија и само таргетираа координиран и структуриран пристап за разбирање и проактивно поддржување на факторите кои ја моделираа регионалната безбедносна слика.

Во Албанија, вредноста на верската хармонија и соживотот одамна се зема повеќе за доделен отколку стекнат. Имено, инклузивниот и информиран јавен дискурс за односите меѓу: државата, верските заедници и општеството како целина, како и за предизвиците и заканите кон религиозниот соживот во земјата, речиси никогаш не се одржа. Од друга страна, прекумерната медијализација на случаите на вклученоста на албанските граѓани во Сирискиот конфликт, ризикуваше да ѝ се наштети на оваа вредност ако не се придружени со координирани активности од сите засегнати страни во поглед на расветлување на настаните. Во тој поглед, верската хармонија би била сериозно погодена ако

религиозната радикализација или насилниот екстремизам се прикриени од дискурсот и од вниманието на клучните играчи или, уште полошо, ако се поистоветуваат со минливи симптоми. Впрочем, мнозинството претставници од државните институции на централно ниво во сите определени целни групи не покажаа доволно ниво на располагање со информации за појавата, освен свеста од медиумското известување. Клучни информатори од државната безбедност, институциите како полицијата и разузнавањето, меѓутоа и другите агенции за спроведување на законот, беа единствени претставници кои дадоа значително издржани информации за појавата која беше мерена со полуструктурираните интервјуа.

Додека една општа перцепција сугерира дека радикализацијата е изолирана епизода на приклучување албански граѓани кон Сирискиот конфликт или ограничен на дејност на дивите џамии, како што се оние во Мезез и Тирана (Џамија е Уназес), голем број од добро информираните интервјуирани субјекти (обично експертите, практичарите и другите претставници од агенциите за спроведување на законот, истражувачки медиуми, академски кругови и тинк-тенкови), сугерираат дека на религиозниот верски екстремизам и радикализмот во сегашната фаза може етиолошки да им се додаде квалитет на феномен во рана фаза. Дел од нив тврдат дека Албанија е сведок на знаци на такфиризам – екскомуникација, додека многу претставници на АИЗ имаат тенденција да се намали важноста или сериозноста на феноменот во Албанија. Сепак, и покрај раната фаза за религиозна радикализација, добро информирани испитаници во полуструктурираните интервјуа сугерираат дека анализата, исто така, мора да антиципира неколку елементи.

Најпрво да се спомене дека иако Албанија припаѓа на Ханефиската традиција на исламот, добар дел од свештениците на АИЗ доаѓаат од поконзервативни школи. Впрочем, она што е доста очигледно во комуникација со претставниците на Албанската исламска заедница е ставот дека во моментов многу од свештениците доаѓаат од арапски и турски медреси, а има и значителен број на свештеници без формално верско образование (автодидакти). За разлика од мнозинството од овие свештеници, некои не успеаја да се усогласат со

Ханефиската традиција на исламот, така што постои праксата на пропагирање на построга традиција. АИЗ честопати се залагала овие разлики да се усогласат, меѓутоа тоа во повеќе наврати било поткопано од трајно скриената дивергенција во склоп на АИЗ. Овие квалитети беа истакнати во неколку интервјуа, извршени со дел од припадници од АИЗ, меѓутоа и со други клучни информатори, како што се експерти и истражувачки новинари, а чијшто придонес во рамки на оваа студија се во дискреција. Многу од овие извештаи ја пресликуваат борбата за власт, но и други прашања од интерес во рамките на АИЗ, додека, пак, наводните Ѓуленистички групи, според клучните информатори, имаат значителна контрола над дел од управата во АИЗ. Многу од нив тврдат дека таквите внатрешни радикални групи може да користат тензии во остварување на своите цели, што следователно може да предизвика раздор меѓу умметот на локално ниво.

Иако салафи/вахабизмот не може да се смета за приоритетно движење во Албанија, не само заради недостаток на теолошки водач, евентуалниот сомнеж во структурата на АИЗ може да доведе до манипулација со заедницата на умметот. Некои од клучните елементи на оваа студија, од аспект на изворите на информирање, наведуваат дека постоењето на нелегални џамии и изолирани случаи на свештениците во рамките на АИЗ кои проповедаат конзервативен ислам, говорат за преиспитувањето на способноста и компетентноста на исламската заедница во Албанија, потеклото на постојните финансиски ресурси. Многумина од повратниците Албанци, кои студирале и биле под влијание од страна на салафи/вахабистичките идеологии, имаат корист од финансиската поддршка на странски верски фондации не само за време на нивните студии, туку и понатаму, после нивното враќање во Албанија. Тоа го потврдуваат и многу добро информирани испитаници, најмногу од министерството за внатрешни работи, меѓутоа и соработници со истражувачки медиуми и членови на АИЗ. Како би стасале до повеќе членови, овие групи често обезбедуваат поддршка за вработување и стартап програми за нивните потенцијални членови.

Важен елемент претставуваат интервјуата со клучни информатори кои го потврдуваат фактот дека конзервативната традицијата на исламот не ужива широка поддршка од муслиманската заедница во Албанија. Сепак, дејствијата на

изолирање промовирани поединци, особено од локални свештеници, кои се придржуваат до конзервативната традиција на исламот, претставува контрапродуктивен момент бидејќи може да доведе до нивна натамошна радикализација. И во тој контекст, имајќи предвид дека тие се дел од муслиманската заедница и ги посетуваат истите верски институции, нивната изолација често резултира со тензии со полибералните членови на умметот или другите верски заедници. Ваквите случаи ги потврдуваат: поранешни и сегашни претставници на АИЗ, разни експерти и претставници на министерството за внатрешни работи, како и разузнавачи со кои е разговарано за време на почетната фаза од анализата.

Впрочем, додека АИЗ тврди дека има целосна контрола над верските образовни институции (медреси) и џамии под нивна надлежност како верски орган, експертите, сепак, нагласуваат дека прашањето сè уште останува отворено во однос на религиозните објекти кои се надвор од закрилата на АИЗ. Имено, во однос на недостаток на ресурси за институциите на АИЗ и тоа особено во периферните области на земјата, ризикот за надворешно влијание е значителен, а тоа од причина што овие верски институции со целиот свој габарит од социјална вмреженост, пред сè, може да бидат искористени од страна на радикални групи за распоредување и менаџирање на нивните влијание меѓу умметот и тоа доста често преку: верска или стручна обука, спроведување на курсеви на љубезност, итн.

Оттука, произлегува важноста на системот на државна безбедност, имено неговата неактивност во целост или во делови преоѓа кон државна небезбедност. Особено е важно институциите тесно да соработуваат и во повеќе димензии со АИЗ, во однос на решавање на различни прашања кои делумно и произлегуваат од загриженоста на муслиманската заедница, а што, пак, како пракса може да послужи за минимизирање на ризикот од продирање и проширување на радикалните групи. Тоа, секако, ќе влијае на довербата на јавноста во партнерскиот однос на државниот елемент со АИЗ или државата определена со елементите на одговорност и праведност во позитивна корелација кон верскиот субјект локално, па и регионално, преку споделување на искуствата и

дефинирање на заедничка цел. Некои предуслови за такви безбедносни сценарија се потврдуваат, но и пресликуваат како потенцијални со висок степен на остварливост, преку оваа анкета која беше спроведена со граѓаните и е преточена во оваа студија.

Последно, но не и најмалку важно, треба да се посочи состојбата во регионот на земјите од Западен Балкан, на индеферентното, па и непостоечко граѓанско општество, во оддалечените области, односно недостаток на конкретни активности за сиромаштијата. Загриженоста на младите и заедницата исчезна во огромната празнина како резултат на личните интереси, така што егоцентризмот и празните надмудрувања создадоа услови за верска радикализација. Меѓутоа и надвор од овие области, граѓанското општество никогаш не поттикнало отворен и јавен дискурс заснован врз докази, врз аргументи, а тоа од причина што организацијата и планирањето на акции, воопшто, нужно изоставаат: анализи, мерења и проби во поглед на елигибилноста на политиките, па дури и на позитивните вредности и реалности, како што е, на пример, недостатокот од исцрпни анализи за проблематиката околу јавната поддршка за конзервативниот ислам во регионот.

Останатите верски вредности и традиции не беа дискутирани и промовирани, барем не до таму да предизвикаат јавно двоумење во поглед на поединечни поведенија и верски (како хаџ или други должности на верниците) кои можат го поттикнуваат подемот на исламофобијата, што, пак, е другата страна во екстрем од верскиот радикализам.

Со оглед на сложеноста на основните причини, влијанието врз развојот и двигателите на религиозната радикализација и насилниот екстремизам, посочувањето на феноменот и неговата превенција, повикува на координирани активности од повеќе засегнати страни. Сепак, пристапот и активностите на клучните играчи, меѓутоа и недостатокот од нив, во изминатите години во Албанија не го рефлектираат таквото поимање.

## 15. Појава на религиска радикализација

Од ескалацијата на Сирискиот конфликт (2011-2012) меѓународните медиуми известуваа за странски државјани кои се приклучуваат на конфликтот. Во ноември и декември 2012 година, медиумите објавија за првите жртви од Албанија кои се бореле во Сирија,[54] додека бројот на такви извештаи за албански жртви или граѓани кои се приклучија на конфликтот се зголеми во втората половина на 2013 година.[55] Сепак, речиси сите клучни општествени чинители во земјата: државните институции, АИЗ, граѓанското општество, итн., беа првично пресретнати од нивниот динамичен развој. Како што подоцна беше развиена поголема чувствителност, многу од клучните играчи често ги идентификуваа овие случувања со строг предизвик за безбедноста или владеењето на правото, со што не успеаја да развијат поголем проактивен пристап кон религиозната радикализација во поширок општествен контекст.

Дури кон крајот на 2013 и почетокот на 2014 година јавната дебата за ова прашање се интензивираше и активностите на државните (најчесто безбедносните) власти дополнително еволуираа. Во јули 2014 година, Албанскиот парламент воведе измени во Кривичниот законик кои се однесуваат за вмешаност во воени дејствија во странска земја. Како што е објаснето во Извештајот на Парламентарниот комитет за национална безбедност, амандманите имаа за цел да ја решат оваа загриженост и да спречат натамошен развој на овој феномен.[56] Сепак, се наведува дека одговорот е ограничен на агенциите за спроведување на законот најмногу преку ретроактивни и принудни

---

[54] Пријавени жртви од Албанија: Shqiptarja.com (http://www.shqiptarja.com/

actuality/2731/nga-tyrana-n--syria-vdes-kund-r-assad-e--ma-dua-trupin-e-djalit-134753.html).

[55] Албански високи функционери известуваа дека тој период (мај 2015 година) нема нови случаи на албански државјани кои се приклучиле на овој конфликт како странски борци. Говорот го одржа министерот за внатрешни работи на Албанија на конференција. Извор: Албанско МВР: http://www. punetebrendshme.gov.al/al/te-rejat/Çalime/tahiri-ekstremizmi-adresohet-me-se-pari-me-instrumente-shoqerore&page=1 (accesse)

[56] Извештај на парламентарната комисија за национална безбедност:

http://www.parlament.al/web/pub/raport_kom_sigurise_ndryshimi_i_kod_penal_16500_1.pdf. Види и Закон бр.98/2014 од 31.07.2014 година http://www.parlament.al/web/pub/ligj_nr_98_dt_31_7_2014_18584_1.pdf.

мерки. Други државни институции, кои требало да се вклучат во превентивните мерки, се: министерства (на пример: Министерство за образование и спорт, Министерство за социјална заштита), државни инспекторати и служби (на пример: просветен инспекторат, Национална служба за вработување, итн.), локални самоуправи, регионални образовни дирекции, и други. Неколку интервјуа со претставници на овие институции сугерираат дека радикализмот или насилниот екстремизам врз религиозна основа не биле во фокусот на нивната работа.

Клучните информатори во Тирана и експертите интервјуирани во оваа студија сугерираат дека АИЗ (Албанска исламска заедница), исто така, била пресретната, но најмногу во однос на тоа „како да реагира“, со оглед на фактот дека била целосно свесна за одредени случувања, како што се нелегалните џамии. Додека АИЗ беше активна во објавувањето на пораките за обесхрабрување на вмешаноста на Албанците во конфликтот во Сирија, клучните информатори на студијата сугерираат дека тоа требало да биде придружено со поистакнати акции. Таквите акции вклучуваат не само поблиска соработка со државните власти и умметот (внатре и надвор, формални структури на АИЗ), туку и со објаснување на муслиманските верници зошто ваквите случувања и тенденции не се во склад со ханефиската традиција и вредности. Целосното искористување на Советот на теолози на АИЗ за да им помогне на имамите на локално ниво или охрабрувањето на успешните свештеници да го споделат своето искуство со други врсници и пошироко со умметот, се некои од пропуштените чекори предложени од експертите. Дополнително, откако обвинителството покрена кривично гонење на свештеници на илегална џамија, останува нејасно зошто АИЗ не идентификувала и пријавила такви незаконски институции и активности во рамките на својата заедница порано од 2014 година.[57]

[57] Во интервју за медиумите, раководителот на АИЗ (Скендер Бручај) сугерираше дека по неговиот избор за претседател (во март 2014 година) АИЗ формираше работна група за идентификување на нелегални џамии. Извор:

Понатаму,  договорот меѓу државата и АИЗ предвидува дека во таков случај таа треба да ги информира релевантните државни органи.[58]

Согласно Договорот меѓу државата и АИЗ, државата е застапувана од ДКК (Државен комитет за култови) во односите со Албанската исламска заедница. Ханефиската традиција на АИЗ е наведена во член 2 од Договорот, додека во член 3, точка ѓ) ги гарантира дејствијата на АИЗ против деформациите и екстремистичките тенденции. Комитетот, односно ДКК, игра активна улога според овој Договор, како претставник на државата за заштита и развој на односите меѓу државата и АИЗ. Сепак, некои клучни информатори тврдат дека ДКК не успеа да поттикне проактивен и кооперативен пристап помеѓу верските институции и државните власти, и тоа не само во светло на настаните кога албански граѓани се приклучуваа кон сирискиот конфликт, туку, исто така, и со други случувања кои ја вклучуваат или влијаат врз АИЗ (на пример, изградбата или трансформацијата кон илегални џамии и образованието на свештеници во странство). Од друга страна, мнозинството клучни информатори нагласуваат дека не е само чувствителноста на таквите случувања кои бараат, пред сè, проактивна АИЗ, туку и: недостаток на ресурси, капацитети, па дури и нејасен мандат на ДКК, што ја ограничува оваа институција да посредува или да преземе проактивна улога.

Граѓанското општество речиси и да не постои во охрабрувањето или развивањето на информиран дискурс за тенденциите за радикализација, исламофобијата и другите религиозни случувања во земјата. Навлегување подлабоко во поширокиот контекст на прашањата поврзани со: насилниот екстремизам, верскиот радикализам и други вознемирувачки тенденции, како, на пример, случаи на приклучување на Албанци во вооружени конфликти во странство, охрабрувањето на дискурсот заснован врз докази за потребите и

---

Дневен печат *Мапо* од 17 март 2014 година http://mapo.al/2014/03/17/kreu-myslimaneve-projekti-per-te-vene-nen-kontroll-xhamite ilegale

[58] Станува збор за договор одобрен од Парламентот на Албанија; Закон бр.10056 од 22.01.2009 г. Вакви договори се усвоени и за другите верски заедници во Албанија. Во Албанија постои законодавство за религиите кое по 1990 година е достапно на веб-страницата на ДКК: http://www.kshk.gov.al/legjislacioni-per-fene-pas-vitit-1990/.

механизмите за превенција никогаш не стигнало до агендата на граѓанското општество во минатото. Како сектор поддржуван претежно од донатори, граѓанските организации и други независни истражувачки субјекти неодамна, кај неколку донатори изразија интерес и загриженост за религиозната радикализација. Сепак, освен неколку иницијативи, кои користеа кооперативен пристап со верските институции за различни релевантни прашања, други обиди на граѓанското општество ги таргетираа верските институции и другите играчи во овој домен како споредна целна група.

Предизвикот за справување со верската радикализација и дизајнирање ефикасни механизми за борба со насилниот екстремизам, бара водство од специфични институции и отвореност на страната на одредени други играчи. Несомнено, тоа го поттикнува активното вклучување на сите општествени актери кои се впуштаат во информиран дискурс за да стигнат до алтернативи и процеси релевантни за контекстот со одржливо влијание. Разбирањето на ранливите области: социјалните, економските, како и динамиката на другите предизвици на локално ниво, претставува прв чекор и клучен предуслов за таков информиран дискурс, за мапирање на релевантните двигатели на насилниот екстремизам и за евалуација на нивната значајност и големина. Следните поглавја од оваа студија ја елаборираат релевантноста и важноста на клучните двигатели за религиозната радикализација и насилниот екстремизам во осумте целни области истражувани од овој проект. Треба да се спомене дека целиот тек на истражувањето зема предвид голем број релевантни извори и податоци поврзани со богата низа на варијабли и индикатори собрани преку квалитативна анализа и квантитативни истражувачки инструменти, како што е елаборирано во делот методологија.

### *15.1. Водечки фактори за радикализација и клучни двигатели на појавата на насилниот екстремизам*

Во овој поглед ја анализираме радикализацијата како серија на различни процеси преку кои поединци прифаќаат верувања кои го оправдуваат и пропагираат насилството. Двигателите на насилниот екстремизам не се

ограничени на специфични фактори, туку ги вклучуваат и: општествените процеси, личните односи и групната динамика, кои го олеснуваат преземањето активности на насилниот екстремизам. Религиозната радикализација (како процес) и насилниот екстремизам (како резултат) се: овозможени, поттикнати и/или обликувани од богат спектар на фактори и двигатели, кои работат во контекст на одредена земја и на макро (општествено) и на микрониво (индивидуално/групно). Најчесто, влијанието што го имаат таквите фактори е сложено и меѓусебно поврзано, додека резултатот секогаш не ги достигнува нивоата на насилниот екстремизам и покрај високиот потенцијал за тоа. Затоа, испитувањето на феноменот во дадено социо-економско и политичко опкружување и следењето на неговите основни причини и извори треба да ги земе предвид не само индивидуализираните двигатели и нивната важност, туку и динамиката на интеракциите. Исто така, зошто нивното влијание се материјализира во религиозен радикализам и насилен екстремизам во специфичен контекст, како и зошто меѓусебните врски на исти или други фактори кои го поттикнуваат во еден регион изгледаат помалку загрозувачки. Ваквиот пристап и разбирање ја водеа идентификацијата на рамката на двигатели на насилниот екстремизам, која ѝ служи на студијата за да го разбере феноменот, особено од аспект на превенција. Под претпоставка дека не може да постои општа (глобална) теорија за тоа зошто и како се случува пресвртот кон насилниот екстремизам, студијата го разгледува локалниот контекст. Оттука, беше извршена проверка на релевантноста на идентификуваната рамка на двигатели на насилниот екстремизам во поглед на контекстот на Албанија и сеопфатните карактеристики на феноменот на верската радикализација и насилниот екстремизам во земјата преку процеси на валидација и алатки за контекстуализација. Студијата ја користи рамката на двигатели развиена од Џулијан Дено (Guilain Denoeux) и Лин Катер (Lynn Carter) (2009),[59] кои

[59] *Водич за двигателите на насилниот екстремизам* (февруари 2009 година) и *Помош за развој и контра-екстремизам: Водич за програмирање* (октомври 2009), Management Systems International.

идентификуваат три различни категории на двигатели на насилен екстремизам: социо-економски (шест двигатели), политички (единаесет двигатели) и културни (три двигатели). Како што сугерираат авторите, овие двигатели не претставуваат една толку исцрпна листа, но литературата за насилниот екстремизам открива дека тие често играат истакната улога. Дополнително, водичот за двигателите на насилен екстремизам сугерира дека тој мора да се гледа во контекст и затоа, почетната фаза на студијата за идентификација на иницијаторите – двигателите на насилниот екстремизам, помина низ внимателен преглед на рамката на двигатели на насилниот екстремизам. Имено, водичот ги истражува двигателите на насилниот екстремизам со посебен осврт на муслиманскиот свет и тоа најмногу кон земјите од регионот на: Блискиот Исток, Северна Африка, Јужна Азија, особено Пакистан, Авганистан и Индија, во периодот на изминатите три децении. Џулијан Дено и Лин Картер сугерираат дека е тешко да се генерализира низ региони, земји и периоди, за основните услови што ги создаваат групите кои го промовираат насилниот екстремизам, бидејќи тие групи се појавија во екстремно различни: општествени, политички и економски средини. Ако истражувањето се насочи единствено кон социјалните и економските услови, мора да се забележи дека насилниот екстремизам се манифестираше во широк спектар на социо-економски услови, и тоа од сиромашни општества, до напредни индустријализирани земји. Како резултат на тоа, истражувањето дисквалификуваше три политички двигатели (од единаесет) кои, според анализата на контекстот и увидите беа предложени за клучните информатори. Овие двигатели, како што се опишани во гореспоменатата студија, опфаќаат:

- *Локални конфликти.* Локалните конфликти од доволен обем може да создадат хаос, да ги онеспособат владините институции и да резултираат со вакуумот за моќ да го искористат групите кои дејствуваат во доменот на насилниот екстремизам. Овие групи ќе се обидат да ја привлечат едната страна во конфликтот и ќе настојуваат да се наметнат транснационално.
- *Државна поддршка.* Засегнатите влади, странските држави или групи/поединци однатре – честопати го поддржуваа насилниот екстремизам

гледајќи некои свои, често пати, маргинални цели, меѓутоа подоцна тие ја губат контролата над нив.

- *Дискредитирани влади.* Или исчезнати, често и манипулирни легални опозиции, а доста често во ситуација на причинет хаос кога режимот е целосно дискредитиран и нема одржлива опозиција, оние кои сакаат да се спротивстават на владата и да спроведат реформи ќе бидат истиснати надвор од нормалните политички канали и може да ги поддржат групите на насилниот екстремизам.

За уште две од категоријата политички двигатели, почетната фаза на оваа студија заклучи дека нема директна важност за контекстот на земјата, интрогено перципирано од аспект на проблематиката на студијата. Меѓутоа, истражувањето утврди дека некои од мотивите за религиозна радикална активност се манифестираат преку случаи на локални граѓани кои се приклучуваат на вооружени конфликти во странство и се поврзани со перцепциите за овие фактори/двигатели надвор од границите на земјата – егзогено перципирано, како што следува (G. Denoeux и L. Carter, 2009):

*а) Странска окупација*

Земјите кои се предмет на странска воена окупација се изложени на ризик од бунт и кршење на правата. Поддршката за активностите на насилен екстремизам може да произлезе од поединци кои сакаат да го „откупат“ срамот на нивната личност и заедница.

*б) Политичко или воено навлегување*

Големиот политички или воен упад во внатрешните работи може да дејствува како обединувачки елемент, при што заедницата прибегнува кон насилство за да ја „откупи“ индивидуалната и колективната чест. Меѓутоа, силниот отпор доста често е интринзичен за заедниците со историски висок степен на автономија и саморегулација.

## 16. Социо-економски профил на двигателите на насилниот екстремизам во регионот на државите од Западен Балкан

Претходно е споменато дека различните општествени процеси се клучни за олеснување, спречување, но и заштита на поединци од регрутирање од радикални и насилни екстремистички групи или нивна поддршка од заедницата. Ваквите процеси може да бидат доста широки и во својот опсег да продираат во повеќе сегменти од општествената динамика, како што се: фрагментација на општеството, маргинализација на одредени групи, социјална дискриминација, фрустрации поради неисполнети очекувања, лишување од економски и социјални права, подем на нелегални економски активности поврзани со алчност и прифаќање на лесен и незаконски приход.[60]

Од еден потесен аспект гледано, слични критични процеси може да вклучат различни динамики во својот развој. За време на теренската работа, сите овие социо-економски двигатели беа земени предвид за да се разбере нивното значење и присуство во целните области, како и заканата што ја претставуваат за овие заедници во однос на ранливоста и поддршката за радикалните религиозни групи и насилниот екстремизам. Со население кое регионално гравитира од околу 2 милиони жители, кај земјите од Западен Балкан има различни социо-економски показатели кои значително се разликуваат меѓу различни региони. Особено е впечатливо дека планинските и руралните области бележат најниски бројки за социо-економски развој. Предизвиците поврзани со социјалната вклученост се тесно поврзани со долгорочните цели за економски и социјален развој во Албанија,[61] на пример за 2013 година, бруто домашниот производ (БДП) по глава на жител изнесува 471 илјади албански леки. Изразено со Стандардот за куповната моќ, тоа е една третина од просекот на БДП по глава

[60] Guilain Denoeux and Lynn Carter 'Development Assistance and Counter-Extremism: A Guide to Programming', (20009).

[61] http://www.al.undp.org/content/albania/en/home/countryinfo/

на жител на земјите од Европската Унија.[62] Вкупната стапка на невработеност во земјата во текот на 2014 година се проценува на околу 17,9 % и 32,5 % кај младите (од 15-29 години).[63]

Според Европската комисија, социјалното исклучување е процес во кој одредени поединци се туркаат кон работ на општеството и се спречени да учествуваат целосно заради нивната сиромаштија или недостаток на основни надлежности и можности за доживотно учење или како резултат на дискриминација.[64] Концептот на социјална исклученост го одразува нивото на (не)задоволени потреби на поединците во општеството. Овие потреби не се само економски, туку и: социјални, културни и политички.[65] Овој концепт покажува колку е важно да се фокусираме на социјалната исклученост во споредба со концептот на сиромаштија, што е една од неговите димензии, и од причина што социјалната исклученост е стимулирана од повеќе фактори.[66] За нивото на сиромаштија во земјата, најновите податоци се добиени од Анкетата за мерење на животниот стандард од 2012 година. Најсиромашните области се крајбрежните и планинските рурални области.[67] Социјалната исклученост е отежната и со проблемите поврзани со социјалната заштита на ранливите групи, пристапот до еднакви можности и заштитата од дискриминаторски дела. Статистичките податоци за животниот стандард во Албанија откриваат социјални групи кои

---

[62] INSTAT, Albania in Figures 2014, National Accounts 29.

[63] INSTAT, Survey of Labor Force 2007-2014.

[64] European Commission/ Employment, Social A¯airs, and Equal Opportunities. (2001). Community Action Programme to Combat Social Exclusion 2002-2006: The Open Method of Coordination (http://cor.europa.eu/en/documentation/studies/ Documents/e¯ects-education-training.pdf)

[65] Castel, R. (2000). The roads to disaffiliation: insecure work and vulnerable relationships. International Journal of Urban and Regional Research, 24(3), pp 519- 535.

[66] Bejko, Erika: Poverty and Social Exclusion: Role of Individual Skills and Social, Economic, and Cultural Factors in Social Exclusion. The Bathore Case, Tirana, 2013.

[67] http://www.instat.gov.al/media/206688/shqiperi-trendi_i_varferise_2012_.pdf

живеат во сиромаштија и се изложени на социјална исклученост. Овие групи вклучуваат: жени и деца, стари лица, лица со посебни потреби, жртви на следење на луѓе и семејно насилство, и маргинализираните малцинства, како што се Ромите и Египќаните. За ублажување на социјалната исклученост на овие групи, се предвидуваат меѓусекторски државни политики реконструирани во Националната стратегија за социјална вклученост и заштита (2014-2020). Подготовката на оваа Стратегија е во тек. Невработеноста е моќен фактор што ги зајакнува перцепциите или искуствата за социјална исклученост, бидејќи недостатокот на доволни приходи не е само причина за живеење во сиромаштија. Тоа, навистина, носи социо-психолошки а последиците се рефлектираат во падот на стапката на социјализација. Така, во почетокот на 2015 година, бројот на лица во Албанија на возраст од 15-19 години беше 690 илјади. Околу 63 % од нив живеат во урбани средини и 37 % во рурални средини. Вкупно, 32,5 % од албанската младина се невработени. Младинските групи најмногу погодени од невработеноста се мажи (35,6 %) кои имаат завршено општо средно образование (1 од 4 или 24,3 %). Покрај оваа севкупна рамка која може да создаде поволни услови за радикализација и насилни екстремистички активности, оваа студија директно ги испитува личните перцепции на граѓаните за социјалната исклученост. Следниве одговори на контролни прашања во склоп на структурирано интервју беа доставени до испитаниците, кои се, или не се членови на религиозни заедници во целните области:

а) Во областа каде што живеам, однесувањето на младите е под големо влијание на нивното семејство и јавното мислење.

б) Младите во областа во која живеам се доволно ангажирани во активности кои ги држат подалеку од пороци и ризично однесување.

Важноста и релевантноста дека овој индикатор ги фаворизира и религиозната радикализација и насилниот екстремизам се проценети преку негативните одговори на двете контролни прашања:

а) влијание на семејството и јавното мислење кон младите;

б) вклучување на младите во активности кои ги оддалечуваат од ризично однесување.

Според спроведената анкета во регионот на албанските општини, значителен број испитаници, околу 64 %, сметаат дека младите во областите каде што живеат се под големо влијание на нивното семејство или јавното мислење. Според нивните перцепции, социјалните контроли за проверка на нивното однесување се присутни во заедницата. Во сите испитани области, околу 24 % од испитаниците сметаат дека не се под влијание на однесувањето на младите или контролирани од семејниот притисок и јавното мислење. Во однос на специфичните географски области, најголем број на испитаници кои веруваат дека локалната младина не е под влијание на нивните семејства и околната заедница е регистриран во Церик (55 %). Спротивно на тоа, најмал број на испитаници кои го делат истото мислење е забележан во Булќиза, каде само 10 % сметаат дека семејството и околната заедница немаат или имаат многу мало влијание над младите во нивниот регион. Видно од податоците, значително мнозинство од испитаниците, 70 % веруваат дека младите во областите во кои живеат се доволно ангажирани во активности што ги држат подалеку од пороците и ризичното однесување. Само 17 % од испитаниците веруваат во спротивното. Овие резултати се многу вознемирувачки во однос на значителното време на располагање на младите и потенцијалната изложеност на пороци и ризични однесувања, вклучително и регрутирање од радикални и насилни екстремистички групи. Руралното подрачје од општина Ќендер-Либражд има најголем број на испитаници, со 79 %, кои негираат каква било вклученост на младите во корисни активности. Во споредба со другите целни области, најголем број на испитаници (23 %) кои сметаат дека младите го користат најголемиот дел од своето време во корисни активности е забележано во Церик и Либражд.

Перцепцијата дека однесувањето на младите не е под влијание или контролирано од семејниот притисок и јавното мислење (24 %), посолидни меѓу овие испитаници: мажи (26 %), 36-40 години (28,13 %), со 9-годишно или помалку образование (28,7 %). Во однос на работниот статус, оваа перцепција е посилна

кај невработените лица (27,4 %). Испитаниците кои ги практикуваат само главните религиозни правила и ритуали (27,7 %) се чини дека се повеќе склони да веруваат во недостатокот на влијание на семејството и јавното мислење врз однесувањето на младите.

Во однос на второто контролно прашање, луѓето се склони да веруваат дека младите во нивната област недоволно се ангажирани во активности кои ги оддалечуваат од пороците и ризичното однесување: жени (69,7 %), возрасни групи од 36-40 години (76,6 %), лица со завршено средно образование (72 %) и невработени (72,9 %). Луѓе кои практикуваат редовни верски ритуали (77,5 %) имаат тенденција да веруваат дека младите не се доволно ангажирани во корисни активности. Повеќето клучни информатори интервјуирани во осумте целни области потврдија за улогата и можноста за поттикнување на радикализација и насилен екстремизам како резултат на перцепциите за социјална исклученост и маргиналност кај младите. Според нив, значајни фактори на радикализација се: ниското економско и дефицитарно образовно ниво, руралните и, главно, приградските средини, невработеноста, недоволната вклученост во корисни активности и ниските очекувања за иднината. Во неколку случаи, овие фактори се комбинираат со пропагандата на радикалните групи и нагонот на младите за авантура. Индивидуалните и фокусирани групни интервјуа во некои области откриваат висока и вознемирувачка стапка на консумирање алкохол и канабис кај младите.

### *16.1. Групна динамика*

Сигнификантен фактор за радикализацијата и регрутирањето претставува групната динамика и, во тој контекст, социјалното вмрежување. Имено, поединци може да се префрлат во групи на насилен екстремизам со пријатели или како резултат на влијанието на: роднините, соседите или харизматичен локален

проповедник.[68] Многу студии и медиумски извештаи фрлија светлина врз постоењето и важноста на социјалните и семејните односи меѓу луѓето кои се вклучени во процесите на радикализација и насилниот екстремизам. Според истражувачите на теоријата на социјалното движење и теоријата на мрежата, радикализацијата и насилниот екстремизам се однесуваат на луѓе што ги познаваме, радикалните идеи се пренесени со користење на социјалните медиуми, а елементите на насилство се појавуваат во малите социјални групи. Врските, групниот притисок и индоктринацијата постепено го менуваат светогледот на поединецот.[69] Во тој контекст, Сагеман (Sageman 2010) истакнува дека интеракцијата меѓу луѓето со исто мислење е суштинска за радикализација. Оваа група на луѓе со заеднички идеи, тој ја нарекува: куп момци, и процес на мобилизација преку мрежи. Така, динамиката во социјалните групи служи за потврдување и зајакнување со другите радикализирани луѓе, идеите и толкувањата на поединецот. Од друга страна, извештаите на медиумите во Албанија го потврдија присуството на социјални и семејни врски меѓу радикализираните луѓе и кои биле вклучени во насилство, екстремистички активности во Сирија и Ирак. Овие односи, можеби, постоеле и пред регрутирањето, како што можеле и да постојат обликувани во текот на процесот на пропаганда и радикализација. Извештаи на Балканската мрежа за истражувачки извештаи открија дека постоеле социјални врски меѓу регрутирани и радикализирани луѓе и регрутери, или се создадени за време на екскурзии организирани од регрутерите или за време на религиозно проповедање.[70] Во

---

[68] Guilain Denoeux and Lynn Carter „Development Assistance and Counter Extremism: A Guide to Programming" (October 2009). Also, consult Guilain Denoeux and Lynn Carter's "Guide to the Drivers of Violent Extremism" (February 2009).

[69] Wiktorowicz (2004) and Sageman (2004) referred from Anja Dalgaard-Nielsen (2010) Violent Radicalization in Europe: What We Know and What We Do Not Know, Studies in Conflict & Terrorism, 33:9, 797-814.

[70] http://www.reporter.al/rruga-e-myslimaneve-shqiptare-drejt-xhihadit-ne-siri/

неколку случаи, познанствата се овозможени преку социјалните медиуми на Интернет или во заедницата на имигранти надвор од земјата.[71] Дополнително, во некои случаи имало врски на семејството, кланот и роднините.[72] Семејните врски постоеле дури и меѓу луѓето кои ја напуштиле Албанија за да се приклучат на формациите на Ал-Нусра и ИСИС. Многу загрижувачки се случаите на трансфер на сопружници и деца во Сирија од оние кои се приклучија на конфликтот. Со оглед на горенаведените информации, радикализирачката улога и потенцијал на социјалните мрежи и групната динамика се тестирани преку собирање и анализирање на перцепциите на испитаниците за овој двигател, при што повеќето од нив изјавуваат дека религиозната припадност на нивната социјална мрежа е слична на испитаникот. Така, до испитаниците кои се, или не се членови на верските заедници во целните области, беа доставени следните прашања за контрола на изјавите:

а) *Поголемиот дел од луѓето што ги познавам пораснале во верници надвор од нивниот социјален круг;*

б) *Поединци/групи кои поттикнуваат христијански/исламски радикализам дејствуваат во областа во која живеам*

Важноста и релевантноста дека овој двигател ја фаворизира религиозната радикализација и насилен екстремизам се оценети врз основа на негативни одговори на горенаведените две контролни прашања.

Повеќето испитаници (46,5 %) не мислат дека луѓето што ги познаваат станале религиозни верници поради нивната социјална мрежа. Вториот најголем дел од испитаниците (34,2 %) наведуваат дека нема информации за факторите кои ги натерале нивните познаници да станат религиозни, без разлика дали се од индивидуална природа или поттикнати од пријатели и роднини или на друго

[71] http://www.reporter.al/celula-shqiptare-qe-dergoi-ne-siri-reperin-xhihadist-te-italise/dhe http://www.reporter.al/italia-ne-alarm-nga-kercenimi-xhihadist-ballkanit/

[72] http://www.reporter.al/islamiket-shqiptare-derguan-italianen-e-njohur-si-lady-xhihad-drejt-sir

место. Дополнително, 19,3 % од испитаниците признале дека луѓето што ги познаваат станале верници поради нивните пријатели. Во однос на специфичните географски области, најголем број на испитаници кои ја потврдуваат оваа изјава има во Кукс (36,6 %) и во Поградец (25,5 %). Од друга страна, најмал е бројот на позитивни одговори на ова прашање забележано во Церик (8%).

Како што прикажуваат податоците, мнозинството од испитаниците (62 % и 65 %) негираат присуство на радикални религиозни поединци или групи во нивните заедници. Присуство на поединци или групи во заедницата кои поттикнуваат христијанска или исламска радикализацијата ја признаваат соодветно: 9 % и 12 % од испитаниците. Во однос на специфичните географски области, најголем број на испитаници кои веруваат дека поединци или групи поттикнуваат христијански радикализам во нивното подрачје е во Либражд, и во градот (18,2 %) и во комуната Ќендер-Либражд (15,3 %).

Најголем бројот на луѓе кои веруваат дека поединци или групи поттикнуваат исламски радикализам во нивната област е во Булќиза (21 %). Перцепцијата дека луѓето што ги познавам станале верници надвор од нивниот социјален круг (19,3 %) е посилна кај: женските (25 % од нив), луѓето од возрасните групи од 31-35 години (23,5 %) и оние со универзитетско или постуниверзитетско образование (25,2 %). Во однос на работниот статус, вработените (18,7 %) имаат тенденција да веруваат во нов почеток поддржан од верата во рамките на општествените кругови. Оваа перцепција е посилна кај испитаниците кои воопшто не ја практикуваат религијата (23,3 %). Што се однесува до второто контролно прашање за овој двигател, луѓето кои најмногу се склони да веруваат дека некои поединци/групи поттикнуваат христијански радикализам во нивната област се: мажи (9,4 % од нив), возрасни групи од 36-40 години (12,5 %), лица со 9-годишно или помалку образование (13 %), вработени (11,3 %). Испитаниците кои најмногу се склони да веруваат дека постојат поединци/групи кои поттикнуваат исламски радикализам во нивната област се: мажи (12,4 % од нив), лица на возрасна група од 18-25 години (15 %), испитаници со 9 или помалку години образование (14,7

%), невработени (13,7 %). Ова верување преовладува кај луѓето кои не практикуваат верски правила и ритуали (18 %)[73].

Клучните информатори интервјуирани во целните области ја објаснија улогата на социјалните кругови и групната динамика во однос на: индоктринацијата, регрутирањето и радикализацијата на младите. Според нив, лицата вклучени во групите со радикални религиозни мислења не се друштвени, туку се изолирани во рамките на нивната група, кои често избираат бојкот, вклучително и економскиот (како што е одбивањето да се купат производи од бизнисот на традиционалните муслимански). Состаноците на членовите на овие групи се одржуваат во џамија или надвор од неа. Во рамките на овие групи, се разликуваат две или три лица со поголемо влијание и пошироки внатрешни или други надворешни врски. Новите членови на групата се регрутираат преку блиски или семејни врски. Испитаниците наведуваат дека регрутирањето, можеби, било извршено и преку Интернет (со користење на социјалните медиуми, како што е Фејсбук). Според испитаниците, групната динамика внесува поголема индоктринација на членовите и оди до прифаќање на строгите и екстремистички толкувања на исламот од целото семејство. Во некои случаи, односите на семејството со нивниот клан се нарушени.

### *16.2. Социјална дискриминација*

Вистинската или воочената дискриминација кон поединецот или заедницата, а некогаш и двете, претставува индикатор кој во широка смисла може да биде причина за насилниот екстремизам. На места каде што муслиманите се во ограничено малцинство, социо-економската дискриминација и политичката дискриминација може да се толкуваат како поврзани со непочитување на исламот и муслиманите, предизвикувајќи радикализација.[74]

---

[73] Интервјуа со квалификувана група испитаници кои доаѓаат од повеќе таргетирани места во регионот.

[74] Guilain Denoeux and Lynn Carter „Development Assistance and Counter Extremism: A Guide to Programming" (October 2009). Also, consult Guilain Denoeux and Lynn Carter's „Guide to the Drivers of Violent Extremism" (February 2009).

Бидејќи околу 20 % од испитаниците на Пописот во 2011 година одбиле да одговорат на изборното прашање за нивната религиозна припадност, проценките за големината на верските заедници во земјата не можат да бидат целосно точни. Сепак, според Пописот од 2011 година, сунитските муслимани во Албанија сочинуваат околу 57 % од целокупното население.[75] Без оглед на доминацијата на оваа верска заедница, не може да се исклучи можноста поединци или групи од оваа религиозна деноминација да перципираат или искусуваат различни форми на дискриминација според нивниот верски идентитет. Во 2014 година, Комесаријатот за заштита од дискриминација испита 5 случаи на дискриминација (3 претставки и 2 прашања), иницирани, главно, врз основа на верско уверување. Според комесарот, во еден случај имало дискриминација врз основа на религија.[76] Во друг случај, двајца офицери на полицијата РЕНЕА Сват, наводно, биле отпуштени заради тоа што биле активни верници од исламска вероисповед.[77] Меѓутоа, на состанокот со генералниот директор на државната полиција, муфтијата на Тирана ги негираше наводите дека разрешувањето на двајцата полицајци е дело на дискриминација врз верска основа.[78]

Во прилог на описот погоре, улогата на радикализацијата и потенцијалот на социјалната дискриминација врз религиозна основа беше потврдена со собирање и анализа на перцепциите на испитаниците за овој двигател. Така, испитаниците кои биле, или не биле членови на верските заедници во целните области, беа претставени со следните прашања за контрола на искази:

а) *Луѓето со иста религиозна деноминација како мене имаат помала корист од можностите за економски и општествен развој заради нивната верска припадност;*

---

[75] http://www.instat.gov.al/al/figures/statistical-databases/Present. aspx?rxid=174a3099-690a-4fcd-a8dc-98995cbd2bcf

[76] Annual Report for 2014 of Komisionerit Për Mbrojtjen Nga Diskriminimi, Fq 48.

[77] http://www.albnews.al/largimi-i-7-efektiveve-2-prej-tyre-faleshin-ne-orarpune-myftiu-i-tiranes-troket-tek-tahiri/

[78] http://www.gazetadita.al/myftiu-i-tiranes-efektivet-e-renea-s-nuk-u-larguan-per-shkak-te-fese

б) *Верската заедница во која припаѓам е добро застапена во политиката и државните институции;*

Важноста и релевантноста кај овој индикатор е тоа што ја фаворизира религиозната радикализација и насилниот екстремизам и беше оценет врз основа на позитивен одговор за првата изјава:

а) *Луѓето со иста религиозна деноминација како мене имаат помала корист од можностите за економски и социјален развој заради нивната верска припадност*;

И на негативен одговор даден на второто контролно прашање:

(б) *Верската заедница на која и припаѓам е добро застапена во политиката и во државните институции.*

Мнозинството од испитаниците (55,1 %) не веруваат дека луѓето се дискриминирани од економски и социјален аспект заради нивната верска вера. Сепак, 21,5 % ги перципираат социо-економските форми на дискриминација врз верска основа. Најголем број на испитаници кои воочуваат вакви форми на дискриминација на луѓе со иста вера како нивната е регистрирана во Бучимас (39,4 %) и Церик (39 %).

Најмал број на случаи за социо-економска дискриминација заради верска вера е забележан во Либраж (4 %) и во општина Центар-Либражд (11,2 %). За разлика од релативно ниското ниво на воочливост за социо-економската дискриминација заради религијата, повеќето од испитаниците веруваат дека луѓето се политички дискриминирани заради нивната религија. Секој втор човек верува дека луѓето кои имаат иста религија како нивната не се добро застапени во политиката и државните институции (51 %). Кога се прави споредба меѓу сите целни области, највисоката перцепција за политичка дискриминација (незастапеност во институциите) е пријавена во општината Центар Либражд (67,4 %) и Либражд (62,5 %).

Интересно е да се забележи дека токму овие две области имаат најниски стапки на перцепција на социо-економската дискриминација и највисоки бројки на

увидена политичка дискриминација, односно политичка незастапеност заради верската определба.

Воочувањето дека *луѓето со иста верска определба како мене имаат помала корист од подадените можности за економски и социјален развој заради нивната верска припадност* (21,5 %) е посилна кај: мажи (26,5 % од нив), лица од возрасна група 31-35 години (27 %) и оние со средно образование (22,1 %).

Во однос на работниот статус, невработените луѓе (25,6 %) се повеќе склони да ги согледаат формите на социо-економска дискриминација од религиозно потекло. Оваа перцепција е посилна кај испитаниците кои се активно приврзани на верските ритуали (36 %).

Што се однесува до второто контролно прашање за овој индикатор, луѓето кои најмногу се склони да веруваат дека *верската заедница на која припаѓаат не е добро застапена во политиката и државните институции* (51 %) се: мажи (56,3 % од нив), возрасни групи од 31-35 години (57,7 %), лица со 9 или помалку години образование (55,3 %) и невработени (58,3 %).

Перцепциите за политичка дискриминација, односно недоволната застапеност во политичкиот процес заради религијата, се поприсутни кај испитаниците кои се редовни верници (62 %). Некои од клучните информатори интервјуирани во целните области ја потврдија улогата на почувствуваната или воочената: социјална, економска и политичка дискриминација заради верскиот идентитет, како потенцијален двигател на радикализација и насилен екстремизам.

Клучните информатори посочуваат дека некои верници доаѓаат од многу оддалечените и неразвиените области на земјата и понекогаш се чувствуваат инфериорни во однос на градските верници кои се генерално подобро образовани и комуникативни. Ниското ниво на економски и социјален развој во овие рурални области, како и на чувството на нееднаквост и инфериорност на луѓето кои доаѓаат од овие области, ги прави подложни на манипулации и посебно осетливи кон радикализација.

Несоодветната или дефицитарна застапеност во медиумите се перципира како друга форма на социјална дискриминација кон муслиманските верници. Примери

на недоволно медиумско покривање или никакво известување во сите вклучуваат различни случаи кои се сметаат за неправда за муслиманските верници, како што се тврдењата на полициските службеници за отпуштање од работа заради нивната верска определба.

Впрочем, еден од интервјуираните изјави дека социјалната дискриминацијата заради религијата се изразува и во форма на фанатички/радикални спорови во рамките на истата вера и регион. Тоа значи дека во одредени области каде што верниците имаат тенденција да бидат пофанатични, постои издржана можност за радикално да се искажуваат различните гледишта. Имено, пријавени се форми на дискриминација и од оние кои се вратиле од Сирискиот конфликт. Повратниците се соочуваат со социјална дискриминација од типот на предрасуди, или, пак, „вперен прст“ кон нив во заедницата. Меѓутоа и економска дискриминација, односно за пример би ги посочиле затечените ситуации на неуспешно барање работа или трајно вработување заради даден услов со измена на физичкиот изглед кој моментно е диктиран од верското убедување. Според еден од интервјуираните, кој цитира еден од повратниците: предрасудите, дискриминацијата и искусениот притисок (презир и чувството да се биде под надзор), можат да го направат животот на луѓето навистина тежок.

### *16.3. Очекувања на фрустрираност и релативната депривација*

Релативната депривација, односно недостатокот од ресурси нужни за достигнувањето на вообичаениот, споделен поим за просечен благодат во регионот, меѓутоа и фрустрирачките очекувања, односно гледиштето каде општосподелената нормалност располага со многу повеќе од она што локалното и регионалното нормално има да му понуди на младиот човек и на тој начин создавајќи реален диспаритет помеѓу сликата која се прикажува како нормална и општа реалност од една страна, и сликата која локалниот сетап може да ја понуди на младиот човек притоа нужно причинувајќи видлива препрека во можностите, од друга страна, претставуваат два моќни двигатели на активноста на насилниот екстремизам кај младите.

Имено, со оглед на подобрувањата во образованието, особено на средно и на универзитетско ниво, кај младите со позначаен квант на образование многу е веројатно дека ќе чувствуваат дека заслужуваат подобри животни резултати, отколку тоа што може да им понуди матичното општество. Впрочем, тие воопшто не можат да ги достасаат видовите на работни места што сметаат дека ги заслужуваат. И повеќе од тоа, тие признаваат дека непотизмот го попречува пристапот до работни места. Младите луѓе често можеби и ги немаат економските ресурси за да основаат семејства, што следователно го губат гласот во традиционалните општества.[79]

Во текот на 2014 година, околу 32,5 % од младите на возраст од 15-29 години биле невработени.[80]

Според официјалната статистика, најпогодената група од невработеност ги опфаќа мажите од оваа возрасна група. Се проценува дека секој трет маж (35,6 %) од оваа возрасна група нема работа. Во споредба со претходната година, стапката на невработеност кај младите од оваа возрасна група е зголемена за 6 %. Истовремено, како баратели на работа се евидентирани 47.860 лица на возраст од 20 до 34 години. Во однос на образовниот степен на невработените лица, во 2014 година, како баратели на работа се евидентирани околу 57.000 лица со завршено средно образование. Во меѓувреме, како баратели на работа се пријавиле и 8.143 лица кои имаат завршено високо образование. [81]

Интересни податоци за образованието, вработувањето и очекувањата на албанската младина, се генерирани од националната студија *Албанска младина 2011*.

Според оваа студија, која се базира на национално истражување со 1.200 испитаници на возраст од 16-27 години, произлегува дека:

---

[79] Guilain Denoeux and Lynn Carter "Development Assistance and Counter Extremism: A Guide to Programming" (October 2009). Also, consult Guilain Denoeux and Lynn Carter „Guide to the Drivers of Violent Extremism" (February 2009).

[80] http://www.instat.gov.al/al/themes/tregu-i-pun%C3%ABs.aspx?tab=tabs-5

[81] Ibid. (INSTAT согласно податоците приложени од Министерството за социјална работа и млади на Р. Албанија)

• Регионалната распределба на невработеноста меѓу младите е униформна. Вработеноста на младите е повисока во: Тирана, Драч и другите урбани средини, а најниска стапка на вработеност има во руралните области во земјата. Во урбаните средини, стапката на вработеност е 37-38 %, додека во руралните 32 %.

• Албанските млади не се многу оптимисти во однос на нивните можности за вработување во иднина. Не веруваат околу 30,7 % од испитаниците дека наскоро ќе најдат работа. Поголеми песимисти во овој поглед се машките испитаници (50,1 %).

• Младите во руралните области сметаат дека имаат помали можности да најдат работа во споредба со нивните врсници во урбаните средини. Надежите за наоѓање работа се намалуваат со годините. Дополнително, луѓето кои имаат постуниверзитетска диплома имаат помали очекувања од испитаниците кои имаат универзитетски степен.

• Од испитаниците кои веќе имаат работа, само мал дел од нив имаат диплома поврзана со работата што ја работат. На прашањето дали работат во професијата на која дипломирале, 36 % од испитаниците на национално ниво дадоа негативни одговори. Можностите да работат работа во согласност со нивната диплома се помали во руралните средини, отколку во урбаните (26,9 % во руралните средини и 38,3 % во урбаните средини).

• Испитаниците повеќе веруваат во врски и пријатели кои би можеле да им помогнат да најдат работа, а потоа во: професионалните капацитети, образованието и политичките врски. Почитувањето на пријателите и политичките врски станува повисоко како што испитаниците стареат, додека нивната верба во професионалните капацитети и степенот на образование се намалува. Горенаведениот опис ја отсликува состојбата на лишеност и фрустрирани очекувања на младите воопшто. Наодите за радикализацијата и потенцијалот на лишеноста и фрустрацијата кај младите беа потврдени во оваа студија преку собирање и анализирање на перцепциите на испитаниците. Така, испитаниците кои биле, или кои не биле членови на верските заедници во целните области, беа претставени со следните изјави (контролни прашања):

а) Во областа каде што живеам, добро образованите млади имаат подобри можности за вработување.

б) Главниот извор на приход за младите во областа во која живеам е индивидуална платена работа.

Релевантноста и можноста дека овој индикатор може да ја фаворизира радикализацијата и насилниот екстремизам се потврдени врз основа на негативните одговори за горенаведените две изјави, кои ги тестираат:

а) Фрустрирани очекувања за вработување на едуцирани млади луѓе;

б) Релативна лишеност на младите.

Повеќето испитаници (49 %) не веруваат дека добро образованите млади луѓе во нивната област имаат подобри можности за вработување. Додека релативно мал дел од испитаниците (43 %) веруваат во спротивното. Во овој поглед, постојат значителни разлики во гледиштата на испитаниците во различни области. Така, 84 % од испитаниците во општина Ќендер Либражд сметаат дека добро образованите млади во нивното подрачје немаат подобри можности за вработување. Пониски перцепции на фрустрирани очекувања за вработување на добро образовани млади луѓе се забележани во Кукс (33 %) и Перењас (35 %).

Мнозинството од испитаниците (61 %) наведуваат дека главен извор на приход на младите од нивното подрачје е индивидуалната платена работа, додека 27 % не веруваат дека главниот приход на младите се остварува од нивната индивидуална работа. Најголем број од испитаниците кои воочуваат релативна депривација кај младите во нивното подрачје е забележан во општина Ќендер Либражд и во градот Либражд. Според тоа, 45 % од испитаниците во општина Ќендер Либражд и 38 % од испитаниците во Либражд не сметаат дека индивидуалната платена работа е главен извор на приходи за младите. Најниско ниво на перцепција за релативната депривација е забележано во Перењас, каде 95 % од испитаниците сметаат дека индивидуалната платена работа е главен извор на приход за младите од овој крај. Перцепцијата дека во областа каде што живеам, добро образованите млади немаат подобри можности за вработување

(49 %) е посилна кај: жените (50 % од нив), лица од возрасна група од 41-45 години (59%) и оние со завршено задолжително образование (56 %).

Во однос на статусот на вработување, невработените лица (54 %) се повеќе склони да ги согледаат фрустрираните очекувања за вработување на добро образованите млади во нивните области. Ова гледиште е посилно кај испитаниците кои не практикуваат религија (53 %).

Во однос на второто контролно прашање кај овој индикатор, луѓето кои најмногу се склони да веруваат дека главниот извор на приход за младите во резидентната областа не е индивидуална платена работа (27 %) се: жени (29 % од нив), испитаници од возрасната група 36-40 години (33 %), лица со завршено средно образование (27 %) како и невработени лица (32 %).

Гледиштата за релативна депривација кај младите се поочигледни кај испитаниците кои редовни не ги практикуваат верските правила и ритуали (31 %). Интервјуата со клучните информатори во целните области известуваат дека високото ниво на образование, во комбинација со високата стапка на вработеност, доведува до обесхрабрување и фрустрација кај младите кои се лишени од можноста да пронајдат било што да работат во Албанија. Пример за ова е градот Кукс, кој има висока стапка на универзитетски образовани луѓе (14,12 % во споредба со националната стапка од 11,8 %). Сепак, во исто време, овој град има висока стапка на невработеност на младите (75 % во споредба со 53 % од вкупната стапка на земјата). [82] Според испитаниците, ваквата состојба доведува до иселување на младите или вклучување во ризични активности како последица на: влијание, пропаганда или стремеж кон авантура. Ваквите ситуации ги доживуваат не само добро образованите млади, туку и оние кои се вратиле од имиграција и немаат работа или одржлив ангажман во нивната област. Понатаму, интервјуираните препорачуваат решавање на проблемот со високата невработеност кај младите и зајакнување на стручното образовани

[82] INSTAT Census 2011

*16.4. Незадоволени социјални и општествени потреби*

Социјалната депривација за која погоре говоревме, односно лишувањето од социо-економските потреби и тоа особено кога се комбинира со други фактори, како што се широко распространетата корупција и недостатокот на безбедност и правда, може да биде значителен фактор искористен од групите на насилниот екстремизам, што може да ги надмине платите или услугите.

Меѓутоа, не е сиромаштијата, туку акутната форма на социјално исклучување од страна на владата и општеството, што предизвикува значителна поддршка за насилниот екстремизам.[83]

Во последните години од комунистичкиот режим и почетокот на демократските процеси, Албанија беше опишана како најсиромашна земја во Европа. Страшната економска криза и високата стапка на невработеност ги одразуваат последиците од екстремната одлука за самоизолација.[84] Од друга страна, институциите на новиот политички систем беа многу слаби во справувањето со ситуации на економска вонредна состојба. Неможноста да привлечат западна помош и финансирање до нивоата потребни за нормална транзиција, ги натера албанските власти да искористат шанса за инвестиции и финансирање од исламски организации и земји.[85] Во таква ситуација и во земја каде што слободата на верувањето беше вратена по нејзината забрана со закон во 1967 година, неколку исламски невладини организации беа воведени преку нивните

---

[83] Guilain Denoeux and Lynn Carter „Development Assistance and Counter Extremism: A Guide to Programming" (October 2009). Also, consult Guilain Denoeux and Lynn Carter's „Guide to the Drivers of Violent Extremism" (February 2009).

[84] Muco, Marta 'Economic transition in Albania: political constraints and mentality barriers' June, 1997. Source: http://www.nato.int/acad/fellow/95-97/muco.pdf

[85] Zoto, E., & Naval Postgraduate School (U.S.). (2013) 'Failure and success of jihadi information operations on the internet' Monterey, California: Naval Postgraduate School.

претставништва во Тирана и другите области на Албанија.[86] Исламските организации во Албанија во 1997 година достигнаа 95 евидентирани од службите.[87] Додека некои организации преземаа хуманитарни активности, некои други делуваа маскирани како добротворни невладини организации, притоа искористувајќи го недостатокот на агенциите за спроведување на законот. Добротворните фондации кои работат во Албанија, како што се: Меѓународната агенција за исламска помош, Фондацијата Ал-Харамаин, Таиба интернешенел, Глобалниот фонд за помош, Меѓународната фондација за добротворност и како што е, на пример, исламското друштво Рививал и сл., беа осомничени за врски со терористички организации, како што се: Египетскиот исламски џихад, Алжирската исламска вооружена група, ГИА и Ал Каеда, претставени како претставници на Теир18 и Ал Каеда. Односно, истакнати членови од овие терористички организации беа претставени како инвеститори кои добија регионално државјанство од некоја или некои од државите во регионот а без притоа да бидат подложени на некоја или некаква посебна проверка на идентитетот.[88] На тој начин, поставувајќи се максимално опортунистички во конкретната ситуација и искористувајќи ја севкупната декадентна состојба на сиромаштија, како и мал милион на недостатоци и пропусти во општествената организација на сите цвери од општествениот живот, како што конкретно за регионот во периодот на раните деведесетти една општа слика претставуваше недостигот од квалификувани верски водачи во земјите, овие организации презедоа активна улога во оживување на исламот преку традиција сосема непозната за повеќето муслимани во регионот на државите од Западен Балкан.

---

[86] http://www.reporter.al/ zanafilla-e-islamit-radikal-ne-shqiperi/

[87] Kullolli, A., & Naval Postgraduate School (U.S.). (2009). Proselytization in Albania by Middle Eastern Islamic Organizations. Monterey, California: Naval Postgraduate School.

[88] Zoto, E., & Naval Postgraduate School (U.S.). (2013) ‘Failure and Success of jihadi Information Operations on the Internet’ Monterey, California: Naval Postgraduate School.

Тие беа воведени во заедницата преку: финансирање стипендии за исламски студии за млади луѓе, изградба на џамии и економска помош за сиромашни домаќинства, итн.[89] Заедничка карактеристика на овие заедници беше високата стапка на невработеност и сиромаштија. Во замена за правото на економска помош за сиромашните домаќинства и заедници, од жителите беше побарано да го прифатат и да го следат религиозниот став на организациите. Во Студијата на британската историчарка Миранда Викерс (Vickers 2009)[90] се наведува дека Меѓународната асоцијација Таиба им плаќала на членовите на бекташката заедница во сиромашниот град Булќиза да преминат во ислам. Вакви случаи беа идентификувани во: Перењас, Пешкопеја и областа Ќафе-Тана.[91]

Горенаведеното ја прикажува тешката социјално-економска состојба на одредени области во регионот. Имено, многу високата стапка на сиромаштија и невработеност во овие области ги прави ранливи и привлечни за активностите на организациите кои порано функционираа нашироко во отсуство на надзор и контрола на државните институции. За подобро разбирање на сегашниот концепт од искуството и перцепцијата на јавноста, на испитаниците во осумте целни области им беа претставени следните изјави – контролни прашања:

а) Во областа каде што живеам, државните институции за социјална и економска помош работат професионално и без злоупотреба.

б) Во областа во која живеам домаќинствата/индивидуите со лоша економска состојба ги исполнуваат своите основни потреби.

Релевантноста и можноста дека овој двигател може да ја фаворизира радикализацијата и насилниот екстремизам, се потврдени врз основа на негативни одговори за горенаведените две контролни прашања кои помагаат да

---

[89] BIRN Albania, податоци достапни on-line: http://www.reporter.al/zanafilla-e-islamit-radikal-ne-shqiperi

[90] Vickers, M. (2008). Islam in Albania. ARAG, Defense Academy of the United Kingdom. Retrieved from: http://www.da.mod.uk/colleges/arag/documentlistings/.../08(09) MV.pdf.

[91] Zoto, E., and Naval Postgraduate School (U.S.). (2013) ‘Failure and Success of Jihadi Information Operations on the Internet’ Monterey, California: Naval Postgraduate School.

се откријат: (а) перцепциите за социјалните исклучувања од неефикасни и корумпирани институции; (б) перцепциите за неисполнети основни потреби и ранливост. Најголем дел од испитаниците (57 %) сметаат дека државните институции за економска и социјална помош не работат: професионално, непристрасно и без злоупотреба, а 17 % го мислат спротивното. Овие согледувања се понагласени во регионот Ќендер-Либражд (75 %) и во општина Либражд (68 %). Оваа перцепција е послаба кај Бучимас (45 %), иако треба да се истакне дека бројот на испитаници кои изјавиле дека не знаат е најголем меѓу сите други области (34 %). На прашањето дали сиромашните лица или домаќинствата можат да ги задоволат своите основни животни потреби, повеќето испитаници од оваа студија одговориле негативно (66 %). Оваа перцепција е пораспространета во регионот Ќендер-Либражд (83 %) и во општина Либражд (74 %). Сепак, тоа е помалку распространето регионално, иако преовладува во Перењас (53 %). Перцепцијата дека државните институции за социјална и економска помош не работат професионално и без злоупотреба (57 %) е посилна кај: машките испитаници (61 % од нив), возрасната група од 31-35 години (63 %), оние со завршено средно образование (62 %) невработените испитаници (61 %).

Дополнително, оваа слика е посилна кај испитаниците кои редовни ги практикуваат верските правила и ритуали (66 % од нив). Што се однесува до второто контролно прашање за овој индикатор, луѓето најмногу се склони да веруваат дека домаќинствата/поединците со економска неволја не ги исполнуваат основните потреби (66 %) се: мажи (72 % од нив), лица од возрасната група од 41-45 години (74 %), испитаници со 9 или помалку години образование (76 %) и невработени лица (75 %). Оваа слика е повидна кај испитаниците кои редовно ги практикуваат верските ритуали (72 %). Интервјуата со клучните информатори во таргетираните области, вклучително и службениците во доменот на социјалната помош, известуваат дека неколку домаќинства во целните области живеат во услови на екстремна сиромаштија. Многу други домаќинства се потпираат на главниот извор на приход што доаѓа од нивните членови во имиграцијата. Можностите за вработување се доста ограничени заради малата администрација и оскудното приватно

претприемништво. Дополнително, единиците на локалната самоуправа нудат минимални можности за стручно образование. Така, на пример, младите во Кукс одат во Косово за да посетуваат курсеви за стручна обука за струки како: механика, хотелски менаџмент или компјутерски науки. Испитаниците, исто така, изјавија дека слабата економија направи неколку регрутирани и радикализирани луѓе да станат плен на манипулации. Според интервјуираниот новинар (искусен во истрагата и известувањето за случаи на радикализирани лица кои се приклучиле на Сирискиот конфликт), некои од нив биле вработени во приватни бизниси или во џамии каде што се проповедал радикалниот ислам. Друг соговорник објасни како вработувањето служело за воспоставување контакти и продолжување со пропаганда со постена радикализација кај вработеното и индоктринирано лице.

### *16.5. Алчноста или ширењето нелегални економски активности*

Нелегалните активности на организациите кои се дел од групите на насилен екстремизам нудат профитабилни економски можности за оние кои бараат приход. Мрежите кои се активни во насилниот екстремизам и субјектите кои се активни на полето на нелегалните економски активности, имаат заемно корисен однос – обезбедувајќи си: приход, искуство во прикривање и идеологија за легитимирање на незаконското однесување. Имено, затворите претставуваат популарно место за регрутирање и зајакнување на насилниот екстремизам.[92]

Како што веќе беше елаборирано претходно во оваа студија, во раните 1990-ти, неколку исламски невладини организации кои дојдоа во регионот на Западен Балкан, ревносно спроведоа различни популизирачки активности, како што се: изградба на џамии, обезбедување финансирање со стипендии и финансиска помош за загрозени семејства, дистрибуција на бесплатни лекови и верски книги и инвестиции во градежништво и банкарски системи. Во регионот со држави,

---

[92] Guilain Denoeux and Lynn Carter „Development Assistance and Counter Extremism: A Guide to Programming" (October 2009). Also, consult Guilain Denoeux and Lynn Carter „Guide to the Drivers of Violent Extremism" (February 2009).

општества: растргнати од сиромаштија, невработеност, недостиг на заеми и средства од Запад за да помогнат во непречена транзиција кон демократија, претставниците и активностите на овие организации не само што беа дозволени, дури и беа добредојдени. Според Зото (2013), невладините организации познати во светот по нивните врски со тероризмот, кои дејствуваат на Балканот, им обезбедувале на терористите лажни документи од црните пазари или од корумпирани државни службеници. Тие, исто така, ги финансираа патувањата на терористите во регионот преку банкарски трансфери.[93]

Така, присуството на овие организации донесе не само брз приход и лесно остварлива помош за вознемирените домаќинства, туку и придобивки за овие организации. По завршувањето на дејствијата преземени од албанските власти во текот на 2001-2005 година за: затворање на многу од овие невладини организации, депортација на странски државјани и заплена на имот на нивните приватни бизниси, се проценува дека вредноста на замрзнатите средства изнесува дури 20 милиони американски долари.[94] Литературата ја разработува врската помеѓу вмешаноста во претходни криминални активности и вмешаноста во радикални и насилни екстремистички групи. Во неколку случаи, прифаќањето на нетолерантни и насилни гледишта може да стане средство за оправдување (на себе, како и на другите) континуираното вклучување во криминални активности. Спротивно на тоа, свртувањето кон особено строго толкување на исламот може да се гледа како начин да се надополни животот на криминал, да се „откупи“ себеси во очите на Бога.[95]

Затворите претставуваат уште еден пресек меѓу криминалитетот и радикализацијата/насилниот екстремизам. Постојат значајни емпириски докази

---

[93] Zoto, E., & Naval Postgraduate School (U.S.). (2013) ‘Failure and success of jihadi Information Operations on the internet’ Monterey, California: Naval Postgraduate School.

[94] Kullolli, A., & Naval Postgraduate School (U.S.). (2009). Proselytization in Albania by Middle Eastern Islamic organizations. Monterey, California: Naval Postgraduate School.

[95] Guilain Denoeux and Lynn Carter „Development Assistance and Counter Extremism: A Guide to Programming” (October 2009).

кои укажуваат на улогата што затворите ја играле како инкубатори за салафи џихадизмот. Нечовечкото и понижувачко постапување во затворите може да ја олесни радикализацијата и регрутирањето од страна на насилните екстремистички групи. Со цел да се разбере дали таквите околности се релевантни и дали интеракцијата меѓу криминалот и насилниот екстремизам претставува потенцијална закана за Западен Балкан, следува податок добиен од анкетата, каде беа користени и анализирани интервјуа, но и дискусии во фокус групи спроведени во рамките на оваа студија. Имено, на испитаниците им беа претставени следните изјави или контролни прашања со цел да се побараат нивните гледишта околу алчноста, но и толеранцијата кон брзото стекнување со богатство:

а) Секој сака „брзо стекнување со богатство без оглед на тоа како".

б) Секоја можност/економска активност што носи поволен приходот е прифатлива.

Повеќето испитаници изјавиле дека „брзото стекнување со богатство без оглед на тоа како", е прифатено од сите (49 %). Најголем број на испитаници кои веруваат во севкупната алчност за брзо стекнување со богатство има во Церик (62 %) и Кукс (61 %). Најмал број на оние кои делат иста перцепција има во Поградец (30 %). За разлика од првото прашање, кое е генерално, повеќето испитаници одговориле негативно на подиректното прашање: дали за нив е прифатливо да се занимаваат со некоја профитабилна активност (53 %). Сепак, 38 % изјавиле дека секоја активност или можност што носи поволен, добар приход, за нив е прифатлива. Кога се соочуваме со ова прашање, бројот на неопределените испитаници се преполови за да се фаворизира негативен одговор. Најголемиот број на испитаници кои прифаќаат каква било активност или можност што носи добар приход, е забележан во комуната Бучимас (еден од двајца испитаници, или 51 %), а најмал број е идентификуван во Перењас (28 %). Перцепцијата дека „секој сака брзо стекнување со богатство без оглед на тоа како" (49 %) е посилна кај овие испитаници: мажи и жени подеднакво (49 %), луѓе на возрасната група од 18-25 години (59 %), со високо образование (54 %). Во

однос на работниот статус, оваа перцепција е посилна кај невработените лица (53 %). Испитаници кои не практикуваат верски ритуали и правила (61 %) повеќе се склони да веруваат дека секој сака брзо да се збогати, без разлика како тоа може да се постигне. Што се однесува до второто контролно прашање за овој индикатор – прифаќањето на можност како економска активност што носи поволен приход, оваа перцепција е понагласена кај овие испитаници: мажи (41 % од нив), лица од возрасната група 18-25 години (45 %), лица кои имаат завршено 9 или помалку години образование (40 %) и невработени 1 (4 %). Испитаниците кои не практикуваат верски ритуали (71 %) се повеќе склони да одговорат позитивно на ова прашање.

Генерално, клучните информатори на оваа студија не идентификуваа никаква поврзаност меѓу луѓето вклучени во минати криминални активности, за профит или не, и оние луѓе вклучени во радикални групи и оние кои заминуваат во Сирискиот конфликт. Многумина од нив објаснија дека неволјата за приходи или алчноста за брзо стекнување со богатство, може да поттикне емиграција кон земјите на Европската Унија или дури и вмешаност во профитабилни криминални активности, но не мора да оди во Сирија како странски борец. Понатаму, според нив, нема докази дека овие радикализирани луѓе се приклучиле на конфликтот како платеници. Иако изворите на финансирање на патувањата во Сирија за овие луѓе сè уште се нејасни, според репортерите на БИРН[96], произлегува дека финансискиот товар бил поделен помеѓу имамите и нивните следбеници кои верувале дека финансирањето на борецот е слично на тоа што финансиерот самиот се жртвувал во џихадот. Преку оваа теорија, многу албански џихадисти станаа финансиери на други, плаќајќи го нивниот билет или закат за војна. Само еден од интервјуираните во оваа студија сметал дека многу од заминатите џихадисти во минатото имале правни и општествени проблеми. Според него, криминалните досиеја опфаќаат дела, како што се: производство и продажба на наркотици, кражби, итн.

[96] BIRN Albania, http://www.reporter.al/misteri-financimit-te-xhihadisteve-shqiptare/

## 17. Политички фактори

Рамката на двигатели на насилниот екстремизам, развиена од Denoeux G. и Carter L. (2009), се базира на контекст на земји и региони (Блискиот Исток и Северна Африка – МЕНА и Јужна Азија), кои се значително различни од Албанија или регионот на Западен Балкан, особено од перспектива на политички показатели. Моментално, земјите од регионот на Западен Балкан, членки на НАТО, исто така, кандидати за ЕУ, направија голем напредок во развивањето на демократски институции и процеси, спроведување и владеење на правото. Сепак, Албанија и другите земји од Западен Балкан сѐ уште се соочуваат со предизвици за постигнување статус на консолидирани демократии според многу глобални проценки. Извештајот на Фридом Хаус, *Слободата во светот,* ги смета Албанија, Македонија и неколку други земји од Западен Балкан како делумно слободни.[97] Друг извор на Фридом Хаус, *Нациите во транзит*, ја опишуваат Албанија и Македонија како преодна влада или хибриден режим.[98]

Во регионот на Западен Балкан, според многу од преостанатите показатели, Албанија бележи застој.[99] И покрај контекстуалните разлики меѓу Западен Балкан и другите региони од кои црпат податоци анализите на Denoeux G. и Carter L., политичките двигатели на насилниот екстремизам и верска радикализација остануваат многу релевантни за делумно слободните или хибридните режими. Меѓутоа, социеталните различности и другите политички и културни варијабли ја наметнуваат потребата за внимателна валидација на политичките двигатели на насилниот екстремизам во случајот со Албанија. Како што беше објаснето погоре,

[97] Албанија го одржува ова ниво повеќе од декада наназад. „Freedom in the World 2015", Freedom House. https://freedomhouse.org/report-types/freedom-world#. VVTYWlD8LI

[98] Најлошите показатели за Албанија според Фридом Хаус се: независното судство, корупцијата и деморатијата во власта. Nations in Transit 2014, https://freedomhouse.org/sites/ default/files/Data%20tables.pdf

[99] Worldwide Governance Indicators 2013 (http://info.worldbank.org/governance/ wgi/index.aspx#reports)

три политички двигатели од матрицата Denoeux G. и Carter L. (Локални конфликти, државна поддршка, дискредитирани влади и исчезнати или манипулирани опозиции) се минимизирани, додека фокусот е насочен од надворешна перспектива за уште два двигатела (странска окупација и политичко и/или воено навлегување) и покрај сомнителната релевантност поврзано со контекстот во Албанија. Според тоа, фокусот е ноасочен кон следните политички двигатели:[100]

| Индикатор: | Опис: |
|---|---|
| Негирање на политички права и граѓански слободи | Недостигот на политички права и граѓански слободи како и затворените политичките системи кои не реагираат може да всадат верување дека насилството е единственото средство за политички промени.<br>Граѓанските слободи и политичките права, исто така, може да претставуваат критична, но не репрезентативна врска помеѓу економскиот развој и ранливоста кон насилниот екстремизам. |
| Сурова владина репресија и груби повреди на човековите права | Правдата е критична вредност во исламот. Суров, понижувачки третман, вклучувајќи и тортура на поединец од страна на полицијата или безбедносните сили може да доведат до реакционизам.<br>Построгата и пораширена бруталност е во позитивна корелација со поттикот за активности во доменот на насилниот екстремизам и до толку е поголема поддршката за насилниот екстремизам која може да ја добие од локалните заедници. |
| Странска окупација | Земјите кои се предмет на странска воена окупација се изложени на ризик од бунт и кршење на правата. Може да дојде до поддршка на |

[100] Guilain Denoeux and Lynn Carter (2009)

| | |
|---|---|
| | насилниот екстремизам од поединци кои сакаат да го „откупат“ срамот за нивната личност и нивната заедница. |
| Политичко и/ или воено посегнување | Големиот политички или воен упад во регионот може да дејствува како обединувачки елемент, при што заедницата прибегнува кон насилство да ја „откупи“ индивидуалната и колективната чест.<br>Во заедниците со историски висок степен на автономија и саморегулација, силен отпор е веројатен. |
| Ендемска корупција и неказнивост за добро поврзани елити | Овој индикатор предизвикува граѓанско раздвојување и политичка апатија во најмала рака и може да поттикне длабоко чувство на морален немир. Колку е покорумпирана околината, толку е полесно за групите на насилниот екстремизам да се етаблираат како разумна алтернатива и да се нафрлат како неморални владејачки елити. |
| Лошо управувани или неуправувани региони | Овие области се изолирани региони со мала густина на населеност кои сочинуваат безбедни засолништа каде што организациите идентификувани како промотори на насилен екстремизам можат да се основаат со мала пречка, па дури и да собираат поддршка од заедници игнорирани од владата. Треба да се разбере дека групите на насилниот екстремизам би можеле да гравитираат кон состојби со ограничена сила – за разлика од пропаднатите или дури и држави во пропаѓање – каде што можат да ја имаат инфраструктурата неопходна за развој на нивната мрежа и извршување операции. |
| Заплашување или принуда од групи на насилен екстремизам | Онаму каде што владите не можат да обезбедат безбедност и заштита на граѓаните, насилниот екстремизам користи заплашување и принуда за да присилат поддршка за своето движење. |

| | |
|---|---|
| Гледиште каде меѓународниот систем е фундаментално неправеден и непријателски настроен кон муслиманските општества и народи | Населението може да ја прифати пропагандата на насилниот екстремизам дека глобалниот политички и економски систем го дискриминира муслиманот свет, кој може да се поврзе со лични или заеднички чувства на дискриминација. |

*17.1. Негирање на политичките права и граѓанските слободи*

Недостигот на политички права и граѓански слободи, како и затворените и неодговорни политички системи, може да всадат верување дека насилството е единственото средство за политички промени. Граѓанските слободи и политичките права, исто така, може да претставуваат критична врска меѓу економскиот развој и осетливоста на насилниот екстремизам.

Според Fridom House, слободата во светот се мери согласно три категории на политички права: изборен процес, политички плурализам и учество, функционирање на владата, и уште четири граѓански слободи: слобода на изразување и верување, здружувачки и организациски права, владеење на правото, лична автономија и индивидуални права.[101]

Изборниот процес и функционирањето на владата – политички права, и владеењето на правото и личната автономија и индивидуалните права – граѓански слободи, се чини дека се поткатегориите на регионот забележани со слаби перформанси во изминатите неколку години. Иако регионот не трпи целосен недостаток на права и слободи од типот на вкупниот рејтинг, наспроти

[101] Методологија за слободата во светот (2015) https://www.freedomhouse.org/ report/freedom-world-2015/methodology#. VVWyRlD8LIU.

делумна слобода, довербата на јавноста во политичките партии и некои државни институции (на пример, судството) е на рекордно ниско ниво.[102] Спроведувањето во практика на генерално напредната правна рамка во овој поглед, често се нарекува загриженост. Извештајот за напредокот на Европската комисија (ЕК-2014) посочува дека, иако регионот, имено Албанија ги има ратификувано повеќето меѓународни конвенции за човекови права, потребни се дополнителни активности за да се обезбеди нивната имплементација.[103] Сепак, во однос на верските слободи, Албанија добива пофалби од многу од горенаведените извори.[104] Наспроти овој широк преглед кој може да создаде простор за радикални и активности на насилниот екстремизам, студијата ги истражува перцепциите на граѓаните – членови и симпатизери на верски заедници во целните области. Истражувањето во еден сегмент ги праша испитаниците дали се согласуваат со два става:

а) Генерално, правата и граѓанските слободи на граѓаните се почитуваат од државните институции;

б) Политичкиот систем во Албанија е неправеден и мора да се промени дури и со насилство доколку е потребно.

Релевантноста и потенцијалот на овој двигател да создаде простор за верска радикализација и насилен екстремизам се оценува врз основа на негативни одговори на првото контролно прашање – негирање на правата на граѓаните и граѓанските слободи и прифатлив став кон второто – употреба на сила во насока на промена на постоечкиот политички систем.

---

[102] http://pasos.org/ wp-content/uploads/2015/01/Factsheet_trustingov2014.pdf.

[103]EC Progress Report for Albania (2014, pp 45. http://ec.europa.eu/enlargement/ pdf/key_documents/2014/20141008-albania-progress-report_en. pd

[104] The Constitution and other laws and policies protect religious freedom; the government generally respects religious freedom. Albania 2013 International Religious Freedom Report. US Department of State 2013. Source: http://photos.state.gov/libraries/albania/10984/vangjelim/2013IRFR.pdf.

Од друга страна, ваква поставеност на елементите може да формира слика каде меѓународниот систем делува суштествено неправедно, односно до доза непријателски поставен кон муслиманските општества, каде населението може да прифати насилна екстремистичка пропаганда дека глобалниот политички и економски систем го дискриминира муслиманскиот свет, што може да се поврзе со личните или заедничките чувства на дискриминација.

Државите од регионот на Западен Балкан се широко промовирани како земји во кои верската хармонија меѓу: муслиманите, христијаните и луѓето од другите верски заедници, што е видливо дека тие коегзистираат во мир. Впрочем, како што покажуваат наодите од истражувањето во врска со многу од контролните изјави за различни категории индикатори на насилниот екстремизам, муслиманската верска заедница се соочува со значителни предизвици и грижи. Конкретно за Албанија, побарано е да се оцени дали во Албанија постои верска омраза (1) или верска хармонија (5), каде што на скала од 1 до 5, просечната оценка е 4,1 иако, верската хармонија со оценка 5 е одговорот што го пријавиле

повеќето испитаници (47,2 % од нив). Перцепцијата за дискриминација, особено кон муслиманските верници кои редовно ја практикуваат религијата, често беше забележана во дискусиите во фокус групите, а исто така и во некои интервјуа со верските свештеници на АИЗ на локално ниво. Со примена на квалитативните инструменти на студијата (што подразбира интервјуа и фокус групи), се направи обид да се разговара за овој индикатор со муслимански свештеници или членови на форумот. Сепак, со оглед на главно прозападната ориентација на Албанците воопшто, беше тешко да се елаборираат со клучните информатори за аргументите кон ставот дека меѓународниот систем е неправеден кон муслиманскиот свет.

Како земја со доминантно муслиманско население, студијата го разгледува овој индикатор прашувајќи ги испитаниците дали се согласуваат со следнава изјава: Западот е непријателски настроен и постојано напаѓа. За овој став, 34 % од испитаниците веруваат дека Западот е непријателски настроен и постојано ги напаѓа исламските култури и држави. Ваквите поделени перцепции се присутни и кај испитаниците во мнозинските целни области, со неколку исклучоци. Имено, само во Булќиза има големо мнозинство (47 %) од испитаниците кои се согласуваат со констатацијата. Од друга страна, овој став е најмалку присутен кај испитаниците на Церик – 24 % од нив се согласуваат, а 45 % не го воспериемаат Западот како непријателски или напаѓач на исламските држави и култури. Пондерирајќи го овој процент на испитаници кои го гледаат Западот како непријателски и напаѓачки во секоја категорија демографија, анализата открива симптоматски наоди. Имено, од родова перспектива – 27,2 % од сите испитанички жени и 38,2 % од сите машки испитаници го делат овој став. Исто така, со тврдењето се согласуваат 31 % - 33 % од сите испитаници од секоја возрасна група од 18, до 35 год., додека овој процент достигнува 38,1 % од испитаниците од 36-40 год., и 35,5 % од испитаниците на возраст од 41-45 години. Нема големи разлики во процентот во образовните групи, додека поддршката за изјавата варира од 32,5 % од сите испитаници со високо образование, 34,5 % од испитаниците со средно образование и 36 % од оние кои имаат завршено до 9-годишно образование. Исто така, 34,2 % од невработените испитаници и 36,2 %

од вработените се согласуваат дека Западот е непријателски настроен и ги напаѓа исламските држави. Единствените значајни разлики во демографските поткатегории на испитаниците се забележани во однос на елементот – религиозност. Речиси половина од испитаниците кои редовно извршуваат верски ритуали и правила, каде 49,3 % се согласуваат со оваа изјава. Помал процент покажуваат испитаниците кои ги практикуваат само главните религиозни елементи (28,8 %). И на крај, само 20,5 % од сите испитаници кои воопшто не ја практикуваат религијата се согласуваат со ставот.

### *17.7. Културолошки фактори кон појавата на верскиот екстремизам*

Листата на фактори рангирани во студијата не е исцрпна. Меѓутоа, во прегледаната литература, овие фактори се одликуваат по нивната клучна улога во овозможувањето на услови за појавата на насилен екстремизам. Колку повеќе од нив се присутни во едно милје, толку е повозможно радикализацијата и верскиот екстремизам да се развијат таму. Понатаму, овие фактори честопати се преклопуваат и се зајакнуваат еден со друг. На пример, факторот кој е идентификуван за потребите на студијата како *исламот под опсада* (опишан подолу како културен фактор) е тесно поврзан со политичките гледишта дека меѓународниот систем е неправеден и дискриминаторски поставен кон исламските земји и верниците и дека муслиманите во одредени области во конфликт се постојано во позиција на угнетување, имено дискриминација и постојано обезвреднување на исламската култура и вредности. Впрочем, Guilain Denoeux и Lynn Carter (2009) откриваат три типа на културни фактори, а кои вклучуваат:

а) Перцепции за нефер континуирани напади на западните земји против муслиманската култура и земји;

б) Перцепции за инвазија и асимилација на традиционалната култура на една земја од странски модернистички влијанија;

в) Проактивни навики на радикални групи за наметнување и ширење на нивната строга верзија и супкултура на исламот над другите традиции и култури.

За да се разбере нивната важност и улога во регионот на државите од Западен Балкан, за потребите на оваа студија беа одбрани два таргет региони: Босна и Албанија. Конкретно за Албанија, овие двигатели се испитани тука врз основа на информациите добиени од: интервјуата со клучните информатори, од анкетите спроведени во осум целни области и од фокус групите.

Во продолжение следува краток опис на овие фактори:

*17.7.1. Исламот под опсада како фактор*

Постои силна корелација меѓу успехот на насилниот екстремизам и гледиштето дека Западот го напаѓа исламот и муслиманите. Поединци кои доживуваат репресија и понижување во секојдневниот живот може да бидат повеќе подложни на високо политизирани и емотивни слики на колеги муслимани кои страдаат во други земји. Ова се преклопува и го зајакнува еден од политичките фактори, имено *перцепцијата дека меѓународниот систем е фундаментално неправеден и непријателски настроен кон муслиманските општества/народи*.

*17.7.2. Пошироки културни закани*

Населението може да согледа поширока културна закана: за традициите, обичаите, вредностите и чувството за колективна или индивидуална чест и достоинство.

*17.7.3. Проактивни верски агенди*

Групите кои ги промовираат овие агенди ќе се обидат да ја наметнат својата верзија на исламот, џихадот, итн. на локалното население, слабеејќи ги традиционалните и поумерените и толерантни верски структури и практики. Ова може да ја постави основата за верскиот екстремизам.

*17.7.4. Посебно за исламот под опсада како фактор за појавата на верскиот екстремизам*

Овој културен двигател е поврзан со перцепциите за континуиран напад за исламот и муслиманите особено од Западот и Соединетите Американски Држави, како и со чувството на: понижување, маргинализација и потчинување на муслиманскиот народ. Чувството на егзистенцијална закана за исламот е поврзано со верувањето дека угнетувањето и неправдите кон муслиманите се дел од сегашниот меѓународен систем. Емпириските студии покажаа дека перцепциите за неправда кон исламот имаат тесна интеракција со можноста за поддршка или вклучување во насилни екстремистички активности.[131] Сепак, според разбирањата на некои луѓе, оваа закана може да дојде од внатре, т.е. од самите муслимански верници кои скршнале од правиот пат (на пр. посилни од социо-економските фактори), а тоа може да се види во смисла на солидарност со муслиманите од другите земји кои се угнетувани. Исто така, според гледиштата на странските борци, заштитата на муслиманските браќа претставува религиозна должност. На крајот, треба да се земе предвид дека овој фактор не е создаден во вакуум. Двајца самопрогласени имами и нивните пет приврзаници се уапсени под обвинение за регрутирање на лица за извршување дела со терористички цели или финансирање тероризам, понатаму: поттикнување, јавен повик и пропаганда за извршување кривични дела со терористички цели, и поттикнување омраза или спорови врз основа на: раса, етничка припадност, сексуална, верска или верска припадност, односно уредбите бр. 231, 232/а и 265 од Кривичниот законик на Албанија. Според обвинителството, имамите биле уапсени под обвинение дека преку верска пропаганда инспирирале над 70 Албанци, следбеници на такфиристичката линија на исламот, да се приклучат во конфликтот. Според пишувањата на медиумите, умметот во џамиите на Уназа е

[131] Christine Fair and Bryan Shepherd, “Research Note: Who Supports Terrorism? Insights from Fourteen Muslim Countries,” Studies in Conflict and Terrorism, Vol. 29, No. 2, December/January 2006.

Ре и Мезез во Тирана беа повикани на џихад и им беше кажано дека учеството во конфликтот ќе им го овозможи рајот во задгробниот свет. На оние што беа подготвени да се приклучат на конфликтот им беше обезбедена финансиска и логистичка поддршка. Радикализираните луѓе, подготвени да се приклучат, или веќе се приклучени во конфликтот, веруваа дека борбите на самопрогласената Исламска држава (ИСИС) беа за заштита на браќата муслимани, кои страдаа и беа неправедно угнетувани. Како што веќе беше дискутирано погоре, чувството за континуирани напади врз исламот промовира и го олеснува донесувањето на екстремни одлуки, како што е вмешаноста во вооружени конфликти за заштита и солидаризирање со муслиманите, за кои се смета дека страдаат од неправди и напади.

Според интервјуираните муслимански свештеници, радикализацијата настанува заради погрешно толкување и погрешно разбирање на религиозната догма. Религиозните текстови (Куран и хадиси) се погрешно протолкувани од самопрогласените имами, кои имаат за цел да манипулираат и да ги индоктринираат другите. Свештениците кои беа вклучени во истражувањето изјавија дека самопрогласените имами и други луѓе се обиделе да проповедаат или проповедале во нивните џамии. Имено, споделен е ставот со интерјуираните лица припадници на свештенството од АИЗ, кога беше изјавено дека *јазикот што го користеа беше збогатен со омраза кон другите религии и земји, а на умметот им се проповедаше меѓународна неправда на муслиманите во другите земји во светот. Покрај тоа, тие апелираа против демократијата, бидејќи, според нив, Бог, а не луѓето, има контрола над сè*. Во некои случаи, локалните водачи на џамиите признаваат дека го протерале и забраниле нивното враќање во џамијата. Од друга страна, соговорниците наведуваат дека многу млади луѓе, со слабо секуларно образование и плитко познавање на исламот, погрешно разбираат делови од религиозната доктрина и лесно стануваат плен за манипулации. Испитаниците од оваа студија објаснуваат дека јазикот што го користат такфиристичките верници е многу тежок против другите религии и за самите имами, како и за другите муслимански верници кои го почитуваат и практикуваат традиционалниот ислам. Некои од интервјуираните признаваат

дека се именувани како мунафици (лицемери) или дури кафир (неверни/неверници) од следбениците на овие редови. Во такви случаи, овие тврдокорни лица категорично одбиваат да разговараат за нивните ставови со други имами на верниците. Имамите не се сметаат за вистински муслимани, а Албанската исламска заедница се смета за предавник и соработник со политиката и западните земји. Меѓутоа, интервјуираните негираат каква било појава на физички конфликти меѓу нив заради разликите во религиозните гледишта.

Огромно мнозинство од испитаниците, било од исламското свештенство или од претставници на институциите и државните службеници, го изразија своето незадоволство од медиумското покривање и третман на овие случаи. Според нив, главната цел на медиумите е да ги „продаваат“ вестите, а не да информираат по професионални стандарди и да ја едуцираат јавноста за феноменот. Според испитаниците, медиумите во Албанија верниците ги доживуваат како: исламофобични, ирационални, дискриминаторски и долеваат масло на огнот со преземање негативна улога во поттикнувањето на предрасудите и омразата. Медиумското известување за овие теми води до предрасуди кон муслиманите и се етикетирани како терористи. Според интервјуираните свештеници, медиумите го прикажуваат исламот како поврзан со тероризмот. Понатаму, некои од нив изјавуваат дека неколку случаи на неправди кон муслиманите не се доволно или воопшто не се пријавени на телевизијата во земјата.

За да се оцени присуството на перцепции за нападите против исламот во земјата, овој дел ги анализира одговорите на испитаниците во осум насочени области во однос на два контролни ставови, и тоа:

а) Западот е непријателски расположен и постојано ги напаѓа исламските држави и култури.

б) Во денешно време е тешко да се биде практикуван верник на исламот во Албанија.

Можноста овие аспекти да ја фаворизираат или стимулираат религиозната радикализација и насилниот екстремизам се оценува врз основа на позитивни одговори за горенаведените две контролни прашања кои се обидуваат да укажат на:

а) Чувството дека исламските земји и култура се неправедно нападнати од Западот;

б) Перцепции за тешкотија да се практикува исламската вера слободно.

Впрочем, сликата што наодите од истражувањето во однос на овој фактор ја даваат е следната: еден од тројца испитаници верува дека Западот е непријателски настроен и постојано ги напаѓа исламските држави и култури, односно 34 % од испитаниците. Спротивен став искажува секој втор испитаник (33 %), додека секој трет интервјуиран бил неодлучен (33 %). Во конкретни бројки, од вкупно 792 луѓе кои прифатиле да одговорат на ова прашање, 269 од нив сметаат дека исламските земји и културата се на удар на Западот. Најголем број на испитаници кои веруваат дека исламските земји и култура се под континуиран напад од Запад, има во Булќиза (47 %) и во регионот Ќендер-Либражд (43 %), додека најмал број на испитаници кои го делат овој став има во Церик (24 %). Повеќето испитаници (54 %) се на мислење дека не е тешко да се биде посветен верник на исламската вероисповед во Албанија. Околу 31 % од испитаниците веруваат дека во денешно време е тешко да се биде посветен верник на исламот во Албанија, при што за споредба овој процент е значително повисок од оној на испитаниците кои веруваат дека во денешно време е тешко да се биде христијански верник кој е посветен на христијанска религија. Најголем број на испитаници кои дале позитивен одговор тука е забележано во Булќиза (48 %), а најмал број од оние со ист став се наоѓаат во Либражд (17 %). Ставот дека *Западот е непријателски настроен и постојано ги напаѓа исламските држави и култури* (34 %) е понагласен кај: машките испитаници (38 % од нив), луѓето на возрасната група 36-40 години (38 %) и оние со 9 или помалку години образование (36 %). Во однос на работниот статус, ова гледиште е посилно кај вработените (36 %). Испитаниците кои суштински се посветени на религијата (49

%) имаат тенденција да веруваат дека западните земји се непријателски настроени и постојано ги напаѓаат исламските земји и култури. Во однос на второто контролно прашање за овој индикатор: *чувството дека во денешно време е тешко да се биде муслиман кој активно ја практикува религијата во Албанија* (32 %) е понагласено кај: машките испитаници (37 % од нив), лицата на возрасната група од 31-35 години (42 %), лицата кои имаат завршено средно образование (34 %) и невработените (33 %). Испитаниците кои се одадени на религијата (51 %) се повеќе склони да одговорат позитивно на ова прашање.

### *17.7.5. Културолошки предизвици во регионален контекст*

Дадено население, популација, секојпат и од секаде може да се соочи шо културна закана од поширок вид, за: традициите, обичаите, вредностите и чувството за колективна или индивидуална чест и достоинство. Главна причина за едно вакво гледиште претставуваат, пред сè, широките процеси на глобализацијата, меѓутоа и рефлексниот карактер на глобализацијата.

Иако верувањето дека исламот е нападнат, го претставува најзначајниот културен двигател на насилниот екстремизам во земјите со претежно муслиманско население, пошироките перцепции за сериозни закани за обичаите и вредностите – и за чувството на лична и колективна чест поврзана со тие вредности – исто така може да игра одлучувачка улога (од кои многу се испреплетени со религијата, може да се изразат во религиозен идиом или може да се бранат преку средства за кои религијата може да обезбеди оправдување). Културната закана се перципира во форма на: дамка, асимилација и губење на локалната култура во туѓи, модерни и западни влијанија. Вековниот племенски кодекс на честа е загрозен од надворешно навлегување. Самата желба да се заштити статус кво, вознемирува, предизвикува насилство, бидејќи длабоко конзервативните поединци и заедници се претвораат во реакционерни радикали. Според Denoeux и Carter (2009), нивната способност за мобилизација произлегува од самите традиции, кои се вградени во мрежи на општествени

односи и линии на комуникација кои ја олеснуваат мобилизацијата. Испитаниците во оваа студија споменаа неколку културни закани, вклучувајќи:

а) Закани што ги чувствуваат традиционалните муслимански верници од влијанија и ширење на линии на радикалниот ислам; реципрочно, следбениците на овие радикални линии ги сметаат традиционалните верници во Албанија како невистински муслимани и соработници на западните земји и култури;

б) Домаќинствата кои следат строги толкувања и радикални линии им забрануваат на нивните млади женски лица да посетуваат училиште уште од рана возраст.

Присуството и размерот на огледите кон заканите за културата и традициите се мерат со помош на истражувањето во осумте целни области.

Оттука, на испитаниците им беше поставено следново контролно прашање: *Општо земено: верата, традицијата и достоинството на мојата верска заедница се под притисок и во постојана закана.*

Можноста дека ова гледиште ја фаворизира или стимулира религиозната радикализација и насилниот екстремизам се оценува врз основа на позитивен одговор за горенаведеното контролно прашање, кое се обидува да го открие мислењето на испитаниците дека културата и традициите на нивната верска заедница се под закана. Како што веќе беше објаснето погоре, емпириските студии докажаа дека таквото чувство предизвикува мобилизација на конзервативни поединци и заедници кои можат радикално да реагираат за да го заштитат статус квото. Имено, во тој контекст, околу 32 % од испитаниците имаат чувство дека: верата, традициите и достоинството на нивната верска заедница се под постојана закана. Повеќето испитаници, или 50 % од нив, не го делат ова мислење. Во однос на специфични области, огледите за закани по културата и традициите на верските локални заедници се најраспространети во регионот Ќендер-Либражд (47 % од испитаниците) и во Булќиза (46 %). Најмала стапка на ширење на оваа перцепција е забележана во Кукс, каде 24 % од испитаниците веруваат во чувството на закана за културата и традициите на нивната верска

заедница. Ставот дека *воопшто: верата, традицијата и достоинството на мојата верска заедница се под притисок и во постојана закана,* е посилна кај: машките испитаници (36 % од нив), лицата на возрасната група 31-35 години (37 %) и оние кои имаат завршено средно образование (38 %). Во однос на работниот статус, оваа перцепција е посилна кај вработените лица (35 %). Испитаниците кои редовно практикуваат верски правила и ритуали (51 %) се повеќе склони да веруваат дека: верата, традициите и достоинството на нивната заедница генерално се под постојана закана.

### *17.7.6. Религиозни агенди со проактивна компонента*

Групите кои ја промовираат оваа агенда ќе се обидат да ја наметнат својата верзија на исламот, џихадот, итн., на локалното население, слабеејќи ги традиционалните и поумерените и толерантни религиозни структури и практики. Ова може да ја постави сцената за насилниот екстремизам.

Појавата на радикални религиозни линии во Албанија е поврзана со присуството (по колапсот на комунизмот) на неколку арапско-исламски организации осомничени за врски или врски со тероризмот и со враќањето на албанските студенти во Албанија по завршувањето на студиите финансирани од овие организации. Испитаниците објаснуваат дека некои од овие студенти, можеби, контактирале или биле под влијание на луѓе кои се познати по нивните радикални религиозни ставови кои го оправдуваат насилниот екстремизам. Воведувањето и ширењето на овие линии беа фаворизирани од недостатокот предизвикан од, и за време на комунистичкиот период во врска со верското проповедање и квалификуваните муслимански свештеници. Според интервјуираните теолози, традиционалниот ислам ја смета религијата како пакт меѓу човекот и Бога и, според тоа, како духовен простор. Во ова верување, силата и принудата немаат место во религијата. Куранот постојано вели дека не постои принуда во верата и дека сите луѓе се слободни да практикуваат која било религија што сакаат. Од времето на пророкот Мухамед, мирот и толеранцијата најдоа место меѓу различни верски групи со почитување на разликите во верата.

Спротивно на ова, идеологијата на радикалните групи се надоврзува на концептот на политичко ограничување на религиозното верување со тоа што одбива да дозволи разлики во верата. Понатаму, тие го оправдуваат употребеното насилство преку тафкиризам, што значи прогласување за кафир (неверник, немуслиман) на шефовите на исламските држави кои се сметаат за недоволно верници. Овој концепт е одбиен од муслиманите и традиционалните групи на исламот, бидејќи се смета дека е отстапување од доктрината.[132] За да го наметнат своето верување на секој, муслиман или немуслиман, екстремистичките идеологии произволно се повикуваат на религиозни списи, игнорирајќи го исламскиот фундаментален принцип на толеранција. Голем број теолози од различни земји тврдат дека: силните говори, повикувањето на Бога и Куранот, повиците за примена на шеријатот и подготвеноста за мачеништво, имаат за цел само да ги доведат младите во заблуда со глупави соништа. Екстремистичките групи одбиваат секаква шанса за компромис, инсистирајќи на својот пат и никаков друг. Радикалните поединци и групи кои станаа екстремистички милитанти наведуваат смртна казна за секој кој размислува поинаку, објави војна и се обидува да ја собори власта што ја сметаат за нелегитимна пред Бога. Овие тврдокорни веруваат дека имаат мисија и порака што треба да ја шират. За таа цел, тие се инфилтрираат во: џамии, центри на верска заедница и добротворни организации каде што со помош на нивните идеи и методи ги индоктринираат луѓето склони да веруваат. Испитаниците изјавија дека таквите тактики се користени во џамиите во неколку таргетирани области на оваа студија. Користејќи манипулации и финансии, тие ги наметнуваат своите ставови за социо-економски слабите заедници. Суштината на нивната манипулација е во погрешното толкување на религиозните писма и создавањето верување кај нивните следбеници за освојување на рајот преку џихад. Можноста и заканата радикалните поединци/групи да преземат проактивна религиозна агенда во Албанија, се оценуваат со анализа на податоците добиени од

[132] http://www.oxfordislamicstudies.com/article/opr/t125/e2319

истражувањето спроведено во осумте целни области на студијата. За таа цел, на испитаниците им беа претставени следните изјави употребени како контролни ставови:

а) Верското проповедање во Албанија треба да биде полиберално и да се прилагодува на современите тенденции.

б) Има поединци кои поддржуваат насилен екстремизам врз верска основа во областа во која живеам.

Поволната основа за преземање проактивна религиозна агенда од страна на радикални поединци и групи се оценува врз основа на негативните одговори на првото контролно прашање (кое се обидува да ги идентификува конзервативните ставови за либералните форми на религиозно проповедање) и позитивните одговори за втората изјава (која се состои во присуство на поединци или групи кои екстремно ја поддржуваат религиозната заедница). Повеќето испитаници признале дека верското проповедање во Албанија треба да биде полиберално и да се прилагодува на современите тенденции (56 %). Сепак, 30 % од испитаниците биле против полибералните проповеди и се приспособени на современите тенденции. Најголем број на испитаници кои се противат на полиберално религиозно проповедање приспособено на современите тенденции е забележано во Церик (46 %), додека најмал е процентот во Либражд (23 %). Впрочем, повеќето испитаници (62 % - 65 %) негираат присуство на радикални религиозни поединци и групи во нивните заедници. Само 9 % и 12 % признаваат присуство на поединци или групи кои поттикнуваат христијански и исламски радикализам, соодветно. Во исто време, бројот на луѓе кои го негираат присуството на поединци или групи на исламски радикализам е поголем од оние испитаници кои го негираат присуството на групи со христијанска радикализирачка агенда. Кога се прави споредба меѓу сите испитани области, најголем број луѓе кои веруваат дека во нивната област поединци или групи поттикнуваат христијански радикализам, има во областа Либражд, и во градот (18,2 %) и во комуната Ќендер-Либражд (15,3 %). Најзначаен број на интервјуирани кои веруваат дека поединци и групи поттикнуваат исламски

радикализам е во Булќиза (21 %). Демографијата на испитаниците кои се посклони да се спротивстават на идејата верското проповедање во Албанија да биде полиберално и приспособено на современите тенденции (30 %) е следна: повеќето од нив се мажи (34 %), лица на возрасна група од 31-35 години (37 %) и оние со средно образование (33 %). Во однос на работниот статус, оваа перцепција е посилна кај вработените лица (32 %). Испитаниците кои практикуваат верски ритуали и правила (54 %) имаат поголема веројатност да не се согласуваат со идејата религиозното проповедање да биде полиберално и приспособено на современите тенденции во Албанија. Во однос на второто контролно прашање за овој двигател, луѓето кои најмногу се склони да веруваат дека во нивната заедница постојат одредени поединци или групи кои поттикнуваат христијански радикализам се: мажи (9,4 % од нив), возрасна група од 36-40 години (12,5 %), личност со 9 или помалку години образование (13 %), вработени (11,3 %). Испитаниците кои најмногу се склони да веруваат дека во нивната заедница постојат одредени поединци или групи кои поттикнуваат исламски радикализам се: мажи (12,4 % од нив), лица на возрасна група од 18-25 години (15 %), испитаници со 9 години или помалку образование (14,7 %), невработени (13,7 %). Ова верување преовладува кај луѓето кои не практикуваат верски правила и ритуали (18 %).

## 18. Потенцијални фактори за насилниот екстремизам карактеристични за регионот на земјите од Западен Балкан

Студијата се приближува кон проценката на факторите на насилниот екстремизам, како и факторите кои ја овозможуваат верска радикализација во регионот, преку методолошка рамка соодветна на контекстот и современата литература. Како што е елаборирано, оваа студија значително навлезе во суштината на проблемот од аспект на рамката за проценка во однос на албанскиот контекст, а со цел да обезбеди релевантност на методолошките инструменти и квалитетот на нивната имплементација. Впрочем, Guilain Denoeux и Lynn Carter (2009) сугерираат дека рамката на двигатели и соодветните

категории не се исцрпни и не можат да ги одразуваат карактеристиките на секое општествено милје. Во оваа насока, се споделуваат регионалните искуства од враќањето на религијата и спротивставување на радикализацијата во период од 25 години, каде се претставени главните карактеристики на прогресот на Албанија за градење на заедницата на верници во изминатите две и пол децении. Во него се елаборирани неколку: предизвици, недостатоци и грижи, иако со ограничена база на извори. Клучните информатори на оваа студија за време на почетната фаза покренаа различни претпоставки и тврдења поврзани со потенцијалното влијание што одредени (минати/тековни) случувања може да го имаат врз верските организации и верската радикализација во Албанија. Почетната фаза на студијата ја потврди релевантноста на овие карактеристики и случувања типични за Албанија и потенцијалното влијание што тие можат да го имаат во контекст на насилниот екстремизам и верската радикализација. Сепак, оценувањето на нивното вистинско влијание врз албанскиот контекст бара докази и податоци кои истражувањето се обврза да ги генерира преку примената на квалитативните инструменти во целните области – интервјуа со клучните информатори и фокус групите. Соодветно на тоа, беше елаборирана нова категорија на потенцијални двигатели на насилниот екстремизам со четири потенцијални фактори кои можат да го овозможат религиозниот насилен екстремизам и радикализација. Истражувањето го третира секој од овие двигатели со квалитативни и квантитативни истражувачки инструменти.

Фактор: Толеранција на нелегални верски институции (легитимитет).

Ставови кон верски институции (или култни објекти, како: џамии, цркви, итн.) кои работат надвор од надлежностите на официјалните верски институции и не се регулирани со соодветно законодавство. Анализата ги разработува импликациите на „толеранцијата кон нелегалните верски институции“ во контекст на религиозната радикализација и насилен екстремизам.

Фактор: Спорна власт на верските институции во Албанија (централно ниво).

Овој индикатор се обидува да го истражи постоењето и степенот на пријавениот јаз меѓу верските власти и свештениците на централно (национално)

ниво и заедниците на верници, како и скриените внатрешни спорови или судири во кои се вклучени свештеници од различни чинови. Анализата ги разработува импликациите на спорниот авторитет во контекст на религиозната радикализација и насилниот екстремизам.

Фактор: Отсуство на влијание од локалното свештенство.

Улогата на локалните свештеници е особено важна за спречување на религиозната радикализација и насилниот екстремизам. Тие се во постојан секојдневен контакт со членовите на верската заедница. Понатаму, тие (треба да) претставуваат фокусна точка за посредување во контактите и решавање на грижите на верниците во соработка со другите засегнати страни.

Анализата ги разработува импликациите на овој фактор во контекст на религиозната радикализација и насилниот екстремизам.

Фактор: Степен на подготвеност кај локалното свештенство.

Одговарањето на радикалните религиозни догми/идеологии и облиците на религиозно насилниот екстремизам бара добро ниво на теолошка позадина и образование на свештениците, особено оние кои се во постојани контакти со заедницата на верници.

Анализата ги разработува импликациите на подготвеноста на локални свештеници и нивниот настап во контекст на религиозната радикализација и насилниот екстремизам.

Подробно во продолжение:

### *18.1. Толерантност кон илегалните верски институции*

Овој фактор подразбира ставови кон верски институции (или културни објекти, како: џамии, цркви, итн.) кои работат надвор од надлежностите на официјалните верски институции и не се регулирани со соодветно законодавство.

Неформалните области и дивоградбите или другите градежни работи го придружуваа дискурсот и реалноста на посткомунистичкиот период во регионот

во последните 25 години. Легализацијата на таквите неформални области и дивоградбите, од кои најчесто станбени, е прашање околу кое политичките партии во земјата развија изборни ветувања и привлекуваа гласови, особено во периферијата на урбаните средини. Но, дури во последните години се информира јавната дебата за, таканаречените, нелегални верски објекти кои се градени од поединци и групи верници најчесто со странски финансиски средства.

Дополнително, друга околност што индиректно влијаеше во оваа насока е и долгата потрага по реституција или компензација за култни објекти, како: џамии, цркви и текии, а кои се конфискувани или уништени од комунистичкиот режим помеѓу 1967 и 1990 година. Многу од извештаите на медиумите во последните три години често пати ги споменуваат илегалните џамии како извор на верски екстремизам. Истата перцепција се среќава со поднесената работа, а особено во интервјуата со клучни информатори од државните институции на локално ниво кои не пријавиле никаква активност или интерес од соодветната институција за справување со проблемите со верската радикализација и насилниот екстремизам, на пример: локалните власти, социјалните служби или образовните инспекторати. Понатаму, многу од нив го обвинуваат недостатокот на дејствија на исламската заедница против таквите џамии и неактивноста на безбедносните и другите институции да ги забранат. Сепак, иако е важно да се подвлече дека најчесто таквите нелегални верски објекти не го признаваат, а некои сè уште не го признаваат, авторитетот на исламска заедница, главната грижа често се однесува на овие верници.

Во интервју со албанското свештенство, студијата го доби овој став:

*Забранувањето на овие џамии и гонењето на нивните свештеници е најлесната задача. Сепак, треба да се праша: што направивме или постигнавме со тоа? Тоа само ќе ги влоши работите бидејќи умметот во овие нелегални институции сосема ќе се сврти против: исламската заедница, нашите свештеници и државата, па дури и против нашите муслимански верници во правниот систем на џамиите. Ние не го сакаме тоа, напротив ние сакаме овие заедници на верници, иако мали, да бидат интегрирани со албанската умма*.

Бидејќи регионалната управа ја подигна јавната свест и државните агенции презедоа конкретни чекори за борба против феноменот на дивоградба во текот на изминатата година, студијата го разгледува овој фактор преку мапирање на нивото на толеранција на испитаниците во истражувањето кон нелегалните верски објекти. Имено, преку спроведената анкета испитаниците беа прашани дали се согласуваат со следниот став: *Верските објекти (цркви, џамии, итн.) изградени без дозвола на соодветните верски заедници треба да бидат забранети.*

Повеќе од 50 % од испитаниците во секоја целна област се согласуваат со оваа изјава, освен испитаниците од Поградец – повеќето (38 %) не се согласуваат, а 33 % се согласуваат. Најголемиот дел од таквата поддршка за изјавата е идентификуван во Церик, 75 % од анкетираните испитаници веруваат дека верските објекти (цркви, џамии, итн.) изградени без дозвола на соодветните верски заедници треба да бидат забранети. Овој став го делат повеќе од 50 % од испитаниците во сите поткатегории на демографијата. Општо земено, оваа изјава е поддржана од 60 % до 70 % од следните поткатегории на демографијата: женски испитаници (60,4 % од нив), возрасни групи од 36-40 години (64,7 %) (64,7 %) (61,7 %) (61,7 %). 60,3 % од невработените испитаници и 60,4 % од испитаниците со завршено средно образование – гимназија. Што е најважно, нема големи разлики во поддршката на оваа изјава во рамките на трите поткатегории на карактеристиката практикување религија. Имено, овој став го поддржуваат 56,4 % од испитаниците кои редовно ја практикуваат религијата, 57,1 % од оние кои ги практикуваат главните ритуали и 56,1 % од испитаниците кои воопшто не ја практикуваат религијата. Испитаниците кои не ја практикуваат религијата покажуваат најголем процент (30,7 %) на несогласување со изјавата. Други поткатегории на испитаници, каде процентот на несогласување со изјавата е над просекот од 28 % од општиот примерок, опфаќа: испитаници од машки пол (32,1 %), возрасни групи од 26-30 години и 31-23 години (32,9 %) (32,9 %), со завршено најмногу 9-годишно образование (29,6 %). Многу учесници во дискусиите во фокус групите, спроведени во рамките на оваа студија, ја објаснуваат толеранцијата кон нелегалните култни објекти токму со фактот дека

овие објекти ги посетуваат верници кои ја практикуваат својата вера и затоа државата и исламската заедница треба да најдат алтернативи за нивно интегрирање. Сепак, малкумина од нив не се согласуваат во однос на свештениците на овие нелегални објекти, во однос на процесуирањето на овие нелегални свештеници кои практикуваат конзервативен ислам како последна опција. Имено, исламската заедница мора да развие комуникациски канали и средства за нивно дерадикализирање.

### *18.2. Спорна управа во верските институции на централно ниво*

Значителен број од клучните информатори за време на почетната фаза на оваа студија изразија загриженост за континуираните скриени разлики во исламските заедници и нејзините можни импликации во контекст на религиозната радикализација и насилен екстремизам во регионот.

Разликите кои, наводно, произлегуваат од различноста на теолошкото образование на свештениците во различни странски земји, се наведува дека се фокусирани на контролата и влијанието врз чиновите во институцијата – исламска заедница. Додека таквите скриени внатрешни несогласувања се негирани (или нивната важност е потценета) од официјалните лица на исламската заедница, локалните свештеници на исламската заедница во некои од целните области ја потврдуваат оваа загриженост. Дополнително, скриените несогласувања се пријавени и од други клучни информатори со седиште во Тирана, од нерелигиозни институции кои известуваат за интерес и искуство во дискурсот во земјата за верските заедници. Без никакви предрасуди за содржината на овие внатрешни спорови, почетната фаза на оваа студија сугерира дека е важно да се утврди нивната: релевантност, обем и нивниот потенцијал да генерира јаз меѓу верските власти (високи свештеници) и заедниците на верници или да доведе до спорна власт на верските институции коишто групите на насилниот екстремизам може да ги користат за да добијат поддршка (како во минатото). Денешните нелегални џамии се сведоштво за овој пример, додека несогласувањата меѓу различните фракции доведоа до тоа групи

свештеници да го оспорат авторитетот на исламската заедница. Сепак, други клучни информатори тврдат дека внатрешните дивергенции секако се потенцијален фактор кој може да овозможи услови за групите на насилниот екстремизам, но ефектите не се преведуваат многу меѓу членовите на исламската заедница. Овие разидувања често се ограничени на внатрешната организација и структурите на исламската заедница. Со цел да се испитаат наводите и често спротивставените позиции на клучните информатори за тоа дали внатрешните разлики се преточиле меѓу умметот, истражувањето ја разгледува поддршката што централната власт на исламската заедница ја ужива меѓу испитаниците, а особено меѓу заедницата на муслиманските верници во целните области. Впрочем, примерокот од анкетата суштествено е дизајниран да опфати 50 % муслимански верници кои практикуваат религија и преостанатите 50 % случајно избрани граѓани во целните области. Меѓутоа, со оглед на доминацијата на муслиманската заедница во овие области, целокупниот примерок е во голема мера составен од испитаници кои ја пријавиле оваа верска припадност. Поточно, 88 % од испитаниците кои одговориле на контролната изјава за овој фактор на насилниот екстремизам пријавиле муслиман како нивна религиозна деноминација, 5,5 % бектеши, 2,6 % православни, 1 % католици, а останатите испитаници пријавиле друга или никаква религиозна припадност. Според тоа, со оглед на големиот процент, наодите може да бидат индикативни за исламската заедница. Контролната изјава каде што анкетата ги прашува испитаниците дали се согласуваат за да се испита овој индикатор, гласи: Позициите/ставовите на претседавачот на мојата верска заедница (во Тирана) уживаат целосна поддршка на верниците во областа каде што живеам. Имено, 11 % од испитаниците веруваат дека претседавачот на нивната религиозна заедница не ужива поддршка од верниците. Процентот на испитаници кои го делат истиот став е под овој просек во Перењас (3 %), Кукс (8 %) и општина Бучимас (9 %). Од друга страна, најголем број на испитаници кои веруваат дека претседавачот на нивната религиозна заедница ужива целосна поддршка од верниците, се идентификувани во Либражд (66 %). Демографската анализа на испитаниците кои не веруваат дека претседавачот со нивната верска заедница

ужива поддршка од локалните верници покажува мали несовпаѓања во различни поткатегории на демографијата. Меѓу 8 % и 12 % од испитаниците во повеќето поткатегории на демографијата на испитаниците (на пример: пол, работен статус, образование и возрасни групи) го делат овој став. Само неколку исклучоци кои се одвојуваат од овој просечен тренд се забележани како што следува: 16 % од испитаниците на возраст од 26-30 години, 16 % од оние на возраст од 36-40 години и 14 % од испитаниците кои воопшто не ја практикуваат религијата, веруваат дека локалните верници не ги поддржуваат позициите или ставот на претседавачот на нивната религиозна заедница. Забележани се поголеми несовпаѓања во демографските поткатегории во однос на поддршката на оваа изјава. За повеќето поткатегории (пол, образование, возрасни групи, работен статус и практикување религија), процентот на испитаници кои ја поддржуваат изјавата е помал од 50 % од сите испитаници во соодветната поткатегорија. Сепак, неколку од демографските поткатегории забележуваат исклучок, додека поддршката за оваа изјава претставува значителна тежина во нив, и тоа: 56 % од сите машки испитаници, 64,5 % од сите испитаници на возраст од 41 до 45 години, 62,2 % од испитаниците со до деветгодишно образование и 52,3 % од испитаниците со завршено деветгодишно образование и 52,3 % од оние со завршено средно образование, 8 %, 55 % од оние со средно образование, оние кои редовно практикуваат религија и 54,2 % од испитаниците кои ги практикуваат само главните верски ритуали. Како што покажува анализата во следниот дел, слични тенденции се забележани и во однос на локалните свештеници и нивното влијание меѓу религиозните верници како што го перципираат испитаниците. Понатаму, иако неколку учесници во дискусиите на фокус групите го признаа постоењето на несогласувања помеѓу локалните свештеници и властите на АИЗ на централно ниво, фокус групите не потврдија дека таквите разлики се преточиле меѓу умметот.

### *18.3. Влијанието на локалното свештенство*

Улогата на локалните свештеници е особено важна за спречување на религиозната радикализација и насилен екстремизам. Тие се во постојан секојдневен контакт со членовите на верската заедница. Понатаму, тие треба да претставуваат фокусна точка за посредување во контактите и решавање на грижите на верниците во соработка со другите засегнати страни.

Индексот на граѓанското општество за Албанија (2010) сугерира дека мнозинството Албанци (59,1 %) не се сметаат себеси за религиозни луѓе.[133] Иако нема официјални податоци за процентот на граѓани кои редовно ја практикуваат својата вера во религиозни институции (џамии, цркви), различни анкети известуваат дека ова е прилично мала заедница. Локалните свештеници играат важна улога во развојот и проширувањето на нивните религиозни заедници. За да бидат успешни во овој поглед, а исто така и влијателни меѓу верниците, многу од клучните информатори на оваа студија тврдат дека профилот на локалните свештеници мора да комбинира вештини што произлегуваат од: солидно религиозно образование, комуникација, доверба и отвореност. Ваквите вештини и нивото на влијание меѓу верските заедници се од суштинско значење, меѓу другото, за да се обезбеди активна улога на локалните свештеници во одговорот и спречувањето на религиозните девијации. Општо земено, свештениците на АИЗ на локално ниво тврдат дека: религиозното незнаење, ниското ниво на образование и изолацијата, се главните причини зошто групите на екстремистички настроени лица успеале да ги манипулираат граѓаните во земјата и да ги регрутираат како странски борци. Иако локалните свештеници не ги исклучуваат економските причини или ветувањата за подобар живот, повеќето веруваат дека тие не се доминантен фактор. Сепак, анкетираните граѓани генерално ги наведуваат истите три главни причини, но во обратен редослед. Таквата перцепција многу: свештеници, експерти и други клучни информатори, ја

---

[133] Само 33,3 % се сметаат себеси позитивни тука и други 7,6 % се изјасниле за атеисти. Според истата студија, највиско ниво со толеранција кон луѓе со поинаква верска определба (90,4 %) би прифатиле соседи со поинаква верска определба. Civil Society Index (CSI) for Albania, IDM 2010 pp.24 and 38 (CIVICUS 2nd wave of CSI). Source: http://www.civicus.org/images/stories/csi/csi_phase2/ csi%20albania%20acr_eng.pdf

објаснуваат со влијанието на медиумите кои не успеале да обезбедат сеопфатни и информирани сознанија за феноменот на пошироката јавност. Ова сугерира дека сè уште има многу простор за подобрување не само за градење отпорни верски заедници, туку и за зајакнување на врските и комуникацијата меѓу свештениците и нивните заедници. Затоа е потребно да се развива и во насока на соработка со државните институции кои честопати не покажуваат соодветно разбирање за грижите на умметот. Многу од клучните информатори и учесниците во фокус групите на локално ниво известуваат дека активностите на безбедносните институции може да бидат контрапродуктивни – тие може да се сфатат како малтретирање од страна на членовите на уммата. Всушност, за првпат во 2013 година, Индексот за владини ограничувања (GRI) на истражувачкиот центар Пју (Pew), известува за ограничено малтретирање или заплашување на религиозни групи од кое било ниво на власт или за настани на физичко насилство.[134] Клучните информатори од АИЗ на локално ниво сугерираат дека постои потреба од обуки на имами, особено за тоа како да се справат со религиозните девијации. Младите, денес, имаат пристап до различни извори на информации преку интернет, но не сите овие извори даваат соодветни религиозни сознанија. Затоа, имамите мора да развијат вештини за работа со млади и ранливи групи, но исто така, и почесто да разменуваат информации со: институции на локално ниво, училишта, локални самоуправи, итн. Колку е поблизок имамот со проблемите и грижите на уммата, толку е повлијателен од верниците и од другите засегнати страни во локалната заедница. За да се

